KIII 664

Универзитет Свети Кирил и Медтодиј

Филозофски Факултет

Институт за Историја

# Република Македонија во 2001 година

# низ призма на меѓуетничките односи

**Кандидат:**

**Иван Гргас**

**Ментор:**

**проф.др Виолета Ачкоска**

СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

Скопје,2015

## Вовед

Со распадот на југословенскта федерација нејзините бивши републики на различен начин ја постигнаа својата независност,отцепувајќи се од истата.Словенија,Босна и Херцеговина и Хрватска својата независност ја постигнаа низ ветриштата на војната,(која беше братоубиствена) низ масакри и рушење низ нивните територии.Македонија својата транзиција ја помина мирно. Таа мирнодопски се одвои од останатите заедници на СФРЈ,благодарение на присебната политика на тогашната влада,која на 8-ми септември 1991 година со референдум прогласува независност и осамостојување на Република Македонија. Се повикуваат сите политички партии за да гласаат на референдумот.На овој повик не се огласија само партиите од албанската националност, со образложение дека се обесправен народ уште од времето на завршувањето на Втората светска војна, кога не добиле своја Република во заедницата со другите народи во СФРЈ,добивајќи само ограничена автономија[1].

Тоа незадоволство станува се поголемо,така да со текот на времето нивниот револт почнуваат да го изразуваат преку демонстрации каде во нивните барања го ставаат акцентот за јазикот и нивните национални симболи.

Со појавата на првиот плурализам Социјалистичка Југославија сеуште продолжува да се распаѓа,а во склоп на тоа Собранието на Косово на 2-август 1990 г. прогласува "Уставна декларација за независност",а на 26-30 Септември 1991 г.на референдум косоварите се изјаснуваат за независна и суверена држава,со прв председател Ибрахим Ругова.Сето ова е проследено со полициски интервенции,многубројни убиства и терор како врз српското така и на албанското население.На сцена се појавува Ослободителната војска на Косово[2].Наскоро се водат борби низ целата територија на Косово за "ослободување од

[1] http: //Zekirija-Rexhepi-"Опчествено-политички настани кај албанците во Македонија 1990-2001г.

[2]Се појавува официално во ноември 1997г.

српската тортура и терор"[3],потпомогната од меѓународната заедница.Под водство на Слободан Милошевиќ и српско националистичките кругови,со својата хегемонистичка политика,која била присутна и помеѓу двете светски војни, се забрзува распадот на Социјалистичка Југославија.Според албанските извори тоа допринесува до поголемо угнетување на албанскиот народ,како во поранешна СФРЈ,така и во Социјалистичка Југославија.

Целото тоа незадоволство што се случувало на Косово,пропратено е и во Р.Македонија.Новите албански политички сили,кои се создале во периодот на осамостојувањето на Македонија,дадоа отпор кон создавање на македонска национална држава.Овие нови политички сили не се огласија на референдумот за осамостојување на Македонија,а албанското население не го даде својот глас на демократски начин.

Албанското население во Р.Македонија се најголемото етничко малцинство кој е населено во северозападниот дел на Македонија,во областите на тетовско,гостиварско,Дебар, Кичево,Куманово и дел во Скопје.Благодарение на големиот природен прираст нивниот број постојано се зголемува,а процентот на застапеност на албанскиот етникум во Македонија според албанските политички партии изнесува околу 30%,а според македонскиот политички блок тие се нешто помалку од 20%.

Покрај тоа што албанското население не излезе на овој референдум, Македонија според добиените резултати, прогласи независност и се дефинира како независна суверена,демократска и социјална држава на македонскиот народ,кој ја води експертска влада на чело со Никола Кљусев како премиер[4].Набрзо по падот на оваа влада доаѓа на власт СДСМ[5], во чиј состав, како коалиционен партнер, влегла партијата на Демократски просперитет на Албанците.Во текот на годините по осамостојувањето Албанците постојано го искажувале својот револт и постојано преземале потези со кој се обидувале да ја постигнат својата цел.Во остварување на нивните намери,тие ги преземаат следните чекори:во 1994 г. да се основа Тетовскиот универзитет на албански јазик кој не е признаен од властите се до 2004г. Албанците[6] стануваат се понезадоволни и постојано ги прошируваат своите барања за нивните права иако ги уживале истите како национално малцинство по европската конвенција за национални малцинства.Нивниот револт е потпомогнат од албанската држава која тврди дека Уставот на Р. Македонија ги ограничува правата на Албанците,со кое тврдење, Албанија директно се меша во внатрешните работи на земјата. Хронолошки настаните по осамостојувањето што се

[3] Против српската војска и полиција
[4] Председател на Р Македонија тогаш е г-н Киро Глигоров
[5] Социјал Демократски Сојуз на Македонија
[6] http://tolerancija.kauza.mk/Vloseni megjuetmicki odnosi vo Makedonija

случуваат,а се предизвикани од страна на албанскиот фактор само ја усложнуваат се повеќе ситуацијата и водат кон конфликтот во Македонија:така тоа е протестот во Тетово со барање за независност на западниот регион од земјата населен претежно со албанска популација;бојкотирање на специјалната седницата од страна на албанскиот блок кога е прогласена независност на Македонија;одржувањето на референдумот за автономија на западниот дел населен со албанско население;протестот во Скопје од Албанците со барање од Меѓународната заедница да не ја признае Македонија за самостојна држава;со отварањето на нелегалниот универзитет со кој се предизвикал револт кај македонските студенти и средношколци низ целата земја;истакнувањето на албанското знаме на општинските згради во Тетово и Гостивар,кога предизвикале судир со полицијата, каде загинуваат тројца албански цивили;контролата на "Бит Пазар" за шверцувана роба и цигари од страна на полицијата,а албанскиот блок тоа сака да го прикаже дека се прави со политичка позадина;бомардирањето од страна на НАТО врз цели во С.Р Југославија кога предизвикало поголеми тензии во Македонија заради големиот наплив на бегалци кои доаѓале од Косово од кризните жаришта.

Реформистичките партии од албанскиот блок,во време на косовската криза, навидум соработуваат со властите во Македонија,се додека таа трае .За возврат расте недовербата на македонското население кој е сведок на 360 000 бегалци од Косово.Тешката материјална ситуација во која се наоѓа и самата Македонија, е приморана по сите меѓународни стандарди да им создаде услови на бегалците и да издвои шеесет милиони долари за нивно згрижување,а со тоа и сиромаштијата се повеќе да расте во земјата.Незадоволството на македонското население се зголемува и од фактот дека се повеќе бегалци, посебно од албанска националност, добиваат државјанство со што повеќе се зголемува недовербата кон нив, бидејќи се плашеле да не се наруши демографската слика на земјата.Тешката материјална состојба на населението,како и економските санкции на НАТО кон СР Југославија,која била главен трговски партнер на Македонија, уште повеќе ја осиромашува економијата во земјата,сиромаштијата е се поприсутна,социјалните разлики се поголеми,а сето ова предизвикува поголема етничка и верска нетрпеливост.Така косовската криза постепено се слева во Македонија и опасноста од тамошниот конфликт да се прелее и во земјата е се пореална.Албанските терористи почнуваат обука и на македонската територија.ОНА добива подршка од Косово, Албанија и албанската заедница во Македонија и дијаспората.Членовите на ОНА воглавном биле поранешни борци на ОВК,наоружани со лесно пешадиско оружје и герилски стил на војување.Македонските власти иако предупредувани од некои западни разузнавачки служби,се правеле глуви на овие предупредувања под изговор дека станува збор за мали криминални, сепаратистички групи-терористи,додека пак Албанците од Македонија се повеќе ги сметале за ослободителна армија.ОНА,со време, добива

политичка подршка и од многу западни земји,па на македонските власти им било тешко да се справат со тоа,со што дозволиле кризата повеќе да зема замав и да ескалира,а недовербата и омразата помеѓу двата ентитета да расте се повеќе.

Се почнува со Танушевци и скандалот со А1 телевизија,кога на македонската јавност им била ставена на увид заслепеноста на македонската влада за ситуацијата во земјата,па често се поставувало прашањето дали таа стварно немала слух за настаните или пак морала да постапува така поради притисокот на западот кои ги "подржуваа" тие групи на терористи.Незадоволството расте така да се прошируваат немирите на цела територија на земјата,кога започнува на територијата со мнозинство албанско население да се врши етничко чистење на неалбанското население ,посебно во Тетово,скопско и Куманово,а пак во Битола,Прилеп и Скопје од страна на македонските револтирани граѓани биле кршени и палени дуќани на албански сопственици.

Корените на овие незадоволства,како што рековме беа уште од времето на СФРЈ каде Албанците се сметаа маргинализирани, според албанските извори дискриминиран народ.Кога новата македонска држава била формирана врз македонскиот национален концепт,а според албанските[7]политичари сите политички понуди за "историски договор" биле игнорирани од македонскиот политички блок, доведува до причината за вооружениот конфликт во Македонија.

Само еден момент кога била косовската криза,имало релативизирани меѓуетнички односи за што и укажува и англискиот амбасадор во Македонија во тоа време г-н М. Дикинсон и други дипломати кои ја посетувале Македонија.

Замислата за голема Албанија не се откажуваат албанските радикали,па секој настан го користат во рамките на нивната тактика:така се користат спортските натпревари и разни собири за да ја искажат својата нетрпеливост кон неалбанското население, како и цртајќи разни графити и пароли со навредлива антимакедонска содржина.Тоа се случувало и од македонската страна, да реагираат националистички на нивните провокации со слични содржини,па често пати биле предизвикувани масовни тепачки со националистичка позадина.Така меѓуетничките односи стануваат играчка во рацете на политичарите кои работат за своите интереси,а под наводници дека тоа го прават за доброто на народот,кој всушност ја плаќал цената на нивните игри.

[7] http://zekirija Rexhepi



СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

## 1, Положбата на Албанците во НРМ/СРМ

Антифашистичкото движење после Втората светска војна презема акции со кој би се запреле неделата на албанските банди во Западна Македонија[8].На овие акции се спротивставиле дури и оние Албанци кои учествувале во НОБ и биле исто задоени како и другите, дека западните делови треба да бидат припоени кон Албанија.Ова ни укажува дека уште во тоа време повеќето македонски Албанци биле задоени со идејата за Голема Албанија.Овие радикали кои го тероризирале населението во Западна Македонија го создаваат првото впечатливо недоразбирање и недоверба меѓу двата етникума во Македонија.

Новата комунистичка влада прашањето за " Обединета Албанија " во разни прилики,на разни начини почнала да го користи во свои интереси.После завршувњето на војната односите помеѓу новосоздадената Авнојска Југославија и Албанија се доста добри,така да во тоа време Тито и другите земји од Источниот блок настојувале Албанија да го заземе статусот на земја која се борела против Фашизмот.Ова донекаде ги покрива трагите на злоделата на албанските банди и се чини како да биле заборавени.Кога Југославија се спротивставува на политиката на СССР,па нивните односи се влошуваат,председателот на Албанија почнува да го користи националистичкото и шовинистичко однесување кон југословенската политика.Тој на секој начин со подбуцнување на албанското население во НФРЈ сака да го насочи против државата во која живеат.Почнуваат преселби на македонски Албанци во Албанија,повлекување на учителите кои биле донесени во Македонија во проектот културна размена,а пак македонските учители кои учествувале во размената и биле во Албанија се протерани назад во Македонија.Ваквите односи ги враќаат сеќавањата за немилите настани за време на војната кај македонското население, па неможи македонскиот народ да ја заживее идејата за надминување на недоразбирањата и национално помирување.Тогашната власт давала се од себе ова помирување да се оствари, но тоа одело доста тешко,за да не се создаде поголем јазол тогашната власт станувала се попустлива кон муслиманското население особено кон албанското малцинство.

[8] Братство и Единство 1944-1974 година помеѓу хармонија и дисхармонија,Виолета Ачкоска,Институт за национална историја,Скопје стр.245-268

Попустливоста води кон тоа да им се дозволи на малцинствата да се образуваат на нивниот мајчин јазик,што пак ги потикнува некои Македонци да се спротивстават на тоа,мислејќи дека секое малцинство си има матична држава, па ако сака да се образува на својот јазик ,да оди таму.Почнуваат и првите промени во бројноста на албанското население во Македонија,благодарение на природниот прираст на албанскиот етникум, со повеќе детни фамилии и миграцијата на Албанци од другите краишта на просторот на Југославија,посебно од Косово,Санџак,Јужна Србија и Црна Гора.Почнува да се менува етничката структура на поедини села, па и градови во Македонија.Населението од селата со Македонци,каде се доселиле Албанците од другите краишта на југословенскиот простор ги наведува да мигрираат во градовите. Оваа миграција е зголемена со донесување на законот за колективизација на селата и уништувањето на козите во Македонија кој биле главен извор на опстанок за повеќе селски фамилии во тоа време.Така Албанците почнуваат да ги запоседнуваат најплодните земјишта кои се наоѓале околу селата.Почнува драстично да расте бројот на муслиманско население во Македонија,освен во периодот во педесетите години на XX век, кога има иселување на турското[9] население од Македонија.При оваа преселба се иселиле извесен број на албански фамилии, но не многу бидејќи тогашната турска влада го лимитирала иселувањето само за оние лица кои го владееле турскиот јазик.Меѓу иселените муслимани во Турција имало и не така мал број на исламизирани Македонци.

Кон ова иселување придонеле повеќе фактори:како прво-политиката за еманципирање на муслиманската жена,која била неприфатлива за многу од муслиманите,посебно оние во селата кои ја доживувале дури за навредлива.Како второ национализацијата на земјата и имотот после војната,оставила многумина без земја и имот така да нивниот живот станува тежок и неподнослив,посебно биле обележани како "империјалисти"Турците, каде нивната матична држава не се вбројувала во комунистичкиот блок. Политиката на тогашната влада во Македонија била поблага кон албанското население,поради фактот што Албанија се сметала за комунистичка земја.Затоа многу често напуштените имоти[10] на турското население ги завземале Албанци.Се правеле многу истражувања за промените на етничкиот состав во Македонија ,па од доле наведената табела можиме да ги видиме промените кои настанале во етничкиот состав во периодот од 1953-1981г.

[9] Од 1952-1959 година од НРМ се иселиле околу 143.800 лица во Турција

[10] Исељавање турског становништва из Македоније,гласник српског географског друштва,свеска XXXV/1,Београд 1955,стр.161

**Табела1.Ова се промени на етничкиот состав на населението во НР Македонија во периодот од 1953-1981година[11]**

| | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | 860.699 (66,0%) | 1.000.854 (71,2%) | 1.142.375 (69,3%) | 1.279.323 (67,0%) |
| Албанци | 162.524 (12,5%) | 183.108 (13,0%) | 279.879 (17,0%) | 377.208 (19,8%) |
| Турци | 203.938 (15,6%) | 131.481 (9,4%) | 108.552 (6,6%) | 86.591 (4,5%) |
| Срби | 35.112 (2,7%) | 42.728 (3,0%) | 46.465 (2,8%) | 44.468 (2,3%) |

Од наведената табела можеме да видиме како процентот на албанската популација од година во година се зголемува,а додека на македонското население и останатите малцинства ,кои живеат во Македонија ,постепено процентот на нивната застапеност опаѓа.Најголем процент на Македонци во својата матична држава има во 1961г според податоците од пописот,а најмал процент на Албанци во 1953г.кога се застапени со 12,5% од вкупното население во земјата.После таа година нивниот процент се зголемува драстично од причини кои веќе ги наведовме. Уште од тоа време, Албанците како најбројно малцинство во Македонија,врши присилна асимилација на Македонците муслимани и Турците,следејќи ја политиката што ја спровело Османлиското царство,а тие го продолжиле и по Втората светска војна.Албанизирањето на презимињата на македонските муслимани,тогашната власт како да не го приметувала,воведувањето на албанскиот јазик како мајчин и на неалбанското население,посебно на турското население во гостиварско (каде не се отварале паралелки на турски јазик) исто така владата не сакала да забележи. Сепак и покрај големиот вложен напор на албанските фанатици да албанизираат поголем број на исламизирани Македонци , не успеала во голем број да ги асимилираат поради нивниот отпор.

Еманципацијата на жената Албанка не одело лесно.Иако на Албанците им е дозволено да учат на свој мајчин јазик,описменувањето на популацијата тешко се реализирала.Првите описменувања ги вршеле самите оџи и учители(единствен учен кадар) од Албанија задоени со идеите за Голема Албанија,кој пак почнувале да ги шират идеите за истата во

[11] Виолета Ачкоска,Братството и единството 1944-1974 помеѓу хармонија и дисхармонија,Институт за национална историја(ИНИ)-Скопје,261.

тогашните училишта наречени Медреси,но и проповедале против описменувањето на жената Албанка.

Се отвара првото училиште на албански јазик во Тетово 1950г.кој е наречено “Лирија” и кој требало да даде кадри(затоа што сејавил голем дефицит на албански учители) кои ќе ја продолжи работата на описменување на протераниот кадар од Албанија со резолуцијата.Покрај јазикот на кој учеле и се образувале, на малцинствата им било овозможено слободно да ја изразуваат својата национална припадност преку електронски и пишани медиуми на мајчин јазик,а во 1967г Македонската радио телевизија[12] почнала да емитува програма на албански јазик, наменета за албанското малцинство.Најголем проблем во отварањето на стручни средни паралелки кои би се образовале на албански јазик, бил недостатокот на стручен наставен кадар кој го познавал соодветниот јазик на малцинствата со која би се изведувала наставата.[13]

Албанските радикали никогаш не мирувале.Тие и покрај дадените права што ги имале како малцинство се уште не биле задоволни,па така во 1968г. и 1981г. предизвикуваат немири каде се барало припојување на оние делови со албанско мнозинско население кон САП Косово,а тоа да добие статус на Република во рамките на југословенската федерација.Овие радикали почнале да сеат страв и несигурност кај македонското население.Државата се обидувала да се соочи со новонастанатата ситуација и да го запре иредентизмот кај албанското население.Една таква мерка е донесувањето закон со кој се забранува продажба на имот во западниот дел на Македонија,со кој закон државата се обидела да го спречи купувањето на имотите на Македонците од страна на Албанците.Друг механизам на државата е и донесувањето на законот за верска настава[14],како и резолуцијата за популациона политика,со цел да се стави крај на демографскиот експанзионизам[15].Со зголемувањето на бројот на албанската популација во Македонија се вршело и зголемување на бројот на паралелките на албански јазик.Законот во 1984г. децидно укажува дека може да се отворат нови паралелки на албански јазик, доколку паралелката има над 30 ученици и ако има кадар кој ќе ја изведува наставата.

---

[12] МРТВ-македонски национален сервис

[13] Во 1961-1962 година се отвараат педагошки паралелки во гимназијата “Кирил Пејчиновиќ” во Тетово, каде се профилира стручен наставен кадар со кој би се вршело образованието на малцинствата.

[14] Со овој закон се забранува присуство на деца под 15г, на организирана верска настава

[15] Владимир Ортаковски,Меѓународна положба на малцинствата,Б.М.Б.Г,331

## 1.1 Верскиот фактор и односот на малцинствата од муслиманска вероисповед во СфРЈ

Авнојска Југославија не се залагала само за рамноправен статус на сите народи кои влегувале во нејзиниот состав туку и за малцинствата кои живееле на нејзините простори.Воопшто сите Републики меѓу кои и Македонија се залагале и вложувале напор за описменување на целата популацијата, за подобрување на меѓуетничките односи, како и за деструкција на верскиот фанатизам кој владеел посебно во тоа време.Најболен проблем со кој државата требало да се справи била еманципацијата и образованието на женскиот дел од муслиманската популација.Вековната традиција во која жената немала никакви права и служела само за раѓање на деца и нивно одгледување,муслиманите описменувањето го доживувале како атак врз нивната традиција и вера,бидејќи тие дотогаш ретко ги пуштале женските деца во училиште, под влијание на нивните оџи.За да проблемот не ескалира властите дозволиле доброволно да биде образованието.Сепак следен чекор власта што направила е што ангажирала женски наставнички кадар од турска и албанска националност во училиштата.Во шеесетите години тогашниот прв човек на македонската влада смета дека било потребно,цитирам "севкупна континуирана активност на просветен,културен забавен и др.план зошто ако ние сега поведеме битка против џамиите не сме постигнале ништо(се однесува на СКМ,б.н)[16]".Се правеле обиди да се раздвои верската од училишната настава,но имало големи тешкотии, во средините и селата со муслиманско население, затоа што се противеле на истото.Посебно во ова, биле најгласни албанските радикали кои се противеле на се она ново што општеството го правело за осовременување на животот, заземајќи став дека не е во склад и контрира на шеријатското право кој тие го застапувале.

Поради тоа власта изгласува закон според кој точно се знаело каде може да се држи верска настава и која била најмалата возраст со кој можело да се присуствува на истата.Ова значело дека верската настава можела да се држи само надвор од училиштата, по нивни избор дали тоа ќе бидат џамиите,текињата или канцелариите на ИВЗ[17]. Присуството на деца помлади од десет години било забрането,а на другите малолетни лица им била потребна писмена согласност од двата родители.Овие законски одредби биле направени од страна на верските старешини,но сепак од сите не се испочитувани,па често верските оџи држеле настава и на деца со помала возраст,каде провејувало ширење на омраза на се што не е муслиманско и што не соодвествува со

[16] Виолета Ачкоска,Братството и единството 1944-1974 помеќу хармонија и дисхармонија,Скопје,б.г231
[17] Исламска верска заедница

шеријатското право.Со тек на време нивното влијание слабее, а муслиманската жена е се поприсутна во училиштата.Вистина овој процес не се одвивал исто во сите подрачја, посебно потешко одело во зафрлените села кои биле далеку од градовите,но сепак описменувањето се повеќе земало замав.Паралелно со ова течела и борбата кон радикалите кои сакале да се врати општеството кон старите норми,па неможејќи се повеќе да го постигнат,губејќи ги се повеќе приврзаниците почнале да шират омраза кон сожителите Македонци.Најгласни биле групите на Ата Хоџа и неговиот соработник Фета Рауф,кој  биле против се што е ново и против државата. После разбивањето на ваквите групи,за прв пат се случува жената муслиманка да го даде и својот глас.Сето ова власта го правела ,но исто така преземала и  посериозни одстапувања кои ги барале верските старешини, се со цел да се одржи главната идеја за братство и единство меѓу народите и малцинствата во СФРЈ.

## 1.2.Образованието на Албанците во СРМ

Како што наведов и претходно верското влијание кај Албанците е исклучително големо и тоа многу тешко било да се искорени.Исто така и описменувањето на албанската жена одело премногу тешко поради непишаните правила кои ги поставувало шеријатското право.Секој напор на власта да се постигнат резултати на тоа поле, не поминувало без тешкотии кои и ги создавале албанските радикали.Немајќи обучен албански кадар за настава во почетокот, НФРЈ решила да доведе учители од Албанија за да можат децата да се образуваат на свој мајчин јазик.Овие пак ја злоупотребуваат својата положба, како и оџите во верските училишта, кои биле ангажирани, а кои биле единствените учени Албанци.Овој недостаток на кадар широко ги отворил вратите на верскиот фанатизам во Македонија,затоа што некои радикални оџи проповедале омраза и нетолеранција према останатото немуслиманско население на овие простори.

Со резолуцијата на Инфобирото и со затегнувањето на односите помеѓу двете земји,протерани се албанските учители од Македонија,но штетата веќе била направена и идејата за голема Албанија заживеала кај населението.

Првото училиште за формирање на албански наставен кадар е отворено во Тетово 1950г.кое подоцна е префрлено во Скопје.Во направените анализи на владата околу образованието на Албанците забележано е дека само 4 до 5 деца го продолжуваат школувањето после завршување на осмолетката.Деца кои ја напуштаат понатамошната наобразба се претежно од женска популација.Со школувањето на повисок степен повторно се јавува проблем околу наставничкиот кадар,но и учебниците кои Македонија ги користела од САП Косово,кои не биле соодветни и сообразни со унифицираниот образовен процес во земјата.Проблем се јавил кога албанските интелектуалци одбиле да се прифати да се изучува македонската историја.Тие сметале дека децата треба да ја изучуваат албанската историја.Во повеќето проблеми е и одбивањето на албанските интелектуалци децата да учат во мешани паралелки,плашејќи се од асимилација.Тврдењето дека “Албанците потекнуваат од древните Илири”, е теза на радикалите да докажат дека се староседелци на Балканот,а дека Словените се

натрапници кои им ја одзеле земјата на овие простори.Ваквото тврдење го подржува и Р.Албанија заедно со нејзиниот председател Енвер Хоџа.Сепак и покрај наведените проблеми расте бројот на деца кои го продолжуваат своето школување и по завршувањето на осмолетката,како и после завршувањето на средното образование.Така учебната 1957/1958г[18].на универзитет во земјата се запишале 312 Албанци од кој 87 биле на Филозофскиот факултет,12 на Техничкиот,33 на Медицинскиот,29 на Економскиот,29 на Правниот,13 на Шумарскиот факултет, на вишата педагошка школа 109 студенти.

Но и покрај образованието на Албанците не може да се делува врз нивната омраза кон неалбанското население во Македонија,а како резултат на тоа се зајакнува албанофобското расположение кај Македонците.Со уставот од 1974 г.на Југославија,терминот Шиптари е заменет со Албанци па отогаш ако Албанецот го наречеш како Шиптар за нив претставува навреда.Сепак некои Македонци тој термин се уште го користат како симбол на неука и необразована личност.

Покрај напорите на владата да се описменат сите, стапката на неписменост во седумдесетите години кај Албанците изнесувала дури 32,6% што било фрапантно зошто биле на републичко ниво.Нон стоп се зголемувал прирастот на Албанците,но паралелно се зголемувал и иредентистичкиот однос на албанската интелегенција кон Македонија што го правела македонското население посензитивно и понетолерантно кон нив.

**Табела 2.Попис на населението според етничката припадност во почетокот на 90-ите години[19]**

| | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1991 | 2033964<br>100,0% | 1328187<br>65,3% | 441987<br>21,7% | 77080<br>3,8% | 52103<br>2,6% | 7764<br>0,4% | 42775<br>2,1% | 85068<br>4,1% |
| 1994 | 2106664<br>100,0% | 1401389<br>66,5% | 484228<br>23,0% | 82976<br>3,9% | 47363<br>2,3% | 8730<br>0,4% | 40972<br>1,9% | 41006<br>2,0% |

[18] ДАРМ,цит.фонд,к-128,а.е.21,културно просветни живот националних мањина у НР. Македониjии,1958
[19] Славко Милосавлевски,МирчеТомовски,Албанците во Република Македонија 1945-1995 легислатива политичка документација статистика,НИП"Студенски збор"декември,1997,297,податоците се однесуваат само за 1991 и 1994 година.

Од горе наведената табела можеме да видиме како драстично се зголемува прирастот на албанското население во крајните десет години од XX век.Гледаме дека во 1991 година Албанците биле 21,7 % од вкупното население во Македонија,а додека за само три години подоцна овој процент се зголемил на 23 %.Ова укажува на енормното зголемување на албанската популација и менувањето на демографската слика во Македонија,прво во селата, а потоа и во некои градови.

## 2.Односите помеѓу Македонците и Албанците во Република Македонија по распадот на СФРЈ

Односите помеѓу двете заедници полн е со недоверба и тоа води кон влошување на нивните меѓусебни односи.Ова влошување на односите се зголемува со албанскиот национализам и омраза кои го презентираат албанските политички партии и радикали, потикнати со настаните во Косово.Како момент кој требало да го искористат албанските радикали било и распадот на СФРЈ,кога Македонија се најде во незавидна ситуација поради оспорувањето на нејзината независност и име од поедини членки на ЕУ.Во целата оваа ситуација Албанците се повеќе ја искажуваат својата нелојалност кон младата и крефка држава.[20]

Така далечната 1991г, кога е изгласан уставот, кој Албанците не го прифаќаат, станува камен на недоразбирањата меѓу двете заедници.Тие го сметаат за рестриктивен и неподобен за нив.Изјавите на албанските лидери дека се тие староседелци како и Славомакедонците и имаат право да се државнотворен народ во државата исто како нив,нивниот јазик треба да е паралелен со македонскиот, ја зголемуваат уште повеќе недовербата помеѓу Македонците и Албанците во Македонија[21].Уште повеќе ги нарушуваат меѓуетничките односи со изјавите кога своите сограѓани Македонци ги нарекуваат Славомакедонци,а државата во која живеат Бивша Југословенска Република Македонија.Нивната нелојалност и антимакедонско расположение оди до таму да бараат отцепување или автономија на просторите каде живее мнозинско албанско население.

Од доле наведената табела можеме да го видиме процентот на застапеност на сите националности кои живеат по општини.Табелата е направена според пописот од 1994 г.и од неа можеме да видиме дека:65,4 % се Македонци од вкупното население во градот Скопје,20,8 % се припадници од албанската националност,а во занемарлив број се Турците,Србите,Власите и останатите.Ова гледано по општини ќе видиме дека во општина

[20] http://www.unicef.org/tfymacedonia,Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието,канцеларија на УНИЦЕФ,Скопје,ноември 2009 година

[21] http://24vesti.mk/-влошени-меѓуетничкиодноси во Македонија



СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

Гази Баба живееле 68,9 % Македонци,а 20,6 % Албанци додека во незначителен број биле застапени другите националности.Во општина Карпош истата година живееле 66,3 % Македонци,24,9 % Албанци и останатите се другите националности.Овој процент во општина Кисела Вода во 1994г. изнесува:78,5 % Македонци,10,2 % Албанци и останатите се другите етнички заедници.Во Општината Центар живееле 56,5 % Македонци,26,9 % Албанци,а останатите проценти се другите етнички групи.Во општината Чаир живееле 46,4% Македонци,26,9 % Албанци и останатите проценти другите етникуси.

**Табела 3.Изјаснување на населението по етничка припадност во скопските општини според пописот во 1994 г.**

| Општина | Население Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 545228<br>100,0% | 356535<br>65,4% | 113426<br>20,8% | 12827<br>2,4% | 20979<br>3,8% | 2230<br>0,4% | 20085<br>3,7% |
| Гази Баба | 100259<br>100,0% | 69050<br>68,9% | 20693<br>20,6% | 819<br>0,8% | 1941<br>1,9% | 252<br>0,3% | 3780<br>3,8% |
| Карпош | 127462<br>100,0% | 84512<br>66,3% | 31784<br>24,9% | 706<br>0,6% | 2047<br>1,6% | 417<br>0,3% | 4407<br>3,5% |
| Кисела Вода | 146746<br>100,0% | 115184<br>78,5% | 15019<br>10,2% | 4288<br>2,9% | 1329<br>0,9% | 937<br>0,6% | 4992<br>3,4% |
| Центар | 85021<br>100,0% | 48014<br>56,5% | 22875<br>26,9% | 4387<br>5,2% | 3081<br>3,6% | 446<br>0,5% | 2839<br>3,3% |
| Чаир | 85740<br>100,0% | 39775<br>46,4% | 23055<br>26,9% | 2627<br>3,1% | 12581<br>14,7 | 178<br>0,2% | 4067<br>4,7% |

Застапеноста на ваквиот процент на албанско население, пропратено кај повеќето Албанци со идејата за Голема Албанија и развиената омраза кон се што не е муслиманско,после само три години од осамостојувањето на Македонија како посебна држава,председателот на партијата за демократски просперитет на албанскиот политички круг во Струга во 1993г. ќе објави за почетоците на постоење на таканаречената "Илирида",која преставува држава на македонските Албанци.[22] Треба да се напомене дека оваа личност е и пратеник во собранието на Р.Македонија.Во врска по ова

[22] Ристо Дамјаноски,Стојан Кузев и Митре Арсовски,Војната во Македонијаво 2991 година,МатицаМакедонска-Скопје,36

прашање,некои од албанското население почнуваат да не ги почитуваат институциите на системот и да создаваат свои институции, како отварањето на Универзитетот во 1994г. во Мала Речица.Овој универзитет наставата ја одвивал исклучиво на албански јазик,но набрзо по бурното реагирање на македонските студенти и под притисок на владата и интервенција на полицијата бил затворен.Но тука провокациите на радикалите не запираат.Се редат настаните во Тетово и Гостивар со поставување на знамиња на друга држава на општинските згради и ред други настани поврзани со убиства на недолжни граѓани.После ваквите збиднувања се повеќе се отварале вратите да се вжешти атмосверата, а македонското население почнува со револт да гледа на ваквите провокации. На што се не биле спремни албанските радикали за да го испровоцираат мирното македонско население.

Албанските лидери, обичните криминални затварања за шверц,криминал и дрога од страна на македонската полиција,редовно ги прикажуваат криминалците за страдалници кој се затворени поради политички убедувања.Ситуацијата била влошена за време на бомбардирањето на НАТО и сојузничките сили на Белград и разгорувањето на косовската криза.Со повлекување на југословенската војска од Косово и со создавањето на нова албанска влада во покраината се донесува решение оваа влада да не ја признава демаркацијата на границите што била направена помеѓу СРЈ и Р Македонија и барале да се изврши нова демаркација и нов договор за истата.Оваа граница најчесто ја употребувале албанските криминални групи за шверц на оружје,дрога и останата акцизна неоданочена стока.Сето ова упатувало на можност дека кризата од Косово многу лесно може да се слее и во Македонија.

## 2.1. Предвесници на конфликтот од 2001

Нетрпеливоста помеѓу албанската и македонската заедница е долгогодишна[23].Таа се повеќе се зголемува од албанските радикали кои презирајќи ја македонската држава,не ги почитуваат институциите на системот,а имајќи ја за цел"Етничка Албанија", која сакале да се постигне уште од Призренската лига.Тие се потпомогнати,посебно по осамостојувањето на Македонија, од страна на албанската дијаспора,предводена од Џозеф Диогарди кој го основа албанското лоби во САД.Нивната цел почнуваат да ја остваруваат етапно,почнувајќи со Косовската криза и бомбардирањето на СР Југославија[24]од страна на НАТО и доаѓањето на ОН и КФОР на Косово.

Со постигнувањето на првата цел,а тоа беше од Косово да се истера југословенската војска, радикалите се на праг на остварување на втората етапа,а тоа е префрлување на конфликтот во Македонија.Постојано изразувајќи го незадоволство во секоја прилика со дадените права во независната новоформена држава,тие се се поблиску до целта. Меѓународната заедница и ООН на чело со секретарот Бутрос Гали,предводени од сериозноста на ситуацијата која владее во земјата поради се почестото незадоволство што го презентирале албанските радикали, даваат сериозни опомени дека е потребно отварање на еден универзитет на албански јазик во Македонија за потребите на македонските Албанци за понатамошно нивно школување.

Како второ албанските радикали не се задоволни и со концептот од уставот од 17-11-1991г. кој не кореспондирал со мулти етничната реалност и кој бил според нив "граѓански",а всушност ја изразувал македонската националност,а го маргинализирал мулти етничкото историско минато[25] на државата.Наводно, секогаш албанското

[23] Митре Арсовски,Стојан Кузев,Ристо Дамјановски,Војната во Македонија во 2001 година,Матица Македонска,Скопје2006 година

[24] Која е принудена да ја повлече војската од Косово со потпишувањето на Кумановскиот Договор на 9-6-1999г.

[25] http://zekirija –rexhepi Іопшествено-политичките настани кај албанците во Македонија 1990-2001 год.

малцинство учествувало во борбите против заедничкиот окупатор со Македонците,но секогаш после извојуваните победи противокупаторите,тие се“изигрувани”, а Словенското население ги собирало плодовите.Со овој устав тие мислат дека им се кратат правата на конститутивен народ кој го добиле со уставот на СФРЈ од 1974г.Изгласувањето на уставот на Македонија во 1991г. бил донесен по пат на надгласување,без консензус и според нив доведува до првата и права причина на конфликтот.Според нив ,СР Југославија она што го правела со војна,Македонците го направеле со надгласување на уставот, со кој устав Македонците мислат дека го затвориле националното прашање,не земајќи ја во обзир бројноста на албанското население кој според официјалните статистички податоци од пописот од 1994 г. изнесувало 23% од вкупното население во Републиката.Со ваквите податоци Албанците сметаат дека не треба да бидат малцинство туку конститутивен народ.Според албански извори македонските власти ,пред меѓународната заедница, Албанците ги претставуваат како малцинство,а тие поради тоа се осеќаат дискриминирани. Третта причина, кои Албанците во Македонија ја наведуваат за конфликтот, е слабата застапеност од албанскиот етникум во институциите на системот.Тоа ја нагласувало недовербата кон нив дека не се лојални граѓани на државата.На македонските власти им е предочено од страна на меѓународната заедница за слабата застапеност на Албанци во јавната администрација,мал процент во полицијата и војската.

Поради овие причини,албанските радикали имаа можност да ги започнат немирите во младата крефка држава. Своите намери да ги изразат во дело им се дава можност со новата територијална поделба од 1996, кога на локалните избори за градоначалници во Тетово и Гостивар победуваат Руфи Османи и Ајладин Демири.На споменатите новоизбрани градоначалници,со нивното поставување на функцијата-градоначалници, веднаш ја искористуваат приликата да го истакнат знамето на Република Албанија на општинските згради во Тетово и Гостивар.На ова е одговорено од страна на тогашниот премиер Бранко Црвенковски со полициска интервенција на 9 јули 1996 г. да се одстранат истите.Од насобраните протестанти, од албанска националност,пукано е врз полицајцијата која одговорила на отворениот оган врз неа, при што се убиени четворица албански цивили,симнати се знамињата од зградите, а двајцата градоначалници се осудени и затворени.Ова придонело за повлекување од коалиционата влада на ДПА[26].

Албанските радикали, ваквата ситуација,пред меѓународниот фактор и дипломати во земјата, успеваат да ја прикажат како кршење на човековите права и ја потенцираат

[26] Демоктатска партија на Албанците од Македонија.кој е основана на 4јули 1997г.во Тетово,со обединување на Партијата за демократски просперитет на Албанците(ПДПА) и Народната демократска партија(НДП), на чело соАрбен Џафери и Мендух Тачи.

обесправеноста на Албанците во Македонија,што се дава прилика постепено да ја остварат втората цел за Голема Албанија.

Како резултат на воените дејствија што се водат во Косово,наскоро во Македонија доаѓаат околу 360 000 бегалци. Поради зголемените трошоци кои се направени за да се згрижат големиот број на бегалци според меѓународните стандарди,расте тензијата и кај македонското население и страв да не се промени демографската карта на земјата, рапидно расте сиромаштијата,се намалува БДП кој бил планиран да е во пораст.

Набрзо по војната во Косово во Македонија,од страна на Албанците се формира организација така наречена ОНА[27],која е всушност продолжена рака на ОВК,со нејзини поранешни членови.Дури и главниот штаб се уште се наоѓал во Призрен.ОНА сама се финансира од локалното население како и поранешните фондови на ОВК,но најмногу подршка финансиска добива од дијаспората особено онаа во Швајцарија.




**Сл.1-Видување на албанските радикали за етничко чисти територии населени со Албанци[28]**

[27] Ослободителна народна армија
[28] Видување на албанските радикали за етничко чисти територии населени со Албанци http://portalb.mk/113573-tirana-i-thote-jo-shqiperise-se-madhe/

Со повлекувањето на југословенската војска од Косово и доаѓањето на ОН и КФОР на Косово и протерувањето на југословенската војска од тие простори,ширум се отвараат вратите на Албанските радикали и сепаратисти да го префрлат конфиктот во Македонија.

Кај селото Танушевци во близина на македонско-југословенската граница во делот со Косово, започнуваат првите судири на органите за обезбедување на македонската граница со група непознати вооружени лица со црни униформи коиноселе маски на лицето.

Селото Танушевци, е сведок кога за прв пат, на 16-02-2001 г. екипата на тогашната А1 телевизија,која правела репортажа за селото била пресретната од вооружена група, со маскирни црни униформи, која им забранила влез во селото.За прв пат македонската јавност осознава што стварно се случува на дел од територијата на Македонија и почнува отворено да се зборува дека на дел од територијата на Македонија се наоѓаат терористи,а власта нема целосна контрола врз целата земја.За прв пат се признава за постоењето на терористички групи кои сееле страв кај неалбанското население и оние Албанци кои не се истомесленици со сепаратистите.Немањето стратегија на власта да се справи со ваквите групи придонело за да се зголеми несигурноста и недоверливоста кај двете етнички заедници, а со тоа воедно да растат и тензиите помеѓу нив.Дотогаш власта ги затварала очите пред ваквите групи мислејќи дека не се доволно силни за да го префрлат конфликтот од Косово во Македонија.Тие, овие групи, дотогаш ги преставувале како криминални банди кои дејствувале стихијно и без план,а не за терористички кои имале за цел етничко чистење на неалбанците на териториите каде живеело повеќе албанско население и со апетити на територијални претензии.

Инцидентот кај Танушевци им дал до знаење на македонската јавност за пропустите на тогашната влада,за кои била предупредувана и од странските служби за ситуацијата во кој запаѓа Македонија и што всушност се случува.Терористите под закрилата дека се борат за човековите права,всушност било јавна тајна дека се борат за нови етничко чисти територии. Тие всушност под мотото “обесправено албанско население”,сакале да се дојде до проширување на нивните права до тој степен кој ќе доведе до одцепување на оние делови територија со мнозинско албанско население.За остварување на целта “ Етничка Албанија” или како тие ја нарекуваат”Shqiperia e Madhe”се врши постепено,етапно етничко чистење,така што се протеруваат Македонците,Србите и друго немуслиманско население од тетовско,гостиварско , кумановско и скопско за да се доведе до промена на уставот од 1991 г.

Но сето ова не ќе можело да се оствари без соединувањето на целиот албански политички фактор во Македонија.Тоа соединување на позицијата и опозицијата се врши

на 4 -7 1997[29] г. на “конгресот на соединување” во домот на културата во Тетово,каде се потпишува спогодба помеѓу ПДП и НДП за меѓусебна политичка соработка во идниот период за да станат рамноправни индивидуи и колективи во македонската држава.Со спогодбата се врши ажурирање на фундаменталните политички цели меѓу двете партии и создавање на институционални соработки и преземање на одговорноста за решавање на поставените задачи. Со соединувањето на партиите на Албанците тие според нив создадоа партија која има своја тежина на делување и не се повеќе фрагментирани.Целта на спогодбата е да се делува заеднички за правата на Албанците за рамноправни граѓани,како во образованието на албански на сите степени како и за статусот на Тетовскиот универзитет,употребата на албанскиот јазик на централно и локално ниво,пропорционална застапеност на Албанците во државната и јавна администрација,децентрализација на власта и поголема локална власт како и ослободување на политичките затвореници.На овој конгрес се создава нова партија ДПА[30],која беше поздравена од надворешните структури и широкото членство на албанскиот политички фактор.Со ова се создаваат услови за делување во широк спектар каде дотогаш според нив имало грешно делување.Така веднаш по соединувањето следувааат настаните од 9 јули,кој пак албанските фактори го дефинираат како реакција на македонските “националисти” да се прекини процесот на соединување на албанскиот етникум,за да можат повторно без пречка да манипулираат со албанските партиципиенти на власт и да создаваат лажна слика на мултиетничка влада. Со полициската интервенција македонските”националисти”сакале да го заплашат албанското население,а крајна цел им била да се укине ДПА.

Вака соединети албанските политички партии учествуваат на третите парламентарни избори во Македонија,кои беа поинакви од претходните два.Овие избори се карактеризираат со комбинација на мнозински и пропорционален модел.Така од вкупно 120 пратеници кои требале да бидат избрани во македонското собрание 85 требало да се од мнозинскиот ,а 35 од пропорционалниот дел.На овие избори учествуваат 17 партии меѓу кој и ДПА.Соединувањето на албанскиот политички блок придонело и до релативизирање на односите со македонскиот фактор за да се создадат услови и обезбедат логистичка подршка на оние во Косово и прифаќање на бегалците,а тоа не ќе можеле да го направат доколку не живееле во стабилни и мирни територии.Сето ова се правело од страна на албанскиот фактор и радикали за остварување на својата цел.

Со бомбардирањето на СР Југославија на 20-3- 1999 г. од страна на НАТО-сојузниците,резултатот за Македонија, беа 360 000 бегалци од Косово.Македонија покрај

[29] http://zekirija –rexhepi Iопшествено-политичките настани кај албанците во Македонија 1990-2001 год.
[30] Демократска партија на Албанците

тешкотијата да се справи со големиот број на бегалци,кој западот одбиваше да ги прими,беше изложена на големи трошоци за да ги смести и згрижи.Само председателот на Македонија г-н Борис Трајковски имаше доблест,јавно и јасно да им даде до знаење на западните сојузници дека Македонија нема ни сили, ни средства за толкавиот број на бегалци.После завршувањето на косовската криза,како наеднаш да престанаа релативизираните односи.

На 18-1-2001 г. се случува нападот на полициската станица во с.Осломеј.Очигледно дека ОНА и спогодбата помеѓу партиите почнала да делува за спроведување на своите цели.Следат настаните во с. Арачиново,со убиството на тројцата полицајци.Наскоро граничниот премин кај шумскиот пат на терен помеѓу Витина-с Дебалде (на страната на Косово) и с. Танушевци-Рамно, кога почнува да биде контролирана од погранична патрола на незадоволство на шверцерите.Се нижат настани кои ќе придонесат за панатамошен развој на настаните и предизвикување на самиот конфликт.Така на 22-01-2001 г. е извршен првиот посериозен напад на полициската станица во с.Теарце со огнено оружје.Одговорноста за оваа како и за другите акции ја презема ОНА,која за тоа издава комунике во кое се вели дека настанот има предупредувачки карактер наменет за"македонските освојувачи и нивните гласноговорници[31]".

Комуникето најавува вооружен бунт за национално ослободување на Албанците во Македонија.ОНА сметала на моментот дека искуството на војување во Косово против српскиот"окупатор",во многу ќе им помогне и во ново настанатата ситуација.Сметајќи на подигнатиот морал,со "ослободувањето на Косово",се понадеваа и за национално ослободување на македонските Албанци.Но ова сепак помина само како борба за рамноправност и да се промени уставот.Надворешниот фактор на чело со генералниот секретар Џорџ Робертсон на 28-02 2001г. застанува на страна на Р. Македонија,подржувајќи ја нејзината стабилност и безбедност.Со слична порака реагираше и председателот на САД,Џорџ Буш.Се нижеа критики и од оние кој ОНА ги сметаше за свои подржувачи како што е Весли Кларк бившиот командант на трупите на НАТО во Европа.Големиот албански писател Исмаил Кадаре,заедно со албанската влада го осудуваат овој вооружен бунт.Но сепак тој надворешен фактор беше и причина за продлабочување на настаните, поради меѓусебното обвинување на Русија и САД заради свои интереси во новонастанатата криза.Албанските радикали во почетокот на кризата, беа затечени од многубројните критики како од надворешниот фактор така и од самата Албанија,па дури и Косово.Самите станаа повоздржани и се промовираа дека нерешените прашања сакаат да ги решат по мирен политички пат,несакајќи да го загубат доброто

[31] М-р Зекирија Реџепи" македонските освојувачки униформи ќе биде напаѓан се до ослободување на албанскиот народ"

мнение од меѓународниот фактор, кој го постигна во Косово.Дотогашниот коалиционен партнер на владата од Љубчо Георѓиевски, албанската партија ДПА на чело со Арбен Џафери,јавно почнале да зборуваат за причините кои доведле до кризата и да ги разјаснуваат мотивите за кој таа криза настанала што се создаде накнадна напнатост и на онака напнатата ситуација.Ова доведе до напуштање на политиката на соживот и повик да се земе оружје во рака.Според албански[32] извори ова пак предизвикало зближување и соработка помеѓу македонските и српските националисти,а македонските "вандали" почнале да ги кршат дуќаните на Албанците во Битола и Прилеп,поради убиството на полицајците кај с.Теарце.

Македонските граѓани иритирани од односот на албанскиот политички фактор,посебно радикалите ,лесно биле испровоцирани од нивните изјави и постапки, кумулирајќи го бесоти согледајќи дека нема можност за соживот во такви услови , својот револт го искажуваат во кршењето и палењето на дуќаните и магацините кои се во сопственост на Албанци во Прилеп,Битола и Скопје.

Самиот[33] конфликт неофицијално започнува 16-02-2001 г. кај Танушевци со вооружената престрелка на припадниците на АРМ и вооружена група.Било отворено оган од вооружените лица врз припадниците на АРМ,кога овие сакале да ги идентификуваат на граничниот див премин.

Со репортажата која ја објави А1 телевизија кај с.Танушевци се обзнанува дека македонските власти немаат целосна контрола врз сета територија на Македонија,па ситуацијата станува се посложена,драматична и алармантна,а меѓуетничките и меѓучовечките односи се повеќе да се влошуваат,омразата растела,нетрпеливоста се зголемувала и тоа се осеќа и до ден денешен.Незаинтересираноста на владата благовремено да интервенира во почетокот на создавањето на терористичките групации, кој таа ги претставуваше како криминални банди, дојде до степен кога таа сакаше да им стави веќе крај,но веќе било предоцна. Растела се повеќе тензијата помеѓу двете заедници,а меѓуетничките односи да стануваат се подраматични.Во Македонија било инсталирана терористичка мрежа која оперирала на нејзина територија која го зголемувала стравот кај неалбанското население бидејќи вршела и нивно етничко чистење,терајќи ги од нивните домови.Така се создава голем број на раселени неалбански лица кои морале да ги напуштат своите домови и да најдат прибежиште во другите краеви на земјата.

---

31.http://zekirija –rexhepi Іопшествено-политичките настани кај албанците во Македонија 1990-2001 год.
[33] .Тодор Атанасовски,Чекорење по кризата,Книгоиздателство МИ-НА,Скопје2002 година

## 2.2. Почеток на конфликтот

Се уште не се знае зошто всушност настанал конфликтот.Дали е тоа стварно борба[34] од страна на албанските радикали,за извојување на рамноправен статус на албанската заедница со македонското население на кој Македонија им е матична држава или тука бил вмешан интересот на поголемите сили на Балканот,па отвореното жариште го потпомогнаа да се запали и развијат воените дејствија со кој всушност отпочнува и конфликтот.Според албански извори тоа е конфликт помеѓу двата ентитета во државава кои се борат според нив за рамноправност, а според македонските извори тоа било борба за освојување на територии на друга држава.[35]Општествените односи биле поставени уште по Втората светска војна, кога Македонија влегува во составот на југословенската федерација, кога се создале односи на недоразбирања и незадоволство од статусот албанскиот етникум во тие простори, односи кои се провлекле и при создавањето на младата држава и стануваат поизразени во плуралистичкиот систем.Од страна на албанскиот политички фактор,тоа незадоволство од третирањето на албанската националност во младата држава, сака да го промени.

Самиот конфликт трае околу една година,започнувајќи во февруари со инцидентот кај пограничното село Танушевци,а завршува во ноември 2001г.Претходните инциденти кои се случувале со нападите на полициските станици,само ја зголемувале несигурноста на македонското население и на другите неалбански граѓани кои живееле во тетовско,гостиварско,скопско и кумановско.Тие се повеќе ги напуштаат родните огништа,спасувајќи се од гневот на разулавените банди кои им било за цел да го исплашат неалбанското население, за да тоа ги напушти своите домови.Така почнуваат да се создаваат етничко чисти средини ,населени само со албанско население,а домовите на Македонците и другите граѓани останувале опустошени,запалени и разграбани.

[34] .Сандра Исмановски,Конфликтот во Република Македонија 2001 година:Тероризам или борби за права?,Фондација-Институт отворено општество-Македонија,Скопје 2008 година

[35] Се мисли од Македонија.

Ваквата ситуација раѓа уште поголема нетолеранција и нетрпение кај останатиот дел на населението од државата,кон терористите,но почнува постепено да се изразува и кон сограѓаните Албанци.Самиот напад на полициските станици повеќе ја влошувало ситуацијата,а пак тоа им дало за право на меѓународната заедница да се вмеша во настанатата ситуација.Се давало слика дека меѓународната заедница со својата интервенција сака да ја смири ситуацијата,повеќе да не ескалира,но всушност таа се појави несвесно како заштитник на големоалбанските интереси.Албанските радикали сакајќи да ја придобијат нивната доверба,нетрпението го претставуваат дека не е само кон нив ,но и кон севкупното муслиманско население кое живее како малцинство во Македонија.Така покрај другото тие сакале настаните да ги прикажат и со верска позадина,прикажувајќи го палењето на дуќаните и магацините чии сопственици се муслимани како и на една џамија.Со здобиената морална подршка на САД и ЕУ тие се спротивставуваат засилено на македонските безбедносни сили што доведува до поголема ескалација на кризата. Македонското население се чуствувало се понесигурно,што од зулумите на албанските радикали така и од нивната бескрупулозност низ поедеини делови низ земјата.Поради тоа расте нетрпението и кон меѓународниот фактор заради подршката кој им ја дава на терористите, но и кон сопствената неажурирана влада која била немоќна да се спротивстави и правилно стратешки изреагира на настаните создадавајќи една национална стратегија.Македонското население вчудоневидено ги следело меѓународната заедница[36] која ги прикривала и премолчувала злоделата на терористите,а од Македонија барала да поработи на подобрување на меѓуетничките односи,повикувајќи се на себе си дека и тие самите се мултиетнички и мултикултурни држави.Истите тие ги затварале очите кога албанските терористи ги терале Македонците и другото неалбанско население, од нивните вековни огништа.На ова протерување на населението не реагира дури ни македонската власт до март кога ситуацијата ескалира.Дури тогаш таа почнала да размислува како стратегиски да се спротивстави на албанските терористи,но веќе било доцна.Тие благовремено не реагираале и дозволиле да се развие терористичката мрежа која веќе со подршката на меѓународната заедница ги зацврстила своите позиции.Македонската власт очигледно било дека ја губи контролата на поедини делови од државата,па кога во март започнуваат демонстрациите во Тетово и тетовско,таа немала некоја моќ да ги запре.Демонстрантите слепо им веруваат на своите гласноговорници кои тврделе дека терористите се синови и ќерки на обесправените Албанци,дека тие се борат за правата во Македонија.Еден таков гласноговорник пред албанските демонстранти е Фазли Велиу.

[36] www.rusi.org:Спречување војна во Македонија,Превентивна дипломатија за 21 век,Марк Лејти, РУСИ-Кралски институт на заеднички служби-превод од институт отворено општество- Македонија

Терористите против македонските безбедносни сили се борат герилски,напаѓајќи ги од заседа,поставувајќи бомби на патиштата каде тие се движеле.Тие не се откажувале да ја исполнат својата цел и постојано притискале,така и почнале борбите на тетовското Кале на 14-03-2001г.кога е нападната полициска патрола.Постојано се слушале рафални истрели низ градот.Македонците во Тетово[37] и тетовските села, се осеќале несигурно,па многумина за да се спасат од дејствијата на терористите масовно ги напуштале своите домови.Користејќи ја оваа ситуација албанските бандити ги пљачкале и палеле нивните домови за да тие никогаш повеќе не се вратат во родните огништа.Ситуацијата се повеќе се влошувала,а кај Македонците повеќе растел револтот од безпомошноста како тие се осеќале.Тетово за нив станува ноќна мора,поради небезбедноста и несигурноста што ја имале.Тие и дотогаш ,пред немирите ,како и другите македонски граѓани кои живееле во места со мнозинско албанско население,биле загрозени, но воените дејствија уште повеќе ја влошуваат нивната положба.Заради тоа кај нив растела огорченоста и нетрпението и се она што дотогаш биле поучувани, од своите, на соживот со другите полека исчезнува.Почнале масовно да ги напуштаат своите домови ,а државата ги сместува во посебни прифатилишта кои се наоѓале претежно во Скопје.Неизвесноста што се случува со нивните домови и блиски кои останале во кризните подрачја,далеку од нивните домови ја нарушувало нивната психа,а за државата тие преставувале нови трошоци за да ги смести и згрижи во најтешките моменти од нивниот живот.

Самата држава за да се справи со терористите почнува да мобилизира резервисти,но многумина ја одбивале истата стравувајќи за сопствената безбедност и животи криејќи се од полицијата при мобилизацијата.Некои од нив ја напуштале дури и државата,сакајќи да го избегнат дирекниот фронт со терористите,што придонело до поголеми тешкотии на власта да се справат на соодветен начин со терористите.

---

[37] .Ришард Билски,Пожари над Тетово,Македонија и нејзините соседи,Избори репортажи2001-2002,Култура,Скопје 2002 година

## 2.3. Ескалација на нападите

Како што претходно е кажано,војната ескалира во Март со борбите кај тетовскиот регион.Целта кој ја имал агресорот била да создаде етнички чисти територии,населени исклучиво со Албанци.Притисокот кој го правеле врз населението,припадниците на ОНА ја зголемувале тензијата и несигурноста на македонското и неалбанско население кон властите кои иритирачки не преземале дејствија за да воспостават ред и ја зголемат нивната безбедност.Се што подоцна[38] се обиделе да преземат веќе била задоцнета реакција,затоа што негативната ситуација ги надминала сите граници и ОНА била широко распространета и владеела со ситуацијата во регионот.Првиот посериозен судар меѓу македонскитесили и терористичката ОНА се случува на 14-03-2001 г.на тетовското Кале,кога полициската патрола на МВР[39] била нападната на патот во правец на селото Селце-с.Лавце и кога се повредени петнаесет полицајци.Борбите[40] продолжуваат, интензивно имало престрелки со огнено оружје кај тетовското Кале,селата Гајре,Гермо и Селце.Караулата кај селото Гошинце истотака била нападната.Безбедноста на граѓаните во Тетово и тетовско била нарушена.Тетово од секаде ечело од силни детонации и пукотници од тешкото и пешадиско оруже.На улиците владеело штама,без никого, плашејќи се луѓето за своите животи, да не настрадаат од честите снајперски истрели, не излегувале од своите домови.Тетово станал опустен град,бидејќи неговите граѓани бегајќи од рафалните истрели и силните детонации масовно го напуштале градот бегајќи во подалечните населени места каде не се воделе борбите.Голем број на избеглици и раселени лица прими градот Скопје.Ваквото бегство го искористија агресорите за да навлезат во напуштените периферни куќи во градот и селата при тоа пустошејќи ги древните огништа на сограѓаните,палејќи ги и пљачкајки ги.Со самото нивно навлегување тие го загрозуваат и градот.Борбите интензивно продолжуваат ,силниот напад на

[38]Во март

[39] Министерство за внатрешни работи

[40] .Митре Арсовски,Стојан Кузев,Ристо Дамјановски,Војната во Македонија во 2001 година,Матица Македонска,Скопје2006 година

агресорот е се поголем врз Тетово,па на 17-3-2001г. се заканува напад и на Попова Шапка, а се слушале интензивни истрели во тетовско и Тетово и на 18 март.Невооружениот,голорак народ не можејќи ова веќе да го истрпи,бара од владата да го вооружи за да може да се одбрани од наездата што ја создадоле екстремистите.Истиот ден е одржана седница на Собранието на Република Македонија за безбедносната состојба на земјата.Се донесува заклучок дека територијалниот интегритет и независност на земјата е нарушен од страна на екстремистичките групи, затоа состојбата имало потреба континуирано да се следи, за да се преземат соодветни мерки од безбедноодбрамбените структури и се обезбеди мирот и стабилноста на сите граѓани.

ОНА се повеќе зема сила против ненаоружаното население,чија состојба е се понеподнослива и загрозувачка.Ова ги наведува безбедносните сили да преземат акција до истребување на ОНА.На седницата на 21 март на државниот врв се донесува решение за подготовка и извршување на воена акција под името "тетовска операција МХ", за да се обезбедат животите,сигурноста и имотите на граѓаните на Тетово.На 23 март е донесена одлука,а за планот за напад бил одреден 25 март.Самиот напад започнал со товарење на аеродромот Петровец со борбени сили и само за неколку часа бил направен обрач во селата и околу градот каде се мислело дека се сконцентрирани екстремистите од каде што делувале.

Првиот најжесток отпор го дале оние кај селото Гајре и Шипковачкото теќе.Нападот бил концентриран на патот Тетово село Шипковица,каде се разбиени тамошните терористички групации,разбиени се барикадите на патот и е опкружено самото село,а припадниците на АРМ избиваат на самото Теќе.

Истовремено специјалните единици кои имале за задача да го нападнат тетовското Кале,жестоко удриле врз терористите кои биле изненадени од жестокиот напад па почнале да се повлекуваат кон калето и панично да бегаат кон неговиот врв.До вечерните часови калето било потполно опколено,а единиците волци кои биле уфрлени во акцијата, добиле за задача да се ослободат и поедини објекти и да го ослободи калето.Така терористите на 25/26 март се потполно разбиени,а самото Кале ослободено.Се увидело дека таму терористите се подготвувале за долгорочна војна.На самото Кале биле ископани ровови и подземни бункери каде терористите складирале и поголемо количество на оружје,муниција,храна,што неспорно зборува за нивната намера дека биле подготвени на подолгорочни борби.

Разбивањето на оваа групација од страна на АРМ,доведува неколку дена затишје кое терористите го користат за прегрупирање и менување на нивната тактика.Тоа го манифестирааат на 28 Април кога е нападната патролата на патот помеѓу селата Вејце и

Селце.Шеснаесет члената патрола на безбедносните сили е нападната од заседа,каде загинуваат осум припадници,а шест се ранети.За злосторството што го вршеле овие екстремистички групи,зборува и фактот дека на извршената обдукција на погинатите припадници на безбедносните сили се видело дека биле масакрирани и злоставувани и после нивната смрт.Ова зборува колку била омразата и бескрупулозноста на оние кои тоа го направиле кон Македонците и нивната држава.Тие постојано се додворувале на меѓународната заедница[41]со постојан апел за  подршка се до исполнување на нивните цели.

Македонските власти ја повикуваат ОНА за прекин на огнот,но таа не го прифаќа ,па борбите продолжуваат,а ситуацијата станува се понестабилна.Ситуацијата од тетовско и Тетово набрзо се префрла и кон кумановско и скопско.Настапува сегрегација помеѓу македонската и албанската заедница,а омразата е се поголема и понетолерантна.Сето ова го следела меѓународната заедница која почнува да повикува да се седни на преговарачка маса на двете завојувани страни.

[41] Која тивко ги подржуваше во нивните намери

## 2.4. Битката кај Арачиново

Конфликтот не останува само во Тетово и тетовско.Тој полека се проширува и кон другите делови на Македонија.Најблизок судар се случува кај селото Арачиново[42],кога на 9-ти јуни таканаречената ОНА успева да го заземе.Самото село се наоѓа на само 9 километри од главниот град на Републиката.Арачиново е прогласено од самите припадници на ОНА за главно упориште на бунтовниците[43].



**Сл.2- Единици на МВР пред влезот на Арачиново**

Од таму доаѓаат и заканите дека Скопје ќе биде гранатирано и дека ќе се цели посебно кон зградите на парламентот и владата.Таму е создаден и првиот така наречен фронт "Арачиново" на чело со Џезаир Шакири кој бил познат кај бунтовниците како Хоџа.Овој фронт имал за задача да ја заплаши македонската влада, за да се исполнат барањата на сепаратистите.Сепак македонската влада не подлегнува на нивните уцени и закани и на

[42] Познат центар на дрога,а можност Она да се стационира во селото многу лесно
[43] Тодор Атанасовски,Чекорење по кризата,Книгоиздателство МИ-НА,Скопје2002 година

22 јуни презема решителна и остра акција за да се уништи ова упориште.Македонските[44] безбедносни сили имале за цел селото да го поделат на два дела за полесно да го совладаат непријателот.Со жестоко артилериско оружје по земја,а со воздушен напад со борбените авиони “Сухои” биле нападнати упориштата на бунтовниците.За три дена селото било под целосна опсада,а бунтовниците пред капитулација.Уште еднаш НАТО на чело со преговарачот Питер Фејт и меѓународната заедница на чело со Робертсон и Солана[45] навидум застанале на “нивна страна”,плашејќи се од политичките последици и прераснување на кризата во граѓанска војна,а потоа и проширување на истата низ целиот Балкан.Ситуацијата не била баш розова како што ги претставувале борбите македонските медиуми за скорешна победа над бунтовниците.



**Сл.3 Македонски војник отвора оган од митралез на тенкот Т-55. Сликата е од нападот врз Арачиново од позицијата во местноста „Економија“ источно од селото**

Тогашните генерали ги предале своите анализи до владата дека за конечна победа над бунтовниците ќе бидат потребни многу повеќе жртви,со што владата на чело со председателот Трајковски во преговорите со меѓународната заедница, ќе мораат да се согласат бунтовниците да го напуштат селото со своето наоружување, наводно на доброволна база.Со нивна помош со преговори со владата ,бунтовниците заедно со

[44] http:/Современа македонска одбрана-меѓународно научно списаније за одбрана,безбедност и мир,Министерсрво за народна одбрана на Македонија,25,година XIII,Скопје, декември 2013 год.
[45] Спрчување на војната во Македонија,Марк Лејти,стр26,

своето наоружување се префрлени во село Липково.Со оваа нивна интервенција ,на македонската јавност им се даде до знаење дека сепак НАТО,САД и ЕУ се на "страната" на оние кои не ја сакаат Македонија. На околу 350 бунтовници,со автобуси на албански претпријатија од Тетово, им било дозволено со нивна помош да го напуштат селото, заедно со своето оружје.Ваквиот тек на настаните ја разбранувла македонската јавност ,а уште повеќе ги револтирала македонските бранители.Така спонтано народот почнал да се собира ,за да го искаже својот револт пред парламентот,мислејќи дека владата била таа која ги предала.Во ваква ситуација кај македонскиот народ се зголемува несигурноста, нетолеранцијата, нетрпението и беспомошноста,а можноста за соживот со албанската заедница во границите на Македонија станувала се помала,благодарение на албанската искажана нелојалност кон сограѓаните и државата,според нивно мислење.Оваа нетрпеливост е упатена и кон САД и ЕУ кои се сметаат за главни виновници на настаните во Македонија.Ова спонтано собирање на народот и искажаниот револт поминува во масовни немири и протест кон " предавничката" влада.

Владата пак притеснета од ново-настанатата ситуација и меѓународниот фактор, мора да им дозволи на терористите да го напуштат селото Арачиниво,а пак таа одлука на владата предизвикува масовни немири и протести и упад на народот во Собранието на РМ каде се наоѓал и председателот Трајковски[46],кој пак набрзина ,за негова заштита, е изнесен од председателскиот кабинет од страна на безбедносните сили. Меѓународната заедница потпомогната од албанското лоби ги поддржува албанските бунтовници,обезбедувајќи им безбеден пролаз на истите заедно со нивното оружје.



**Сл.4- Македонски специјалци на МВР со запленети албанско, американско и знаме на ЕУ по влегувањето во Арачиново**

На скоро извојуваната победа,според македонските со тврд став медиуми и повеќето македонски бранители, во село Арачиново на бунтовниците им е ставено крај со

[46] Спречување на војната во Македонија,Марк Лејти,стр36

бескомпромисно пуштање на истите да се преселат во другите кризни краишта за да ги продолжат своите дејствија и да ја зголемуваат албанофобијата на македонскиот народ.Набрзо следи говорот на предсеателот Трајковски до македонската јавност за настанатата ситуација,каде образложува за фактичката ситуација на теренот и со дадениот пристанок, заедно со целата влада за да се пропуштат терористите заедно со своето наоружување, било со цел да се избегнат уште поголеми жртви на безбедносните сили.Доколку РМ не постапела вака,ситуацијата ќе заземеше голем замав и Македонија ќе се вовлечела во граѓанска,братоубиствена војна.После говорот на председателот немирите набрзо стивнале.Некои медиуми оваа одлука сакале да ја прикажат како предавство на владата и за симпатиите кои што меѓународната заедница и НАТО ги имаат за ОНА.

До денешен ден се уште на македонскиот народ не му е јасно,што стварно се случувало во настаните кај Арачиново ,која била стварната причина на таканаречените борци на ОНА им биде дозволено да го напуштат селото со своето наоружување и која била стварната улога на меѓународната заедница во сите тие случувања.Дали македонската влада била изманипулирана или пак принудена да ја донесе одлуката за да им дозволи на победените да го напуштат селото, за да повторно го тероризираат македонскиот етникум

## 2.5. Случувањата на Карпалак

Заседата и убиството на македонските бранители кај месноста Карпалак[47], од страна на терористичките групи,останува дел од мистеријата како и самиот конфликт во Македонија што се случувал во 2001г.Како што цело време се прашуваме зошто бил конфликтот,дали тоа бил за изборување на човековите права,агресија или борбата на големите сили за нивните интереси,така и за Карпалак[48] се поставува прашањето дали стварно било заседа на терористите над безбедносните македонски сили или тој самиот беше конструиран за да се создадат услови за потпишување на т.н Рамковен договор, кој до ден денешен останува трауматичен за македонското население.Со овој Рамковен договор би се создала слика за спас да престанат да гинат македонските војници и полицајци,во оваа безмислена војна.

Денес после толку изминати години се уште ни една институција на државата нема преземено обиди за истрага на овој масакар кој се случи кај Карпалак,кога загинаа македонски бранители под сомнителни околности.НДМ[49]како еден од критичарите на македонската влада и опозиција и кој поседува факти и аргументи за несреќните настани кај Карпалак,како и залагањето на бившиот амбасадор на ОБСЕ во Македонија,г-нот Крег Ценес од кој се дознава дека поранешни команданти на ОНА биле џелатите на македонските бранители , би можеле да бидат појдовна точка за расветлување на овој случај.Тврдењата на амбасадорот во тоа време не можеле да се земат во предвид

[4747] http:www.globusmagazin.mk

[48] .http://www.globusmagazin.mk/?ItemID=B3B277E81B1849449259E9846CE7F101неделен весник "Глобус",Карпалак и по 12 години неразјаснет,прва стр.13.8.2013година

[49] Народно движење за Макеонија-е процес на културно,национално,државно-политичко будење,кој уште од 1802 г почнува со македонскиот народен говор наместо црковно-словенскиот напишан говор,манифестира македонско-културен идентитет,се до обнова на Охридската архиепископија.Ова движење процесот го завршува на 2-август 1944г на заседанието на АСНОМ,во манастирот св.Прохор Пќинскисо создавањето на македонската национална држава,на која и претходела македонската народно ослободителна,револуционерна борба.

бидејќи би се створила нова криза, затоа што предстоеле парламентарни избори на кои и претставници на ОНА учествувале.[50]

Настаните пред да се случи Карпалак отпочнуваат во јули 2001г.Четириесетина дена пред да се изврши масакрот,државната безбедност располагала со два документа кои укажуваале дека на ридот од каде што е изведена подоцна заседата и се пукало во безбедносните сили на Македонија, чекале шеснаесетина,добро наоружани и униформирани лица кои деноноќно стражареле,сместени во ископани ровови.Човек на безбедносните сили кој бил уфрлен во оваа група извршил дури и идентификација на терористите.[51]

Иако биле познати сите информации не се преземало ништо.Дали тоа било така зошто министерството за внатрешни работи го предводела ВМРО-ДПМНЕ,а министерството за одбрана го водела СДСМ, кој во кризниот момент се наоѓаа во коалиција,а воедно биле и опортунистички настроени една према друга,без заедничка национална стратегија, сакајќи да ја претстават другата страна како неспособна и при тоа неводејќи сметка за можни изгубени животи.Само со еден хелихоптерски прелет на вооружените сили на Македонија, можело да се решат од оваа вооружена група, припадници на ОНА.



**Сл.5-Остатоците од камионот кај Карпалак**

На патот помеѓу Скопје и Тетово во заседа од албанските сепаратисти загинале десет припадници на воените македонски сили,а тоа се:Нане Наумовски,Сашо Китаноски,Бранко Секулоски,Горан Миноски,Марко Деспотоски,Ердован

[50] Бела книга-Зошто никој не покренува истрага за Карпалак
[51] Поранешни криминалци и наркозависници познати на македонската полиција

Шабаноски,Љубе Грујоски,Дарко Вељаноски,Веби Рушидоски и Пеце Секулоски.Нападот бил извршен во близина на селото Групчин,30-тина километри западно од Скопје.Денот 8-8-2001г ќе биде напишан со црни букви во македонската национална историја,затоа што на магистралниот пат Скопје –Тетово,кај месноста Карпалак,колоната на возила на АРМ е нападната од сепаратистите при што загинале осум војници и двајца офицери на безбедносните сили.Сите тие биле резервисти од Прилеп и прилепско.Колоната се состоела од 13 транспонтери,15 тенкови 30-тина камиони и два автобуси кои оделе кон Тетово како замена на тамошните војници за да изврши дотур на дополнителна опрема во оружје , муниција и храна во тетовско.



**Сл. 6- Споменикот на бранителите во Прилеп**

Нападот бил извршенод клисурата кај Карпалак,со минофрлачи и огнено оружје,при што е запалено едно од возилата на конвојот каде и загинуваат припадниците на АРМ.Како што и предходно кажавме задоцнето е испраќањето на хелихоптер Сухои како подршка,а патот Скопје – Тетово е затворен за сообраќај.За овој масакр никој од македонската воена команда,како и од политичките и раководни структури на владата не ја преземале одговорноста за погинувањето на десете бранители и направената штета.Вака загинатите прилепчани ги иритира граѓаните на Прилеп,кој својот бес го изразиле во палење на дуќаните чиј сопственици биле Албанци,а во најголемиот бес ја палат и џамијата што се наоѓале во Прилеп.

Болката и бесот кон погинатите сограѓани,бранители на земјата не стивнувал и се чувствува и до ден денешен.Како благодарност кон загинатите кои го положија животот

за одбраната на татковината,локалната самоуправа денес именува неколку улици со нивно име и им изгради споменик, на кој секоја година на нивната годишнина на загинување им одава почит на настраданите. Иако на заштитниот внатрешен бедем од патот,од страна на државата беше поставена неколку пати метална табла во спомен на загинатите бранители,таа често пати е уништувана од локалните вандали.



**Сл.7- Еден од малтретираните градежни работници од претпријатието “Маврово” од конфликтот од 2001 година**

Трагичната заседа кај Карпалак не е единственото злодело кое го направила ОНА .Таа продолжува со малтретирањето на македонските граѓани по селата сеејќи страв.Така се малтретирани населението од селата Теарце и Отушиште,кога десетина од нив биле претепани и злоставувани.Биле киднапирани четворица работници на “Маврово” кај селото Желино и истите биле претепани ,а на нивните грбови биле испишани имињата на терористите.Не им било доволно самото малтретирање на невооружените работници па почнале да ги тераат да се молат на Алах за да ги спаси да не ги убијат.Многубројни се примерите на класични злосторства кои терористите ги правеле над недолжното население.

Свежи се сеќавањата кај кумановчани кои беа заложници на терористите вонастаните кај Липковско езеро.Кога со сценарио сакаше да се предизвика револт кај граѓаните на Куманово кои би предизвикале големи немири и нетрпеливост кон своите сограѓани Албанци.Навремено биле откриени показателите за таквата ситуација.Како прво ситуацијата би била и повжестена,затоа што во тоа време се вршело евакуација на членовите на ОНА од с.Арачиново,а поминувале по патот за Куманово, каде на барикадите имало и изреволтирани кумановчани.Тоа било момент кога конфликтот повторно ќе збувнел,со големи изгледи да се прошири и во градот,а тоа го сакале оние кои го предизвикале тоа сценарио.

Главно прашање за настаните во Липково,кога цел еден месец граѓаните на Куманово останаа без вода, е кој ги затворил вентилите на Липковската брана.Но направените истражувања откриле дека Липковското езеро кое било напојувано со вода од браната Глажња( самата поседувала вода за снабдување на Куманово за цел месец),не била испуштена во Липковското езеро.Па се поставува прашање зошто не била испуштена

**Сл. 8 Браната на Липково езеро 2001**



водата од браната Глажња во езерото,дали тоа било провокација да конфликтот се прелее во градот со поголеми размери.Според тврдењата на командантот Шпати,а изнесени во интервјуто во весникот "Вечер"од 18-12-2004 г,водата била запрена за да се преговара за храна на селата кои гравитирале околу конфликтот.Уште еднаш меѓународната заедница се покажа како главен двигател за разрешување на конфликтот.Но после завршувањето на истиот кога почна да им се суди на сите оние кои направиле злосторство во бившите ЈУ-простори,за време на конфликтот во Македонија Хашкиот суд го врати предметот Липковско езеро,за да мораат македонските власти сами да се справат и го разрешат.

ОНА во своите намери бескурпулозно продолжува во заплашување на голоракото,невооружено и незаштитено население со многубројни провокации,неразрешени убиства,палење и ограбување на опустошените села.Народот немајќи оружје да се справи со ваквата наезда бара спас во напуштање на своите домови,спасувајќи го голиот живот.Многубројните раселени лица предизвикуваат револт кај останатите граѓани ширум Македонија.

Поради воената состојба, напнатоста растела низ целата држава,взаемната нетолерантност и нетрпение кулминира поготово во Тетово и тетовско.Загинувањето на десете бранители од Прилеп и прилепско,надвор од фронтот,од заседа, ја прелеела

чашата на неспокој и се повеќе доаѓа до израз  големото  антиалбанско расположение ,а како резултат  на тоа се немирите во Прилеп

## 2.6. Контроверзите околу Љуботенски бачила

Напорите на македонските власти против терористите продолжуваат и во наредните денови.Полициската акција која е преземена против сепаратистите е наречена Љуботен[52].Таму требало да се изврши чистење на терористите кај селото Љуботен, каде се сместиле дел од нив,после повлекувањето од село Арачиново.Групите биле предводени од Џавит Асани и Назми Сулејмани,кои ги префрлиле своите групи на подрачјето на Скопска Црна Гора,за да ги продолжат дејствијата.Ова подрачје станува ново упориште каде тие собирале оружје,муниција,нови регрути,облека и обувки за членовите.

Тука на оваа планина во почетокот на август,исто така бил распореден и третиот баталјон на првата армиска бригада на АРМ[53] и вториот баталјон на сточетрнаесетата бригада на ОНА.Двете воени сили имале приближно еднаков број на војници со приближно наоружување,но сепак предност на македонската армија била, што на располагање имале и артилериско наоружување.

Силите на ОНА биле позиционирани кај манастирот Матејче,а додека единиците на АРМ на спротивната страна од планината кај селата Бродец,Раштак и Љубанци каде се наоѓал и главниот команден штаб од третиот баталјон на АРМ.Заседите и минирањата на патиштата биле тактика на ОНА.Така на 10-08-2001 г. кај месноста Љуботенски бачила, кое се наоѓала на околу 5 км. од селото,камион полн со муниција на АРМ наидува на нагазни мини поставени од терористите.Тогаш загинуваат осумима резервисти меѓу кои се:Томе Бадаровски,Гоце Чанкуловски,Бранко Јанев,Томислав Настевски,Марјанчо Бошковски,Ивица Златевски,Томе Димовски и Раде Јанковски, кои биле во резервниот состав на армиската единица од гарнизонот во Скопје.Се смета деда поставувачи на мините се групата на Џавид Асани,командант на ОНА.

[52] .Тодор Атанасовски,Чекорење по кризата,Книгоиздателство МИ-НА,Скопје2002 година
[53] http:/Современа македонска одбрана-меѓународно научно списание за одбрана,безбедност и мир,Министерсрво за народна одбрана на Македонија,25,година XIII,Скопје, декември 2013 год.

Се развила страотна престрелка помеѓу силите.Единиците на АРМ биле потпомогнати и по воздушен пат со хелкоптерите "ми-24" кои целеле кон терористичките позиции. При овие воздушни напади и престрелки било гранатирано селото Љуботен кога загинуваат два цивила.Овие воздушни напади ги принудиле припадниците на ОНА да се повлечат.

Поради присуството на терористи во селото Љуботен на ден 12-08-2001г. полициската единица на Јохан Тарчуловски,заедно и со третиот баталјон навлегуваат во селото кога погинуваат шест селани, а 14 куќи се запалени.Од месноста Бел Камен било отворен минофрлачки оган врз војниците,со цел терористите да им обезбедат одстапница на своите кои не можеле да го напуштат селото.Дури се обидувале со шеесетина нивни преставници преку Раштак повторно да навлезат во селото, но биле спречени од армиските единици.Борбите престанале некаде околу попладневните часови кога сите терористи и припадници на ОНА се повлекле од тие простори.



**Сл.9- Скопска Црна Гора**

Непочитувањето на историјата на македонскиот народ,а сакајќи да ја потенцираат својата нетрпеливост,албанските вандали посегнаа и по она што е свето за секој народ ,а тоа е верата.Тие својот вандализам го изразиле во рушење, палење и ограбување на старите вековни цркви и манастири кои не ги рушел ни фашистичкиот окупатор.Тие со рушењето на црквите и манастирите поготово на територија со мнозинско албанско население им давале до знање на македонскиот народ дека таму е непосакуван и да се исели од своите прадедовски огништа,а со исчезнувањето на вековните манастири да не се види дека со векови на тие простори живееле Македонци.Со рушењето на ваквите комплекси се забрзувал процесот на создавање етничко чисти територии со албанско

население.Ваквиот вандализам не го поштеди ни манастирот "Св.Анастасиј"[54]во село Лешок-тетовско.Овој манастир не е значаен само за македонската национална историја, туку беше и светско културно наследство.Со минирањето на овој манастир во 21 век,македонската,како и светската историја се лиши од вековните фрески и икони изработени од вредните раце на зографите.



**Сл.10-Манастирот.св Атанасиј-с.Лешок**

Слична судбина го доживеа и манастирскиот комплекс во селото во Мала Речица,"Св.Ѓоргија."Но вандализмот тука не запира,омразата се изразува во старите верски објекти кои потсетуваа дека тука на овие територии некогаш имало македонски народ.Се рушат и црквата "Св. Никола "во село Слатино,"Св. Димитрија" во село Теарце и многу други.

Ваквото вандалско дивеење на припадниците на ОНА,само ја зголемила омразата и нетолеранцијата кај македонското население,Целта која си ја постави ОНА пред конфликтот,да изврши етничко чистење беше веќе постигната.Цели фамилии ги напуштале родните огништа и се раселувале насекаде во земјата.Со тоа се создал уште еден голем проблем за македонските власти,а тоа бил проблемот со раселените лица кој се уште до ден денес не е во потполност решен.

Како краен удар на оние кои под наводници се бореа за правата на обесправените,беше нападот на безбедносните пунктови на 24-08-2001г. кај селата Ратае и Желче,каде дотогаш се засолнуваа некои од македонските избеглици од тетовско. Во интервјуто дадено на телевизијата Алсат, на 27-08-2001 г[55],од страна на началникот на

[54] Преставуваглавна манастирска црква на Лешочкиот манастир,кој ја возобновил игуменотСерафим во 1924 г.,а била разрушена до темел но е веднаш реконструирана и реосветена
[55] Интервјуто е дадено во 20:50 во ТВ Алсат

Генералштабот на ОНА,Гзим Острени,во тие пунктови биле сместени паравоени доброволни единици од Србија кои и помагале на македонската полиција,а биле претходно избркани од тогашниот заменик-командант на оперативната група 1 на АРМ,потполковник Миле Петрески од касарната во Тетово.Според Острени ,оваа група на околу 400 доброволци,на чело со командантот Филиповиќ, биле дојдени како што кажале да се одмаздат и што повеќе Албанци да убијат.Избркааните српски доброволци од Тетово,продолжува Острени во интервјуто,примени се во полициската единица "лавови",каде командант бил т.н"Брада"од Прилеп и кој ги стационирал во селата Жилче и Ратае.

Нападот врз овие села од страна на екстремистите се случува два часа после посетата на македонскиот министер за одбрана Владо Бучковски,каде го презентирал планот на Координативното тело на владата,за враќање на бегалците во кризните подрачја.Селата биле нападнати од екстремистите,од повеќе страни, но најжестоко македонските полициски сили се нападнати од с.Шемшево,Требош,Палатица ,Ормариште и Слатина.После добиеното засилување кое било испратено од страна на министерот за внатрешни работи,Љубе Бошковски,борбите веднаш стивнале.Во чест на загинувањето на бранителот Душко Синадиновски од Ратае ,подигната е спомен плоча,поставена од здружението на бранителите од тетовскиот огранок"Достоинство"[56].

[56] Македонска политичка партија,основана на 20 март 2011г.со седиште во Скопје,настанала со цел да се залагаат за правата на бранителите-учесници ви воениот конфликт 2001г.Тие својата програма ,а тоа значи спротивставување и одбрана од големиот албански екстремизам и радикализам,како и тоа да се врати изгубеното достоинство на македонскиот граѓанин ја поставиле во политичка програма која е во склад со патриотизам.Првиот председател на" Достоинство" е Стојанче Ангелов.

## 3.Склучување на Рамковниот договор

Сред вителот на борба помеѓу разбеснетите страни,во Охрид,кога борбите се најжестоки помеѓу завојуваните, составен е овој договор.Со овој договор се правело обид да се најде решение како тие борби да се запрат.Според некои, Охридскиот рамковен договор станува промоција на заштита на правата на Албанците во Македонија,а според други срамен чин на предавство изнуден и неприфатлив за граѓаните на Р.Македонија.Сега гледано на овој договор со денешната инстанца на време,се поставува прашањето колку овој договор придонесува за стабилизирање на состојбата во земјата,со обзир дека се уште се прават обиде од албанските екстремисти за дестабилизација на државата.Според едни договорот е дестабилизирачки со тоа што се дава и премногу права на албанската заедница како во ниедна друга земја во светот.Според други тој ги натера завојуваните страни да седнат на преговарачка маса и проблемите да се решаваат со преговарања и договор,а тоа значи без борби,рушења,убиства и друго што го носи една војна.

Во тоа време сите четири партии(двете водечки партии на Македонците и двете албански партии)припаѓаа на кризната влада,која беше формирана да се стави крај на конфликтот,а воедно и да се спроведи она за што би се договориле.Додека траеле тие преговори паралелно ОНА ги продолжувала своите напади врз припадниците на македонсаката армија и безбедносните сили,како и врз полициските патроли како револт дека таа не била вклучена во преговорите.Нападите не биле под контрола на албанските партии,туку биле раководени од страна на лица од албанската дијаспора на Швајцарија и Германија,но и од екстремистичко криминални лица од Косово.Преговорите биле одолговлекувани и од македонската страна која решението го гледало во успешно извојувана воена победа.Несогласувањата во преговорите воглавном се воделе околу промената на уставот, кој според Македонците тој ги гарантирал сите права на малцинствата,како и сите човекови права и слободи,додека пак албанската страна стрикно остануваат на барањето тој да се промени со која промена Албанците би станале еднакви со Македонците и би станале констутативен народ во Македонија.

Преговорите во почетокот се потпомогнати и од меѓународната заедница и НАТО.Додека се водеа преговорите,се истакнува важно прашање кое треба да се реши,а тоа било прашањето на децентрализација и зајакнување на локалната самоуправа.Се поставило и прашањето употребата и статусот на албанскиот јазик на државно ниво и учеството на другите етнички(посебно албанската)заедници во редовите на полицијата.Предлогот на председателот Борис Трајковски прво бил преговорите да се одвиваат во Тетово, но поради безбедносни причини биле префрлени во Охрид.

На инцијатива на преседателот Борис Трајковски ,со подршка на САД и ЕУ било побарано од двете водечки партии на Македонците и Албанците да состават платформа со кој би почнале преговорите,Во почетокот тогашниот премиер Љубчо Ѓеорѓиевски не сакал мирнодопски да заврши конфликтот,туку барал воена разрешница со кој ќе се стави крај на сите барања на терористите.Председателот Борис Трајковски не сакајќи Македонија да стане нов Либан бил настојчив во потпишувањето на договорот.Предизвик била и појавата на призренската декларација на која биле потпишани и лидерите на двете албански водечки партии во Македонија,Арбен Џафери и Имер Имери.

На самите преговори албанските партии настапиле со заедничка платформа која била диригирана од страна на Али Ахмети(главен командант на ОНА),а веќе била договорена уште во мај кога албанските партии од Македонија ја потпишале Призренската спогодба.Главен проблем на сопнувачка бил околу официјализирањето на албанскиот јазик, како втор службен јазик во Македонија,(а со тоа се губела унитерноста на државата,а било назначено во почетните преговори како "Основни принципи"каде се тврди дека Македонија со преговорите треба да го задржи својот суверенитет и територијален интегритет,а воедно да ја задржи и својата унитарност.На овие принципи се договориле сите четири партии.)Конечното решение било,а кое не водело кон федерализација на државата,македонскиот јазик да остане официјален за Република Македонија и да се користи во меѓународните преговори и односи,а додека јазикот кој го говорат оние со над 20% од населението да биде исто официјален со тоа што ќе се користи во лични документи,граѓанските и кривичните постапки,од страна на институциите на локална самоуправа како и комуникацијата помеќу граѓаните и централната власт.Употребата на јазикот е и во парламентот,каде пратениците Албанци(бидејќи само таа заедница била застапена повеќе од 20% од населението)можат да говорат на својот мајчин јазик како и при средбите на парламентарните тела и комисиии.За ваквото решение албанските партии тврдат дека направиле најголема одстапка при решавањето на ова прашање со компромис.

Второ горливо прашање биле реформите на полицијата каде албанскиот фактор барал да се формираат,полициски единици на локално ниво под надлежност на локалните

власти.За македонскиот блок ова било поделба со која би се изгубила унитарноста на државата.По посетата на Хавиер Солана и украинскиот шеф на дипломатија Анатолиј Железко(дотогаш Украина ја снабдуваше владата на Македонија со наоружување,а самото доаѓање Железко заедно со Солана,значело дека Украина е за европско решение на прашањето).Конечниот компромис бил шефот на локалната полиција да биде избран од општинскиот совет,а пак тој да врши избор од дадената листа на кандидати кој ќе го назначи министерот за внатрешни работи.

Како составен дел на ова прашање било и составот на полициските единици на териториите каде било претежно со албанско население.Поради етничкото чистење кое го правеле терористичките банди не се добивала правата слика на застапеноста на другите етнички заедници.Затоа се дошло до решение етничкиот состав на полицијата да го одсликува севкупниот етнички состав на населението,а не само на една област.

Понатамошните преговори се воделе паралелно со разоружувањето на ОНА,бидејќи македонската страна не гледала гаранции дека тоа подоцна би се направило.Договорот бил тој процес да биде завршен со потпишувањето и ратификацијата во македонскиот парламент на Рамковниот договор,а усвојувањето на уставните промени да биде по разоружувањето на ОНА.

Инцидентот кога беа убиени, а се случи на 7 август во предградието на Скопје,петмина вооружени албански терористи,чиј водач бил командант Тели,беше можност да се прекинат преговорите.Според полицијата групата терористи биле припадници на елитните терористички единици на ОНА,а постојат нејаснотии како течела операцијата и идентификацијата на вооружените и како дошло до инцидентот кога тие биле убиени.

Набрзо после овие настани на 8 август се убиени од заседа девет македонски резервисти кај месноста Карпалак,што предизвика низа протести низ цела Македонија со кои протести за изгубените човечки животи се повеќе се усложувале условите за финиширање на мировниот преговор,кој требаше да биде стабилизирачки фактор за Македонија.Инцидентот кај Карпалак бил повод ВМРО-ДПМНЕ да ја објави својата суспензија на преговорите,но под покровителство на преговарачите на меѓународната заедница и НАТО сепак го ставиле својот потпис покрај оние на СДСМ,ПДП и ДПА.

Самото потпишување на договорот во скоро време не обезбеди мир и стабилност.Понатаму албанските екстремисти дивееја .Така на 10 август во близина на селото Љуботен,од нагазна мина загинуваат седумина македонски бранители.После овој настан следува влегувањето на македонските безбедносни сили во с.Љуботен,со што се стави под голем знак прашање потпишувањето на договорот.

Но сепак на 13 август во присуство на Џејмс Пердју,Франсоа Леотар,Хавиер Солана,Џорџ Робертсон и Мирчеа Џоана,како и водачите на четирите политички партии Љубчо Ѓеоргиевски,Арбен Џафери,Бранко Црвенковски и Имер Имери конечно бил потпишан договорот,во резиденцијата на председателот Трајковски на Водно,под мониторинг на представниците на Европската Унија и САД.

Потписници на рамковниот договор биле: председателот на државата г-н Борис Трајковски,преседателот на СДСМ г-н Бранко Црвенковски,председателот на ВМРО-ДПМНЕ г-н Љубчо Ѓеоргиевски,председателот на најголемата албанска партија во Македонија ПДП г-н Имер Имери како и преседателот на втората по големина албанска партија во Македонија ДПА г-н Арбен Џафери.На преговорите кои траеле околу еден месец биле присутни преставниците на ЕУ,Франсоа Леотар и Хавиер Солана,како и претставниците на САД,Питер Фејт и Џејмс Пердју.Самите преговори биле следени и од разни експерти како од земјата така и од меѓународната заедница.Преговорите на моменти се чинело дека во жестоките расправии ќе бидат прекинати,а земјата ќе западне во уште една недообјаснета граѓанска војна.Самата содржина на договорот почнувала со тоа да се прекинат вооружените пресметки на завојуваните страни и да се предаде целосно оружјето од страна на албанските вооружени групи,а со тоа паралелно да дојде до нивно целосно распуштање.Со овој рамковен договор се гарантира целосниот суверенитет и териториален интегритет на државата.

Како втор сегмент од договорот е зголемувањето на надлежноста и одговорноста на локалната самоуправа,со почитување на ентитетот на заедниците.Ова требало да се оствари во согласност со уставот и Европската повелба за локална самоуправа.

Третиот сегмент е во почитувањето и еднаков треман на сите граѓани пред законот,а да се испочитува и процентот на вработени во јавната и државната администрација на сите етникуми во државата.

Одлуките,уставните амандмани и Законот за локална самоуправа на централно ниво да не можат да се изгласаат без квалификувано двотретинско мнозинство,посебно мнозинство на заедниците.Ова важи и за одредбите на културата,образованието,употребата на јазикот,личните документи и употребата на симболи.

Да се обезбеди финансирање од страна на државата во средните и високообразовни установи на мајчин јазик на заедницата застапена најмалку 20% од населението во Македонија.Службен јазик да е македонскиот и оној чиј јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението.Што се однесува до употребата на симболите на малцинствата,се

дозволувало употреба на нивниот симбол на ентитет покрај симболот на македонската држава на предната страна на јавните згради.

На крајот на Охридскиот рамковен договор е имплементација за градење на доверба,враќањето на бегалците,пописот и улогата на меѓународната заедница.

За успешно спроведување на овој договор,со одлука на владата, оформен е секретаријат под името Секретаријат за спроведување на Охридскиот рамковен договор,со задача да обезбеди стручна и административна подршка на заменик председателот на Македонија, кој е одговорен за спроведување на договорот.Со нивната работа би требало да се обезбеди стабилизација на мултиетничноста во земјата,да се координира работата на министерствата при спроведувањето на договорот,да создаде клима на разбирање за бенифициите на општеството со договорот,да изготвува годишен извештај за правичната застапеност при вработувањето во јавната и државна администрација.Овој секретаријат е составен од четири сектори,15 одделенија и уште три посебни,секој одговорен за спроведувањето на посебните ресурси од одредбите на договорот.



**. Сл.11-- Потпишување на охридскиот рамковен договор**

Договорот претставува спогодба за нови општествено политички односи и градење на државата.Овој договор бил потпишан со помош и посредништво на меѓународната заедница, со цел да се разреши долгогодишната нетрпеливост помеѓу двата етникуми.Според албанските извори тоа е победа на демократските сили во Р.Македонија,победа на албанскиот фактор и победа над етноцентризмот и создавање на

нови македонско-албански односи.Според М-р3.Реџепи,цитирам од нејзината книга:"договорот обезбедува консенсус во институциите на системот легално да се бранат националниот интереси на албанскиот народ."Со овој договор Албанците го стекнуваат правото на државотворен народ под присмотра на меѓународната заедница,ЕУ,САД и ОБСЕ кои гарантираат за спроведување на одредбите од договорот. Меѓународниот фактор овозможи, под нивни мониторинг, да се запазат барањата на албанската заедница за рамноправен однос во државата во која живеат,ги одстрануваа сите минирања што се случуваа за време на преговорите и додека на 13-08-2001г. конечно не се потпишал договорот во Скопје.

Според овој договор,Р.Македонија престанува да важи за национална држава на Македонците, а според новокомпонираниот устав Р.Македонија стана држава на Македонците,Албанците,Турците,Власите,Бошњаците и другите малцинства што живеат во државата.Со новиот устав теоретски Македонија се претвора во мултиетничка и национална држава,но во принцип со Рамковниот договор по прецизна анализа на она што стварно се случува станува бинационална. Иако рамковниот договор бил донесен со цел да се обезбеди мир и стабилност во земјата,тој честопати станал камен на сопнување помеѓу Македонците и Албанците.

Голем број Македонци меѓу кој и повеќе универзитетски професори биле против потпишувањето на договорот,зошто го гледаа како камен на сопнување во мултиетничките односи.Тие сметаат дека со овој договор се задоволуваат само апетитите на албанската националност и нивниот политички фактор,а тој апетит до ден денес станува се поголем.

Со договорот албанските лидери се обврзале дека ќе престанат со препукувањата и ќе се предаде оружјето кое припадниците на ОНА го поседуваат,а македонските институции ќе ги почитуваат како свои.Но и покрај потпишувањето,нападите продолжиле и повикот за прекин на огнот не се почитувал,а македонската полиција и понатаму е подложена на препукувања и напади од албанските сепаратисти се до ноември 2001г.

Со договорот Македонија ја губи својата унитарност,а Македонците во пракса стануваат граѓани од "втор" ред.Иако договорот зборува и за другите малцинства и нивните права ги гарантира, тој сепак бил направен пред се за да се задоволат апетитите на само една заедница и албанските радикали.Рамковниот договор е дискриминаторски настроен кон најбројната заедница,а тоа се Македонците,затоа што ги опфаќал сите етнички малцинства во земјата,но не и нив.

Со овој договор,кој станува инструмент да се дозволи тероризирање на македонскиот народ од страна на најголемото малцинство, за да се постигне привидниот

мир[57].Македонската јавност за сето време при потпишувањето на договорот нема увид за што станува збор. За поедини делови се претпоставувало, но никогаш не било кажано или протолкувано.Несигурноста и понатаму продолжила, а проблемите со раселените лица и понатаму продолжиле.Воведувањето на албанскиот јазик како втор службен јазик во државава,дозволеното употреба на знамиња на друга држава,вработувањата на нестручни албански лица во јавната администрација и институции прават Македонците да се осеќаат како граѓани од втор ред во сопствената држава,па незадоволството се повеќе расте.Најболната точка на незадоволството,а која беше многу подоцна објавена беше таа за територијалната реорганизација во 2004г.Со оваа територијална реорганизација поедини градови со мнозинство македонско население,со припојувањата на околните села,стануваат градови со доминантно албанско население.Таква судбина доживеаја градовите Струга и Кичево кој после реорганизацијата стануваат градови со албанско мнозинство.

Како што е кажано претходно придобивките за албанската заедница покрај горе наведените е и тоа што албанскиот јазик станува втор службен јазик во општините со мнозинство албанско население,личните документи стануваат двојазични,застапеноста на Албанците во јавната администрација да е пропорционална според резултатите кој ќе се добиеле на пописот,народниот правобранител да биде избиран од мнозинството пратеници припадници на други етнички заедници и др.

---

[57] Јадранка Костова,Незавршен мир,Бата прес,Скопје 2003 година

## 3.1. Ставот на Албанците

Нелојалноста на албанската заедница кон институциите на системот, е проблем кој македонската држава го почувсвувала уште во почетокот на нејзиното создавање. Нелојалноста се провлекувала уште во југословенската федерација,а проблемите се наталожувале со независноста на Р.Македонија.Конфликтот што се создаде во 2001 г. се уште не било дефинирано за што станувало збор.Се поставува прашањето дали тоа било внатрешна побуна на еден народ, кој албанските интелектуалци го нарекуваат “албанско



**Сл.12 - Борци на ОНА**

востание”или пак нешто друго.Според нив факт е дека конфликтот има длабоки корени во минатото.Факт е дека идеата за ”Голема Албанија”,довела до отпор кон самите институции од страна на албанската заедница и станува основа за нарушување на соживот во македонската

држава. Исто така и самото делување на радикалните струи помеѓу двете заедници ја зголемувало недовербата помеѓу двата етникума.

Палењето на знамињата,извикувањето на националистички пароли,цртањето на графити со националистичка содржина се повеќе ја подгревала напнатата меѓуетничка нетрпеливост која за време на конфликтот ескалирала и омразата излегла од контрола.Самиот конфикт за албанскиот фактор бил национално будење против како што тие велат Славомакедонскиот политички естаблишмент и репресирачки систем.Борците на ОНА ,за нив се синови и ќерки кои се борат за своите права и ослободување од вековното искористување од страна на Македонците.

Конфликтот започнал во почетокот од страна на албанската паравоена формација Ослободителната народна армија(ОНА) напајѓајќи ги безбедносните сили на Македонија.Таа воедно го повикува и заплашува македонското и друго неалбанско население во северозападна Македонија да ги напуштат своите домови,предупредувајќи дека нема соживот на тие простори.Кога започнуваат нападите на ОНА на безбедносните сили, водачот Али Ахмети заедно со својот вујко Фазли Велиу ,кои потекнуваат од западниот дел на земјата, гласно говорат дека поседуваат илјадници војници кои се спремни да војуваат за остварување на нивните цели.Но и покрај тоа тие како воена формација сеуште немаат подршка од најголемите албански партии во Македонија.Најголема грешка е на македонската влада што долго чекала да преземе мерки и благовремено да застане на патот против овие паравоени групи и не ги сватила сериозно овие предупредувања,образложувајќи дека се тоа сепаратистички и криминални банди кои се прелеале од Косово и не можат да и наштетат на безбедноста на државата.

Конфликтот почнува неофицијално во јануари2001г. кај селото Танушевци,за набрзо да се прошири кон Тетово.Кога македонската војска била спремна нападнала некои позиции на бунтовниците и им нанела голема штета.На ова по некое време тие одговараат со заседа на безбедносните сили кога загинуваат осум полицајци,а шест се ранети.Убиените полицајци постмортум биле масакрирани од овие бунтовници што укажува на нивната бескурпулозност.На четврти мај околу 4000 албански герилци од Косово,навлегуваат на територијата на Македонија во северозападниот дел поточно во околината на Куманово.Се водат борби кај селото Слупчане,Ваксинце,Липково,Оризаре и др.На 9-ти јуни ОНА го зазема селото Арачиново кое станува главно седиште на бунтовниците.Од таму тие се закануваат дека ќе биде нападнато Скопје,поготово парламентот и зградата на владата.

Тогаш македонските безбедносни сили преземале офанзива на 22 јуни за уништување на бунтовничките упоришта.Борбите траеле три дена кога бунтовниците истакнале бело

знаме за предавање.Со преговори со помош на НАТО,дозволено им е на 350 бунтовници заедно со своето оружје, да го напуштат Арачиново.Нивното напуштање е овозможено со преговори со владата и американските трупи како КФОР,НАТО,ОБСЕ и мисијата на Европската Унија.На македонските сили им било наредено да се повлечат, што тие и го прават,па како резултат на тоа избувнуваат масовни немири од незадоволните македонски граѓани, кога е и заземена зградата на парламентот.После овие настани следува потпишувањето на Охридаскиот рамковен договор.



**Сл.13- Главниот командант на вооружените сили на ОНА**

Неспорно е дека Албанците со помош на меѓународната заедница извојувале победа,а доказ е интервенцијата на НАТО при ослободувањето од с.Арачиново на теротистите после поразот кои тие го претрпеле.Ова го иритира македонскиот народ и бранителите зошто биле свесни дека албанската заедница која се борела под паролата " борба за човекови права и против угнетеноста",всушност се бори за територијални претензии што ги имала поодамна кон делови од Македонија.Дека не станувало збор за угнетеност и обесправеност се зема фактот што албанската заедница ги уживала сите права во младата македонска држава,што се гарантирани со европската повелба за малцинствата во една држава.

За Албанците,борците на ОНА претставуваат национална гордост и синоним за борба против Славомакедонците,синоним кои ќе им овозможи ослободување и отцепување од вештачката творба на славомакедонската држава и припојување кон матичната држава Албанија.Заедницата со таа цел често пати извикувала антимакедонски пароли на протестите што биле одржувани,биле палени знамињата на државата,се предизвикувале тепачки па дури и убиства со меѓуетнички карактер.Се повеќе станувале предизвикувачки фактор за рушење на соживотот.Сето ова албанскиот политички фактор го замаскирува со

”работа”која ги подобрува етничките односи,но всушност тие работат за своите и гоемоалбанските интереси,при тоа користејќи го просечниот Албанец како алатка.Сето ова било постојано присутно,затоа што желбата им била давнешна за отцепување,па заедно со подршката која ја добиваат од меѓународната заедница и САД бескурпулозно ја користат во своја корист.

Македонија секогаш водела борба со оваа бескурпулозност на албанските радикали , која внесувала немири и ја дестабилизирала земјата.Почетната незаинтересираност да се решат проблемите на македонскиот блок само ја комплицира ситуацијата.Ситнополитичките и личните интереси на поединци ја ставија во влог цела држава и македонскиот народ.Инфериорноста на македонската власт пред избувнувањето на конфликтот,со размената на територии на предлог на владата на Љубчо Ѓеорѓиевски со Албанија,е обид да се решат проблемите.Оваа инфериорност сесрдно е искористена од албанските интелектуалци и нивните политичари,добивајќи поени кај својот народ за успешно спроведување на целите.




**Сл14- Меѓународни посредници во конфликтот**

После 14 г. од завршувањето на конфиктот, во независната на РМ не донесе никакво подобрување на односите.Апетитот на албанските политичари непрестано се повеќе расте.Почетокот на плурализмот во Македонија го опфати и албанскиот политички фактор,создавајќи и во тој блок повеќе партии кои најчесто имале ограничувања во нивните програми.Во почетокот ново оформените партии на ПДП и НДП немаат потенциран национален дух,ги обединувале Албанците иако меѓусебе се разликувале по политичките убедувања.Не успева да го одржи единството првоформираната партија на Албанците ПДП,а тоа доаѓа до израз со неуспехот за

национално единство со првите парламентарни избори кога ПДП е во коалиција со македонска партија.Тогаш се создаваат фракции поради тоа што се појавиле разликите во убедувањата.Тогашната македонска партија според албанскиот фактор не нашла сили да донесе Устав со кои ќе се задоволат барањата на Албанците.Македонските партии од создавањето на македонската држава, во деловите населени со мнозинство албанско население, ја покажале својата неспособност да ги воочат фактите.Албанците пак исто така него искористија моментот кога сите други републики се отцепуваа од федерацијата да го дефинираат нивниот статус кој на крајот би довел до отцепување.Поради ова се појавуваат и фракциите во албанскиот блок кои имале нескриени апетити.Надежта кај нив се зголемува со формирање на партијата ДПА во јули 1997 г.,со управувањето во локалната власт во повеќе урбани зони,политичките движења и повлекувањето од општинските и собраниските совети.Со формирањето на ДПА,доаѓа до коалиција со ВМРО кој ја детектираат како антисрпска партија,се создава впечаток дека ќе се разрешат повеќе албански прашања со договор.Разочарувањето е поголемо кога ќе увидат дека антиалбанизмот е поголем кај оваа политичка партија од антисрбизмот.Ова е клучен дел според Албанците кои води кон конфликтот во 2001 г.Тоа е причина кога албанските радикали на таен начин се припремаат за конфликтот,обезбедувајќи оружје,муниција и се друго што е потребно за водење на војна.Тоа е време кога тие мислат дека повеќе не ќе можат да живеат заедно со Славомакедонците ,како нерамноправен народ туку обратно, во рамноправна заедница.[58]

Патот е веќе трасиран за првиот напад на полициската станица кој почнува во с.Теарце, издавањето на Комунике[59] на 23-01-2001 г. со кое јавноста се запознава со создавањето на ОНА,а причината за тоа наведуваат немањето слух македонската влада да ги прифати нивните барања за слобода и рамноправност по законодавен пат и за да престане употребата на сила врз албанското население од страна на македонската власт.

Тоа комунике содржело:

"Досега ние,Албанците во Македонија,ги баравме нашите права преку дијалог,на уставен и мирољубив начин.Нашите барања беа игнорирани.Македонската влада на овие мирни начини одговори со терор,како што беше тоа сторено во Скопје,Ладоришта,Тетово,Гостивар и Кичево."Во самото соопштение се бара од меѓународната заедница, со помош на дипломатијата, да им помогне,бидејќи дотогашните нивни напори се без резултат,а македонската влада ,немајќи слух за нивните барања, ситуацијата ја прават понеподнослива.Затоа,според нив неоспорно е присуство

---

[58] Петрит Менај,ОНАпорака и надежи,томII,Фондација-Институт отворено општество-Македонија,Скопје 2008 година,стр.9-15

[59] Соопштение за јавноста,насловено како "Комунике број 4",упатено до германското радио Дојче Веле.

на меѓународните преговарачи,затоа што ОНА ќе се бори се додека Македонија не стане држава на Македонците и Албанците или обратно.Во комуникето се наведува дека и тие се за заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет на земјата,почитувајќи ги пред се интересите на НАТО во Македонија,особено на САД.




**Табела бр 4[60]-Согласност за официјализирање на друг јазик покрај македонскиот доколку етничката заедница е над 20% застапена**

Во[61] комуникето се соопштува за принципите и целите на ОНА,која е прикажана како заштитник на територијалниот суверенитет и интегритет на Македонија,дека таа пред се сака да се преговара со присуство на меѓународниот фактор,каде се бара дека сите албански граѓани кои порано живееле во Македонија мораат да имаат нејзино државјанство ,да се вратат насилно протераните Албанци од Македонија.

Во принципите потоа се наведува дека ОНА се бори и за тоа да пописот на населението да го изврши реномирана меѓународна институција. Што се однесува на уставот таа бара Македонија да е држава на два народа, албанскиот јазик паралелно да се користи со македонскиот,секој од народите да го употребува својот национален симбол.Горниот

[60] Табела за мислењето дали покрај Македонскоит јазик како официјален,може да се употребува и друг ако е застапен повеќе од 20 % употребуван од друга етничка заедница

[61] Петрит Менај,ОНА порака и надеж,Том I и II,Фондација Институт отвореноопштество-Македонија,Скопје 2008 година

графикон ни го прикажува мислењето на граѓаните,кога е испитано јавното мнение за оваа тема и се однесува на употребата на албанскиот јазик.Анкетата покажува дека 20 % од испитаниците се согласуваат со официјално користење на јазикот кој го зборуваат повеќе од 20% од населението  и да се користи  како втор јазик во државата,15 % од испитаниците потполно се согласуваат,додека 16% воопшто не се согласуваат и 11% делумно  не се согласуваат со оваа употреба на  јазик како втор официјален јазик во државата.Во именуваната анкета 11% од испитаниците одговориле и со" да и  не",10% со не знам и 17 % останале без одговор.

ОНА бара да се престане со дискриминациониот политички систем,со манипулацијата на изборите кои ја изразува потребата на граѓаните,како и да се ослободат сите политички затвореници и да се вратат сите оние кој се во егзил поради политички убедувања.

ОНА делимично ги остварила своите цели со потпишувањето на Охридскиот рамковен договор[62].Прво успех било затоа што преговорите се воделе во присуство на ЕУ и САД.Тие се задоволни особено лидерот на ДПА,Арбен Џафери,затоа што доколку немаше присуство на овие меѓународни фактори на преговорите,албанското прашање во Македонија ќе се дегенерирало и со тоа ќе им се нанесело неправда на албанските интереси севкупно и на Балканот.За ова Али Ахмети вели:"Ќе се случеше втора Босна,доколку не се потпишеше Охридскиот договор.Во чија полза ќе беа ,доколку загинеа 100 или 2000 илјади жртви?".Тој овој договор го смета за компромис  со кој Албанците победија,но сепак смета дека тој не е идеален,но е доволен да отвари пат на парламентарен начин се дополнат оние свери кои не се исполнети со договорот, а ги засегнуваат Албанците.

Во  истражувањата  извршени од страна на Lankaster House по прашањето на согласноста на граѓаните со поедини прашања од Охридскиот договор за кои се интересиреле и двете заедници се доаѓа до следните сознанија,добиени од испитаници поединечно од двата етникума:

[62] Охрид и потоа,Меѓуетничко истражување на кризата во Македонија,Institute for War and peace reporting.Lankaster House,33 islington High Street,London,N1 9LH,UK,стр.21-23

**Табела бр.5:На кои етнички заедници им одговара најмногу Охридскиот рамковен договор**




Од добиените одговори на албанските испитасници во истражувањето се добиени следните резултати:

-Со имплементацијата на Рамковниот договор 21% повеќе дека им одговара на Албанската заедница

-Загрижува резултатот од наведеното испитување дека 52 % од испитаниците воопшто не се изјасниле

-според албанските испитаници 24 % дека повеќе им одговара договорот на македонската заедница

-многу е мал процентот на одговорите дека договорот повеќе им одговара на помалите етнички заедници.

**Табела бр.6-Одговорите на Македонците**




:

Од приложената табела можеме да ги видиме одговорите на македонските испитаници на прашањето кому повеќе му одговара Рамковниот договор:

-29 % од испитаниците рекле дека тој е поповолен за Албанците

-Само 9 % од македонците се сложиле дека овој договор е поповолен за Македонците

-Исто и во неодговарањето на ова прашање кај Македонските испитаници е 59 % кога одговориле со " незнам"

Од приложените табели на испитувањата се заклучува дека Охридскиот рамковен договор повеќе е прифатен од албанската заедница,додека за повеќето Македонци тој представува срамен,предавнички договор со кој Македонците ја губат својата унитарност,а под велот дека станува Македонија мултиетничка,се крие фактот дека станува збор за бинационална држава.

Со договорот се отвара нова страница во албанско-македонските односи и историја,договор во кој е постигнато Албанскиот народ да е рамноправен во државата на

Македонците.Историјата кажува дека до 2001г.според албански извори,албанците не биле решавачки фактор во Македонија,но после 2001г година,Македонија станува дом и на албанските синови и ќерки,кои рамо до рамо заедно со Македонците и останатите ќе се борат за зачувување на суверинитетот и територијалниот интегритет на државата Македонија.Со овој договор Албанците се чувствуват како дел од државата кои во иднина ќе придонесуваат за нејзиниот развој,па поради ваквите настани во иднина политичкиот врв на ОНА бара завршувањето на конфликтот да се прогласи за државен празник во Македонија.За многу Албанци сепак договорот е само компромис и преставува само како документ на консензус.[63]

[63] ВетонЉатифи,Преговори за постигнување на Охридскиот договор,Фондација-Институт отворено општество-Македонија,Скопје 2008,стр.

## 3.2Албанците и имплементацијата на ОРД

Како прво заживувањето на македонизмот со нагласен етноцентризам,откако државата е родена преточен во националната химна,знаме,образование идр било трн во окото на албанските радикали и воопшто на албанскиот етникум.Македонија од своето стекнување на нејзината независност се соочувала од непризнавањето на јазикот од стана на Бугарија, негирањето на православната црква од страна на српската православна црква и името неприфатливо за Грција која е и главна пречка за влегување на Македонија во европското семејство.Оваа ситуација генерира и се рефлектира и во односите со малцинствата,посебно со албанскиот етникум,па најчесто и се водат кампањи.Со потпишувањето на ОРД не се сакало само да се постигни запирање на воениот конфликт,туку и демакедонизирање на државата и создавање на нов тип каде мултикултурализмот ќе биде признаен и почитуван.

Според нив,премиерот Груевски со доаѓањето на власт во 2006г воведува ограничена демократија со цел да го минимализира албанскиот фактор со сите можни средства.Ова пак Албанците го сметаат како провокација,да се создадат меѓуетнички и меѓурелигиозни тензии и луѓе полни со предрасуди.Според нив премиерот спроведува “одбрана на македонскиот етнос” на чело со македонската иконографија на МПЦ,со обид за промена на демографските трендови (со образложение дека македонската популација има низок наталитет) и др.Ваквите обиди,албанскиот фактор ги смета за повторна македонизација на земјата.Најголем нагласок за македонскиот центризам тие го наведуваат објавувањето на “Македонската енциклопедија”подготвена од МАНУ, а финансирана од владата.Во ова издание Албанците се нарекуваат планински луѓе кои постојано им создавале проблеми на македонското население со нивниот вандализам.Долго време се полемизирало , околу излегувањето на оваа енциклопедија,за да на крај се корегира нејзината содржина.

Како друг сегмент со кои Албанците не се задоволни е поделбата на финансиите во културата,непостоење на Албанци во председателствата на државните манифестации,а во

министерството за култура ниту еден сектор не го води Албанец.Сметаат дека многу пари се префрлени за музејот на ВМРО и спомeникот на Тоше Проевски,а многу малце на албанските културни институции,помалку средства добива тетовскиот универзитет од штипскиот иако има три пати повеќе студенти. Песната за евровизија преставува за нив пречка затоа што не можат да настапат со песна на албански јазик.

Незадоволството е поголемо и на религиозен план.Тие сметаат дека се поставуваат крстови на османлиски објекти,поставување на милениумскиот крст на планината Водно,давањето на предност на МПЦ при денационализација на имотот ,како и градењето на цркви од страна на државата.

Албанците не се задоволни и од бројот на утврдени официјални празници ,каде седум христјански денови се неработни за сите граѓани.Значајна замерка имаат и на проектот 2014,каде се фаворизира македонизмот,словенизмот и православието во земјата,а за кој државата издвојува средства.

## 3.3 Односот на Меѓународната заедница,ЕУ, и САД

Според амбасадорот на САД,Џејмс Пердју ,Охридскиот рамковен договор преставува за Македонија момент да избегне граѓанска војна,а нејзините лидери кој во темелите на договорот го избраа мирот,а со тоа избегнаа илјадници жртви и назадување на замјата каја една војна би го довела.Со рамковниот договор се постигна да се запре она за што со години се градело и вложувало, разрушувањето на земјата и нејзината инфраструктура,запрени се бројните присилни раселувања,а Македонија доколку не застанеше на страната на мирот не можела да биде она што сега е, туку ќе била разрушена и опустошена,без перспектива да се живее во неа.Во тие моменти додека траела војната, САД лидерството го препушта на Европа,поради поголема безбедност на регионот,но исто така не ја намали и својата улога во сите случувања .Пред да почне конфликтот водени се безброј преговори од страна на високи функционери,како шефот на надворешната политика на ЕУ,Хавиер Солана,генералниот секретар на НАТО сер Џорџ Робертсон.Овие преговори не вродиле со плод,а резултат на тоа се насилствата кој продолжувале со поголема жестина во 2001 г.

Конечно во јуни се донела одлука во Брисел,Вашингтон и Скопје да се оформи група на постојани преговарачи кои ќе помогнат во разрешување на проблемите кои довеле до конфликт. За еден од тие преговарачи назначен е Џејмс Пердју,како представник на САД во групата.Како представник на ЕУ е Франсоа Леотар со свој тим на адвокати и млади европски дипломати.За преговарач на терен,за прекин на огнот и амнестија на припадниците на ОНА назначен е Питер Фејт,дипломат на НАТО.Битно за ситуацијата било што председателот на Македонија г-н Борис Трајковски преферирал мирно разрешување на конфликтот.Од меѓународната заедница од албанскиот блок се барало да се употреби сила во санкционирање на македонската полиција и војска при нападот на бунтовниците.Битно за меѓународната заедница било да не ескалира конфликтот.Иако македонските безбедносни сили имале мала надмоќност над припадниците на ОНА,во други прилики бунтовниците во своите напади би биле се побрутални и

побескурпулозни,а тоа Македонија ќе ја вовлечела во граѓанска војна која би била катастрофална за нејзиниот опстанок со несовладиви последици.Но мудроста на председателот г-н Борис Трајковски победила со помош на преговарачите да го постигнат конечното решение,а тоа бил Охридскиот рамковен договор,кој иако е потпишан под присила и закана за војна и не е идеално решение за никого, сепак до некаде со него се успеало да се задржат на некое ниво меѓуетничките односи седнувајќи на маса да разговараат за проблемите и двете страни.ОРД во себе ги содржел вредностите кои и до денес важат, а тоа се почит кон културниот идентитет на секого и еднакви права за секој граѓанин без оглед на етничката припадност.С о овој договор се дозволило и овозможило Македонија да стане стабилна и застане на поцврсти нозе за да може со сигурност да се справи и движи кон евро-атланските интеграции.Што се однесува пак до ОНА,со овој договор се овозможува, под водство на Али Ахмети да стане конструктивна и мирољубива политичка партија.Сето ова е постигнато благодарение на напорите што ги направиле дипломатите на ЕУ,САД и меѓународната заедница,за да може да завладее мир на овие простори и пошироко.

После извесна временска дистанца од конфликтот како и потпишувањето на договорот, Македонија запловува во поголема перспективност,а благодарение на она што го овозможува мирнодопското време, народот може да ги избира своите преставници на парламентарни и локални избори,кои ги решаваат сите актуелни нерешиви прашања во живеењето.Точно е дека ниту една страна од конфликтот не била во потполност задоволна,но доколку така не се постапело би не довело до медиокритетсво и не би било изводливо да завладее мир.Со договорот е постигнато да се научи да се разговара за проблемите,да се носат и тешки одлуки со кој една од страните ќе биде повеќе погодена,но иако мислат различно да дојдат до компромис со кој не би се повредувале.Ова САД ,ЕУ и меѓународната заедница есрдно го подржуваат, како и аспирациите на Македонија да нејзините граѓани живеат во мир,но и стабилност во мултиетничка држава која полека но сигурно се приближува кон Европа.

Амбасадорот на Обединетото Кралство во Македонија Кристофер Ивон во една прилика изјавува дека " Охридскиот рамковен договор успеа да ги отвори вратите кон стабилност и безбедност,а со тоа се отвори и патот кон ЕУ и НАТО интеграциите. "-понатаму тој продолжува, цитирам"со договорот и очекувањата што Македонија ги реализира,таа стана земја- кандидат за прием во ЕУ и НАТО со препорака на Европската Комисија за отварање на пристапните преговори.Македонија процесот на трасирање на патот кон Унијата преплетен со бројни реформи, паралелно го води со патот на имплементација на Охридскиот рамковен договор. Овие две нешта стануваат меѓусебно комплементарни ,со што се потенцира и самата иднина на земјата."Според мислењето на амбасадорот Кристофер Ивон Македонија како мултиетничка заедница треба да ги прави сите

припадници на заедницата горди на мултикултурата која била еден од условите во овој договор.За реализација на договорот требало да вложат напори сите заедници од државата, без оглед на етничката припадност со помош на одговорни лидери кои ќе дадат свој придонес во успешно управување со земјата.

Со договорот се постигнува еднаквост на сите граѓани без оглед на етничката и религиозна заедница на кој припаѓаат,создава услови за поголем мултиетнички и меѓукултурен дијалог,градење на доверба кон сите етнички заедници.Истиот договор создаде услови и насоки за успешно изведена децентрализација на земјата со поголем авторитет на локалната власт, подобрени јавни услуги и реализација на проекти за поголемо зближување на заедниците во нивните разлики.

Амбасадорот на Република Унгарија во Македонија,г-н Ференц Кекеси работата и имплементацијата на Охридскиот договор ја оценува како промоција на основните човекови права,како и правата на малцинствата вклучувајќи ги стратегиските договори помеѓу локалните партнери мултиетичноста да стане примарна цел.Договорот според него е документ кој земјата ја прави потенцијална членка на ЕУ и создава услови за општество со високи демократски вредности.Со стабилноста на земјата се стабилизира и самиот регион во Југоисточна Европа, што е пак приоритет за ЕУ и НАТО. За потполна имплементација на договорот потребен е дијалог помеѓу двете страни со одговорен начин на размислување за придобивките од тој договор кои ќе ја приближат земјата кон ЕУ и НАТО,а кои пак приближувања ќе станат вистински предизвик на нејзиниот развој.

Службеникот на Европската унија во Брисел д-р Александрос Јанис изјавува на конференцијата за дваесетгодишнината од независноста на Македонија,десетгодишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и десетгодишнината од потпишувањето на договорот на Македонија со ЕУ за стабилизација и асоцијација,дека за прв пат Европа се соочила со предизвикот, кој барал големи напори заедно со САД, конфликтот во Македонија да не ескалира и да се донесат долгорочни решенија.За тоа потребно било да се насочат локалните лидери кон одговорност со која земјата ќе ја претворат во стабилна и просперитетна.За тоа било потребна голема дипломатска, финансиска подршка кој заедно со воените и политички мисии ќе им помогне да се реализираат поставените цели.Договорот го дава оној дух за решавање на меѓуетничките разлики да не поминат кон меѓуетнички тензии.Со уставната рамка се обезбедува правна децентрализација,рамноправност,изразувањето на ентитетот,еднаква преставеност во јавната и државна администрација,образованието и употребата на јазиците и сл.Тој го наведува председателот Баросо да каже дека Македонија преставува европска заложба со кој е избегната трагедијата на Балканот.

Од повеќето истражувања што се направени по ва прашање може да заклучиме дека,повеќето Македонци не се сложуваат со договорот дека обезбедува поголема стабилност.Само 16% од испитаниците Македонци се изјасниле дека тој е столб на стабилноста,а 42% не сакајќи отворено негативно да се искажат-одговориле со незнам и немам одговор,28% одговориле дека договорот е понекогаш важен за стабилноста.Овие одговори укажуваат дека сеуште Македонците во потполност не можат да го прифатат договорот и го сметаат за срамно предавство на владата која го потпишала.

Мислењето на амбасадорот на Република Албанија во Македонија,г-н Арбен Чејку се совпаѓа со претходните со тоа што тој договорот го смета-цитирам" за витален услов за мирот,стабилноста,интегритетот на Македонија,како и за нејзината евроатланската перспектива.Целосната имплементација на договорот не би требало да се гледа како доделување на привилегии на една етничка група,туку како сегмент кој обезбедува мултиетнички соживот со преземање на заедничка и еднаква одговорност на сите етнички групи.За ваков соживот има пример во САД,центарот на демократијата и слободата,хармонија на верска основа и мултиетнично живеење".

Амбасадорот зборува за животот на малцинствата,меѓу кои и македонското, во Р.Албанија, дека ги уживаат сите политички,социјални,религиозни,културни и образовни права.Тие според него се застапени и во локалната самоуправа и медиумите на македонски јазик,а имаат право да учат на свој мајчин јазик.Верската припадност,продолжува тој, преставува пример на хармоничност и соживот на религиите во регионот и пошироко.Според него на Балканот му е доволно од историски поделби,па интеграцијата на земјите во НАТО и ЕУ ќе доведе до мир,стабилност и просперитет во регионот.Со неа ќе се подобрат добрососедските односи, а воедно и ќе се продлабочи и регионалната соработка,а со тоа ќе се постават на повисоко ниво меѓуетничките и интеррелигиозни односи.

На прославата за десетгодишнината од договорот говорел и амбасадорот на Р.Косово во Македонија: Скендер Дурмиши, каде ја потенцира историската важност со кој се запре војната,се разви евроатлантската интеграција која ќе и донесе просперитет и развој на секое поле на земјата.Недоволната имплементација на договорот би значел застој на сите стремежи на Македонија да го трасира патот кон ЕУ и НАТО.

Според мислењето на директорот за градење на мир и права при институтот за студирање на човекови права при универзитетот во Колумбуја,Дејвид Л.Филипс,Македонија има уште многу да направи во имплементацијата на договорот и за интеграцијата во евроатланските институции.Според него договорот наметнува подржување на учеството на малцинските групи во јавната администрација,локалното владеење,зајакнување на

јазичните права и фискалната децентрализација.Од друга страна Албанците во Македонија ,земјата ја гледаат како сегрегатско општество,каде нема дискриминација но нема и еднаквост и социјална правда.Додека пак дел од македонските партии (се мисли посебно на ВМРО-ДПМНЕ) никогаш не го прифатиле договорот и го сметаат за наметнат од меѓународната заедница.После поминат извесен период од потпишувањето на ОРД ,Македонија запаѓа во ќор-сокак при владеењето на правото,независното судство,независноста на медиумите и сл.Според него ВМРО се поведува од националистички интереси,а неговиот тогашен коалиционен партнер ДУИ само профитира (меѓу нив се и 20% Албанци)сметајќи дека договорот ги задоволува делумно целите на албанската заедница.

Македонија не е успешна при нееднаквата фискалната децентрализација,стапката на вработеност на Македонците е двапати поголема.Во Македонија обично политичките партии ги распределуваат работните места како награда за лојалност и партиски заслуги.Што се однесува на употребата на јазикот во 2007 година Уставниот суд го одби законот за јазици.Со проектот 2014 г ,Дејвид Филипс истакнува дека Македонија го слави словенското и источно-православното наследство,не сакајќи да го спомне придонесот на другите заедници.Стагнацијата во евроатланските интеграции,тој ја наоѓа и во спорот со името што Македонија го има со Р Грција,употребата на името на Александар Македонски во именување на аеродромот и правењето на монументален споменик со неговиот лик и сл. со кој се провоцира јужниот сосед.

Поранешниот амбасадор на САД во Македонија,Џејмс Пердју за Македонија смета-цитирам" дека има славно минато,но дека историјата не треба да ја ограничи земјата,а шовинизмот не е извор на доверба туку на несигурност и слабост.Хендикепот на непризнавањето на името од страна на Грција, македонската влада не треба да е обесхрабри туку напротив треба да ја потикне да изнајде решение што поскоро тој спор да се реши.Решавајќи го спорот со името Македонија треба што поскоро да стане членка на НАТО И ЕУ,со кој ќе биде заштитена и ќе може да ги користи бенифициите кои се пропратни со зачленувањето.Со влегувањето во ЕУ ќе се зголеми и животниот стандард на граѓаните,повеќе ќе владее правото и повеќе ќе донесе почит кон човековите права и вредности.Сегашните лидери треба да се замислат колку ќе биде наследното право на новите генерации,дали тоа ќе биде симбол на минатото или несреќна отпорност кон промени.Напредокот, Пердју, на Македонија го гледа во силата на луѓето во нивната желба колку сакаат што поскоро да се интегрираат во безбедносни води кои ќе им донесат мир,стабилност,стандард".

На крајот ќе го завршам ова свое видување со зборовите од книгата" Мечови и ралници" на Лорд Педи Ешдаун што целосно го покажува односот и улогата на НАТО и ЕУ во

конфликтот -цитирам:"Најдобар пример за успешна превенција да се спречи војна е примерот со Македонија,каде се спасија илјадници животи и се избегна војна со несогледиви последици."и зборовите на поранешниот премиер на Велика Британија,Тони Блер упатени во писмо до лорд Робертсон во кој вели дека ваквата криза доколку не се спречеше можеше да доведе до нова војна на Балканот.

## 4.Зошто Македонија ја изгуби војната

Постојат повеќе полемики за тоа зошто Македонија ја изгуби војната и што точно придонесе за тоа да се случи.Вистина е тоа дека Македонија беше премногу слаба за да и се спротистави на околностите кои доведоа до војната.

Македонија имаше бројни и добро вооружени сили кои беа подготвени да се справат со секаков вид на надворешна закана.Албанските терористи беа далеку помалкубројни од македонските безбедносни сили,но има повеќе причини и мотиви за срамниот пораз над Македонија.Како прва причина се наведува слабата организација на македонскта политичка гарнитура односно јадежот меѓу македонските политички партии. Македонскиот блок не покажа единство пред домашната и маѓународната јавност и речиси цело време се кодошеа пред меѓународниот фактор оцрнувајќи ја другата политичка фракција,работеа без единствена национална стратегија.За време на конфликтот Македонија има влада која била составена од широка коалиција,составена од власта и опозицијата.Тогашен министер за внатрешни работи од редовите на ВМРО-ДПМНЕ бил г-динот Љубе Бошковски,а пак министер за одбрана од редовите на СДСМ бил г-динот Владо Бучковски.На клучните министерски места има поставено луѓе од две политички фракции кои меѓусебно беа опортнистички настроени,а тоа доведе до лоша слика до меѓународниот фактор.Навистина во почетокот на конфликтот албанските терористички групации немале подршка од поголемите албански политички партии ДПА и ПДП во Македонија.Но подоцна неслогата, којшто постоела внатре во македонскиот политички блок, вешто била искористена од страна на албанскиот фактор во земјава.Наместо да делуваат македонските партии сложно и организирано тие се надметнуваа меѓусебе поаѓајќи од нивните лични и партиски интереси занемарувајќи ги државните и националните.Од друга страна придонесе фактор што во кабинетот на македонскиот претседател имало стручни кадри без работно искуство, како што се господата Стево Пендаровски и Никола Димитров.Друг фактор кој придонел за омаловажување на македонската репутација пред меѓународниот фактор е неажурноста

на македонската дипломатија.Тогашниот амбасадор во САД, Срѓан Керим, делувал незаинтересирано во однос на тоа да издејствува за македонската кауза таму кадешто не преставувал како земја.Наместо жестоко да истапува за македонските интереси пред официјален Вашингтон него го интересирало луксузниот живот и дивеењето на државна сметка.

Оправдувањето на македонската дипломатија за неуспехот, во лобирањето за македонскиот став и на македонската политичка гарнитура било тоа дека албанското лоби било премногу силно од финансиски аспект(а се птрепоставува дека овие приходи доаѓале од дрога и од оружје).Навистина било дека приходите кое ги имало албанското лоби во САД и Западна Европа доаѓале од криминалните бизниси и биле со сомнително потекло,но сепак не треба да го заборавиме фактот дека Македонија како држава можела да биде повеќе ажурна во дипломатска смисла во однос на македонската кауза пред меѓународниот фактор.Друга причина што довело до срамното понижување на македонската држава било лошото менаџирање со СДБ .Речиси за време на војната МВР во април 2001 тргнала со реформи и намалување на обемот и надлежностите на СДБ иако за време на војна надлежностите на безбедносните служби се зајакнува во било која друга земја. Нормално е за време на војна да се превземат обратните чекори кои ги презела македонската влада,а тоа е зголемување на обемот на надлежностите посебно на СДБ[64]. За споредба, за време на терористичките напади во Њујорк на 11 септември 2001 година, тогашниот американски претседател издаде наредба за зголемување на надлежностите на американските тајни служби, за да можат да приведуваат, следат и прислушкуваат, без да чекаат судски налози.

Во такви сутуации е нормално е да се преземаат тие ригорозни мерки со цел да се спречи национална закана.Пристап до информациите за националната безбедност т.е. до самите извештаи имале и преставниците на албанските политички партии кои не и мислеле добро на државните интереси туку го застапувале прашањето за "Етничка Албанија".Од друга страна нестручното,неодговорно и крајно непрофесионалното командување со македонските безбедносни сили придонело да има поголем број на жртви во конфликтот,а герилскиот начин на војување, односно напаѓањето во заседи е еден од факторите да придонесе да дојде до тоа.

ОНА со време се стекнала со подршката од меѓународниот фактор,а како доказ кој очигледно и кристално јасно посочува на тоа е случајот со Арачиново.За тоа посебно придонесува неажурноста на македонската влада и дипломатијата во западните земји.На крајот поради притисокот од западните земји и САД особено македонската влада морала да попушти и да им дозволи на албанските терористи со автобуси организирани од страна

[64] Служба на државна безбедност

на албански претпријатија од Тетово да го напуштат селото и со тоа да се преселат во други кризни жаришта,со објаснување да се избегне поголемо крвопролевање.

Иако СДБ имала информации за тоа дека во Македонија ќе има војна и покрај тоа што македонските власти биле предупредени од некои западни тајни служби за присуството на неидентификувани вооружени лица на поедини простори од земјата, тие останале глуви и слепи на овие предупредувања.Очигледно дека македонскиот премиер или не бил заинтересиран за овие извештаи кои му биле при рака или пак останува на фактот дека сето тоа што го правел го правел по директива од нечија страна од надвор.Нереформираната војска и полиција било причина плус да се отежне бранењето на Републиката.

Работите станувале појасни ако се знае дека во тоа време МВР за ктатко време добила дури 11 полициски генерали, иако поголемиот број од нив не заслужувале и не биле соодветно едуцирани што значи не ги исполнувале определените услови за тоа.Се случувало поединци да се здобијат со чин генерал иако тоа им било прво вработување и прв чин во хиерархијата на АРМ.

Не треба да заборавиме на фактот дека Албанците потпирајќи се на лобито од нивната дијаспора особено на таа од САД и Швајцарија добиле силна потпора кај западноевропските држави и САД.Тоа можеме да го видиме тргнувајќи од фактот дека албанските терористички групации биле подучувани и обучени од странски експерти пред се од САД и Велика Британија.Од многу аспекти можело да се види дека таканаречениот конфликт бил добро изрежиран и благодарение на подршката што ја ужива албанскиот фактор војната резултираше со потпишување на Охридскиот Рамковен договор.Ова претставува срамен,понижувачки и трауматичен чин за македонската популација која ги направи да се чуствувааат како граѓани од втор ред зад Албанците.Факт е дека доколку македонскиот политички блок,македонската дипломатска мрежа како и македонската дијаспора делуваа сложно и едногласно можеше да се стори многу повеќе за одбрана на македонската кауза,а со тоа и да се заштитат македонските национални интереси пред меѓународниот фактор.

Но неслогата меѓу Македонците пред се на политичарите како и нивниот личен интерес за поголема власт доведе до тој степен Македонија да биде понижена пред своите граѓани и пред светот.

## 5.Последиците од војната

Воениот конфликт што ја зафати Македоанија,остави долготрајни последици.Најболната од сите е што било предизвикано етничкото чистење.Дивеењето на албанските екстремисти, под закрила на паролата дека се борат за правата и рамноправноста на својата заедница во земјата,на својот пат рушеле,палеле се што било македонско.Но нивните злодела не завршувале тука. За да ја постигнат својата цел тие со кражби,убиствата на невини цивили,закани и слични дејствија,сакале да го заплашат македонското и другото неалбанско население на тие простори каде они биле мнозинско население, за да Македонците сами ги напуштат вековните огништа и да бараат засолниште во другите делови од Републиката или странство.За да ја потврдат уште повеќе својата намера,албанските извршители,со стапување во сила на законот за локална самоуправа, почнале да ги менуваат имињата на улиците,да подигаат споменици на таканаречените борци за слобода и просветители кој и не се од оваа земја, се со цел македонското население никогаш повеќе да не посака да се врати во своите домови.

Втора болна последица од воениот конфликт се изгубените животи.Нестручното раководење со борбените единици и нивното командување придонесе за големиот број на изгубени македонски животи.Долго во историјата ќе се паметат лошите команди,нестручното планирање и организирање на борбените дејствија кај Карпалак,Вејце и Љуботен.Исто така во историјата ќе биде запишано дека поголем дел на загинатите бранители погинале од поставени заседи на терорисричките герилски банди,а многу помалку во директна борба со непријателот.

Цехот на војната во конфликтот во Македонија во 2001 година изнесува 153 човечки животи.Од тие 43 се од армиските сили,15 од полициските безбеднисни сили,10 цивили,3 од ОБСЕ и 82 (со сигурност не е утврдено) припадници на ОНА.[65]Покрај изгубените животи

---

[65] Костова1,Незавршен мир,Бата пресс,Скопје 2001,стр.189-190

имало и доста ранети,голем број на инвалидизирани лица кои и денес постојат и се нем сведок на она што се случуваше на овие простори.

Сведоци за она што се случуваше на овие простори се и големиот број на реселени лица,од зафатените краишта со конфликтот.Луѓе кои го напуштаа својот дом и бараа засолниште заради дивеењата и изживувањата на сепаратистичките групи врз нив и притисоците кои беа правени врз цивилното население од страна на албанските"борци за слобода и права."Самата бројка од 170 000 раселени лица зборува сама за себе.Зборува за тортурата која била спроведена , за да тие бидат принудени да го напуштат својот дом и старите огништа. Долго оваа бројка бил главен проблем на владата како финансиски така и од хуман аспект.Постепено таа бројка на раселени лица во државата се намалувал,но голем број од нив не сакале да се вратат назад или пак немале каде да се вратат,затоа што нивните домови биле разрушени.

Раселените лица,останати без домови и се она кои цел живот го создавале, се најранливата категорија,како последица од војната.Нивното бегство од пред наездата на подивените орди на терористите,било преплетено со неизвесност,незнаејќи дали воопшто повторно ќе се вратат во своите домови и дали воопшто ќе имааат каде да се вратат.Од нивните приказни за случувањата кои го предизвикале нивното бегање во соседните села,градови се автентични и реални,испреплетени со огорченост,тага за изгубеното,а воедно остануваат сведоци за минатото кој најискрено иреално е одсликано.

Конфликтот во 2001г.ни укажува и на бројни примери за кршење на меѓународното воено право,а се мисли на бројните објекти и имоти кои биле разрушени ,ограбени и опожарени.Албанските "борци за слобода и права "не ги поштедувале ниту сакралните и верски објекти во нивното дивеење за кој дури и фашистичкиот непријател тоа не го направил.Не бил поштеден ни вековниот манастир од историска важност и светско наследство во Лешок и Матејче,биле разрушени скоро сите цркви,ограбени или запалени на тој регион.Како револт македонските граѓани, за изгубените млади животи во заседа,била запалена џамијата во Прилеп.Сето ова зборува за она што се случувало во Р Македонија во 2001г.

Иако фактите зборуваат за напаѓање на македонсото население од страна на албанските радикали,сепак крајот на конфликтот станува апсурден.Победуваат оние кој рушеа,палеа и убиваа.ОНА и албанските сепаратисти и радикали ги исполнија делумно ги остварија своите цели.

Додека македонската влада без концепт да се спротивстави и избори за македонските интереси и национални права, била нем потврдувач на барањата и исполнувањата што ги поставила меѓународната заедница за да се смири ситуацијата.Тогашната власт се

покажала за неспособна да го издејствува правото на македонскиот народ во однос на целите и намерите на албанските радикали.[66]

Никогаш нема да се дознае што стварно се случувало во Македонија во 2001 г.Дали тоа бил напад на агресија на теротисти или борба за човековите права и слободи.Секоја страна различно ги протолкуваат настаните,секој од свој аспект на гледање.Македонската страна ,конфликтот го гледа како акт на агресија и напад на суверенитетот на Р Македонија,а пак за албанската страна, тоа е борба за извојување на правата и слободата на Албанците во Македонија. Денес, покрај би се рекло мала временска инстанца од само четрнааесет години, се наметнуваат прашања со кои Македонија не успела сеуште да ги разреши,а кој ќе бидат кочница кон понатамошниот соживот во иднина.Македонија не успеа да ги сплоти двата етникума со кој би се зацврстила во иднина во својата стабилност и иден напредок.И покрај поминатото време од конфликтот,се уште постои нетрпеливоста помеѓу Албанците и Македонците.Ова меѓуетничка нетрпеливост продлабочена во конфликтот ,постојано се зголемува од политиката на политичките албански парти во Македонија, кои продолжуваат да ја водат не гледајќи ја независна Македонија, туку нивното понатамошно живеење го гледаат во склоп на Голема Албанија.По тој повод и покрај иреално дадените права тие сеуште не се задоволни,што предизвикува кај Македонците повторна недоверба , несигурност и прашања до кога и каде ова ќе води.

Но сепак Рамковниот договор преставува предизвик во иднина да се унапредат механизмите и институциите кои при нивното основање ќе овозможат почит кон етничките,јазичните и културните разлики,а воедно договорот го прави како основен критериум за интеграција на Р.Македонија во НАТО и Европската Унија.Успехот на внатрешната интеграција и имплементација на договорот е поврзан со интегративниот процес на Македонија во меѓународните членства.

Македонија презема голем број на законски и институционални реформи со кој би се усогласила со стандардите и прописите на Европската Унија и да изгради демократија и функционална пазарна економија.Со таа цел,Македонија спроведува либерализација на трговијата во регионот, слободно движење без визи,учествува при создавањето на регионални пазари на енергија и гас,ја подобрува инфраструктурата во земјата,заштита на животната средина и водата,меѓугранична и парламентарна соработка и др.

Сите преземени реформи се со цел да се приближи земјата кон интегративниот процес за влез во семејството на Европската Унија,кој е долг и сложен процес поврзан со

[66] Стојан Кузев,Митре Арсовски,Ристо Дамјановски,Војната во Македонија во 2001 година,Матица Македонска,Скопје 2006 година,стр.394-398

соодвествување и постигнување на соодветни економски перформанси на постојните земји членки на Унијата.Со реформите би требало да се намалат разликите на земјава со останатите на полето на невработеноста,економскиот пораст по бруто просечен доход по жител и да се постигне макроекономска стабилност со кој ќе се обезбеди среднорочна рамнотежа во сите сегменти во стопанството.Воедно треба да се обезбеди и брз економски развој со кој би се подигнал стандардот на живеење,а тоа се овозможува со повеќе услови за инвестирање и отварање на нови работни места и создавање на поголема конкурентност на производите.

Со договорот треба да се постигне фер и рамноправна поделба на буџетот и јавните фондови,со еднакви закони кои ќе важат за сите без оглед на етничката припадност.Фискалната децентрализација во договорот овозможува да се добие успешна локална власт,а додека рамномерниот регионален развојот да овозможи приближување на условите на развој на различните региони во земјата.Постигнувањето на овие цели треба да биде потпомогнато и од дијаспората,за кои треба да се создадат услови за нивно враќање заедно со нивното знаење и капитал да го инвестираат за побрз развој на заедничката држава.

## 6. Хашки случаи

Хашкиот трибунал е меѓународен суд за гонење на припадници од бившите југословенски простори кои се теретат за прекршување на меѓународното хуманитарно право после 1991 г.Тоа е судско тело создадено од Обединетите Нации со резолуција 827 на Советот за безбедност, со стрикна задача да се гонат оние кои го прекршиле хуманитарното право на војување во настанатите конфликтни ситуации.Формиран е по инцијатива на тогашниот германски министер за надворешниработи Клаус Кинкел.Овој суд се разликува, од посоечкиот кривичен суд и меѓународниот суд на правдата кои исто така се наоѓаат во Хаг,по тоа што не е постојан,е за просторите на бившите југословенски републики,трае се до 2008г. ,а со жалбените процеси до 2010 г. и има надлежност во областите на прекршувањето на Женевската конвенција од 1949 г.,прекршување на обичаите на војување,геноцид и извршени злосторства против човештвото.Судот е исклучиво за поединци и не може да им суди на држави.

Хашките случаи преставуваат табу тема во историјата на современата македонска држава.Всушност ова преставува најосетливо прашање која ги преоптеретува засегнатите страни во конфликтот како политичките субјекти така и граѓанскиот сектор поделен на етничка основа.Албанскиот фактор кога станува збор за хашките предмети,а со кој директно се засегнати со злосторствата направени од нивна страна се повикуваат на законот за амнестија изгласан во 2002 година,со кој се амнестирани,вратените на допроцесуирање четири хашки случаи,а тоа се *“Водството на ОНА”,”Гробница Непроштено”,”Мавровските работници ”*и *“Липковска брана.”*.Според тој закон се врши амнестија на сите воени злосторства,но сепак тоа преставува толкување од нивна страна.Македонскиот политички блок стои на ставот дека не треба да има селективност при спроведувањето на правдата и дека не треба без истрага да бидат затворени овие вратени хашки предмети.Меѓународниот трибунал во Хаг одлучил во 2008 година четирите предмети да ги врати и препушти на македонските судски органи.

Овој закон на амнестија од 2002г. не е само за злосторничките злодела на припадниците на ОНА,туку се однесува и за оние граѓани на Р.Македонија кои подготвувале или сториле кривични дела во врска со конфликтот заклучно со 26 септември 2001 г[67].Со овој закон сите лица кои сториле кривични дела, како пред конфликтот така се до наведениот датум, се ослободуваат од кривично гонење,според Кривичниот закон или друг закон на Р.Македонија

Со враќањето на четирите хашки случаи македонското судство било ставено пред голем предизвик,во решавањето на прашања кои директно засегаат во меѓуетничките односи.Неспорно е фактот дека македонското судство било подложно на критики од страна на домашни и меѓународни експрети,но ова сепак преставувало огромен терет за нашата судска власт.Албанците како што напоменавме претходно по секоја цена сакале да ги затворат случаите без судска истрага и разрешница.Ова преставувало предмет на личен интерес и пазарење меѓу политичките субјекти во земјата.

Законотот за амнестија е многу прецизен, чист и јасен. Нека го чита кој било правник, од тука или од странство, и ќе се увери во тоа. Македонските судови не се надлежни да судат за предметите вратени од Трибуналот, вели Насер Зибери, еден од подготвувачите на Законот[68]

Воочлив е фактот дека Хашкиот трибунал води двојни стандарди по директива на САД и Западните сојузници со тоа што предметите со кои се засегнати албанските злосторници намерно ги препушта на кревката македонска држава како тест за нејзиното критикувано судство.Од друга страна пак предметите поврзани со македонските "воени злосторници" како Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски намерно ги задржала во своја надлежност.Љубе Бошковски добива судска разрешница со коа тој се ослободува од обвиненијата,но тоа не се однесува и за другиот обвинет Јохан Тарчуловски кој се соочува со казна затвор поради тоа.Ова директно ги прегрева меѓуетничките односи.

За Албанскиот политички фактор и за Албанците особено за тие од Љуботен преставува скандалозна ослободителната пресуда за Љубе Бошковски[69]Исто така албанските радикали бурно реагираа откако Хаг го ослободи подоцна и Јохан Тарчуловски.Кога се врати назад во Македонија Јохан беше пречекан со раширени раце како од македонскиот политички блок така и од етничките Македонци,а пак особено од негото родно место Љубанци.

---

[67] Службен весник на Р.Македонија,8-03-2002г.

[68] http://novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=52610833566&id=9&setIzdanie=21991

[69] Поранешен министер за внатрешни работи за време на конфликтот 2001 година преставник на ВМРО-ДПМНЕ како член на владата која ја предводела широката коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ,СДСМ,ДПА и ПДП.

Случаите во кои се инволвирани албанските злосторници од 2001 година по се изгледа како никогаш нема да добијат судска разрешница со оглед на фактот дека Албанците вршат притисок врз самата држава таа да го стори истото.

Единстен случај којшто бил отворен во македонското судство бил случајот со "Мавровските работници"

Првоосомничен за овој случај беше Шкодран Идризи а еден од обвинетите беше и Хисен Џемаили, подоцна пратеник на ДУИ. За овој случај, кој беше единствен што заврши на суд, беа осмничени уште други десет лица, кои се теретеа дека на 7- ми август 2001 та година брутално малтретирале работници од градежното претпријатие "Маврово".[70]

Меѓутоа и овој судски процес кој беше отворен од страна на македонските истражни органи беше затворен повикувајќи се на законот за амнестија.Партиите од македонскиот политички блок почнале меѓусебно да се полемизираат во врска со оваа тема за тоа кој испаднал патриот,а кој предавник во овој случај.Според СДСМ нејзиниот политички опонент има постигнато таен договор за амнестија на хашките случаи,а како доказ за тоа од нивна страна било наведено во политичките "бомби" на Зоран Заев.

Од друга страна во одбрана на својата теза ВМРО-ДПМНЕ возвраќа со тоа што се повикува дека законот за амнестија бил изгласан во 2002 година кога тие биле во опозиција.Навистина Македонија во тие околности под такви притисоци не била во можност самата да се справи со оваа политичка ситуација.Законот за амнестија бил различно толкуван од сите страни.Речиси секоја политичка партија имала свое гледиште на овој закон.Според Зибери кој го спомнвме и претходно, Хашките случаи кои биле предадени од Хаг имаат своја разрешница повикувајќи се на закнот за амнестија кој е донесен во интерес на климата за подобрување на меѓуетниките односи.

Но сепак од морален аспект овие злосторства не смеат да поминат неказнети,но од друга страна пак го имаме предвид фактот дека тие злосторници се дел од македонската политичка гарнитура.Па токму поради тоа и не можат да добијат соодветна судска разрешница.Најзасегнати од овие прашања, се секако, роднините на 12-те исезнати Македонци кои по секоја цена сакаат да се реши мистеријата за тоа што точно се случило со нивните блиски.Тие пак тврдат дека македонската полиција не сака да го приведе главните виновници меѓу кој е и командант Лека кој е главниот инволвиран во случајот на киднапираните Македонци.

Случајот на 12-емина киднапирани Македонци не е единствен кој се решава со законот на амнестија од 2002г.Друг случај е Ликовската Брана,кога градот Куманво бил оставен

---

[70] http://faktor.mk/2015/04/07/dosie-hashki-sluchai-megu-patriotizmot-i-politichkiot-pazar/

цели 40 дена без свежа вода за пиење поради затварање на вентилите на доток на вода од Липковското езеро,а градот се снабдувал од цистерни.Впрочем тогаш Липково било под контрола на албанските терористи и логично било да се заклучи дека диверзијата на затварање на вентилите ја извршили тие.Куманово во тоа време бил доведен на работ од хуманитарна катастрофа.

Најчуствително прашање кое никогаш не ни било отворено било водството на ОНА во кој бил дирекно вмешан и самиот претседател на ДУИ, Али Ахмети.Конкретно во овој предмет станува збор за злоделата на таканаречената ОНА којашто ги извршила врз македонските безбедносни сили.Не постои простор за сомневање дека доколку би се отвориле сите четири случаи вратени од Хаг од страна на македонското судство, Македонија би била повторно доведена на работ на граѓанска војна,бидејќи се гледа фактот политичкиот фактор да ги користи овие политички прашања за свои цели.

Претседателот на ДУИ, Али Ахмети, во интервју за телевизијата Алсат-М повтори дека решавањето на хашките случаи го гледа преку автентично толкување на Законот за амнестија. Ахмети дури не ја исклучува можноста да се бара помош од „меѓународниот фактор“. [71]

Од друга страна нејасно останува прашањето со која цел меѓународниот фактор ги препуштил овие случаи како жежок костен на македонските судски органи знаејќи дека тие овде нема да добијат судска разврска.Се чини дека очигледен е фактот дека Хаг по директива однадвор ги препуштила овие случаи на македонските власти.Па од тука можеме да дојдеме до уште еден заклучок дека западот има селективна правда за воените злосторства на Балканот вклучувајќи ја и Македонија.На крајот од сето ова можеме да дојдеме до заклучок дека официјално обвинети од конфликтот има само од македонска страна додека пак Албанците остануваат “чисти“ со својот образ пред меѓународниот заедница.

Единствени судски разрешници во Хашките судови најдоа предметите на Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски.Љубе Бошкоски,како поранешен министер за внатрешни работи и неговиот соработник за време на конфликтот Горан Митевски и уште неколку сведоци меѓу кој и Владо Бучковски,Панде Петровски,Никола Спасовски и уште 13 македонски граѓани од Македонија беа повикани во Хашкиот трибунал за случајот Љуботен.Судењето отпочнало на 16-04-2007 г,а Бошковски одговара пред трибуналот за “ командна одговорност”,кој како министер за внатрешни работи одобрил, Тарчуловски да формира и предводи полициска единица која во август 2001 г. ја спроведува акцијата во Љуботен.

---

[71] http://novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=52610833566&id=9&setIzdanie=21991

За Љубе Бошковски одговара пред Хашкиот тибунал ,бил екстрадиран од Хрватска на 24-март-2005г.Обвинението гласело одмазда за загинатите 8 македонски војници од нагазна мина која ја поставила ОНА на 10.8.2001г. на патот во близината на село Љуботен,противзаконски е извршен напад на селото од страна на полициските единици под команда на Јохан Тарчуловски.Во оваа акција загинале 7 цивили од албанскиот етникум,14 куќи запалени а повеќе од стотина мажи Албанци биле затворени,малтретирани,мачени.Како што е кажано со акцијата раководел Јохан



**Сл.15. Јохан Тарчуловски со македонското знаме**

Тарчуловски,а Љубе Бошковски знаел и бил во тек со акцијата како и тоа дека не направил ништо истата да ја спречи или накнадо да ги казни оние кои го вршеле тој терор.Затоа тој е обвинет од страна на меѓународниот обвинител за убиства,безобзирно разорување на села и сурово постапување.

Второобвинетиот Јохан Тарчуловски од страна на Хашкиот трибунал екстрадиран е од Македонија на 16-03 2005 г.Во текот на судењето биле ислушани 64 сведоци.Јохан е обвинет по сите три обвиненија кој го товареа и Љубе Бошковски,Судскиот процес траел околу една година за да на 10-07-2008 г.судскиот совет на Хашкиот трибунал се произнесе за ослободителна пресуда на прво обвинетиот,а како единствен обвинет од истиот суд за извршени злосторства од Македонија е Јохан Тарчуловски.Казната од 12 г .Јохан ја

одлежува во Германија која беше назначена од судскиот совет за земја каде тој ќе ја одлежи.

Воглавном пресудата на судот се темели дека во Македонија имало внатрешен воен конфликт каде се употребувало големи воени сили и тенкови и авиони и хелихоптери.Во конфликтот биле употребувани и минофрлачи и тешка артилерија.Постоеле две организирани воени структури со централна команда и поставени хиерархиски,со униформи и ознаки.Самата акција кај с.Љуботен судот ја оценува како легитимна со цел да се лишат од слобода оние кои ги поставиле нагазните мини претходно кај Љуботенски бачила.Акцијата нема висок степен на кривична одговорност (Joint Criminal Enterprise),а онаа што ја има е лична одговорност, а не на државата,за три убиства Јохан бил ослободен од обвиненијата.Во пресудите на судот употребени се највисоки стандарди за човекови права.

Кога се навраќаме кај Хашките предмети имаме реакции и од ОМД[72] кадешто се барало Хашкиот трибунал повторно да ги поврати назад четирите случаи кои и биле дадени на Македонија.

Според нивното мислење судот во Хаг треба да ги преземе случаите во свои раце бидејќи Македонија како кревка држава не успеала да ги процесуира истите предмети.

ОМД го испрати ова барање бидејки смета дека македонското судство и обвинителство не ги процесуираа овие четири предмети во согласност сопринципот на владеењето на правото. Одлуката на Уставниот суд на Македонија да не го оспори автентичното толкување на Законот за Амнестија е во спротивност на меѓународното право.[73]

Според мислењето на ОМД воените злосторства според меѓународното право никогаш не застаруваат така да во тој случај истите тие мораат да бидат процесуирани во системот на правдата.

Тие тоа го побарале од хашкиот трибунал во писмена форма и ако во тоа време биле свесни дека истиот тој ќе се затвори.

[72] Обединета македонска дијаспора

[73] http://daily.mk/makedonija/omd-hashkite-predmeti-povtorno-da-bidat-otvoreni-1

Ова станало жежок костен во историјата на современата македонска кревка држава и гледано според развојот на настаните и самите околности никогаш нема да добијат судска разрешница.

Но и покрај напорите на обесправените Македонци посебно роднините на 12-мината киднапирани Македонци како и роднините на загинатите припадници на безбедносните сили вклучувајќи ги и воените инвалиди не престануваат да ја бараат правдата повикувајќи се преку медиумите.

После сето ова на крјот албанскиот етникум повторно испадна победник како на домашен терен во рамките на македонската држава така и пред меѓународниот фактор.




**Сл. 16- Споменик на загинатите Македонци од Непроштено**

Не смееме да го заборавиме и случајот Непроштено 2001 како дел од случајот со киднапираните Македонци.Нивните роднини се очајни во барањето на правдата,но сепак после сите тие напори повикувајќи се на законот за амнестија испаѓа дека сиот труд останува залуден.

Споменикот е единственото сведоштво за загинатите. Надлежните институции по донесувањето на Законот за амнестија, ја запреа истрагата за пронаоѓање 12 те киднапирани македонци од воениот конфликт од 2001 година, меѓу кои се и четворицата жители од Непроштено.

Споменикот на четворицата етнички Македонци од тетовското село Непреоштено Гоговски Крсто,Михајловски Цветко,Михајловски Васко и Михајловски Стојан е речиси се што останало од нив како сведоштво за тој немил случај и единствено место каде најблиските можат да запалат свеќа и се потсетат на прерано изгубените животи на нивните најмили.

Семејствата на киднапираните во неколку наврати бараа повторно поведување на истражна постапка. Велат дека за разлика од кај нас, во земјите од поранешна Југославија, интензивно се работи на откривање на исчезнатите лица од војните.[74]

Но наместо истиот процес да биде пресликан и во нашата земја законот за амнестија кој бил своевидно толкуван од албанскиот фактор во земјава доведе до ситуација оваа направда како рана да остане отворена.

[74] http://www.telma.com.mk/vesti/odbelezhani-14-godini-od-ubistvoto-vo-neproshteno

## 7. Сведоштва

Професор Лубомир Фрчковски за моменри потпишувањето на договорот ќе кажи:"Имаше голем расцеп меѓу председателот Борис Трајковски,министерот за одбрана Владо Бучковски и министерот за внатрешни работи Љубе Бошковски.Имавме проблем да ја координираме работата.Јас мислам дека не беше проблем нерешителноста на преседателот Трајковски или неговото пасторство,кој сепак на крај тој ги носеше одлуките"-додава Фрчковски.

"Не биле проблем само безбедносните акции во Тетово туку и во Куманово и Скопје каде што се покажале неспособни силите на полицијата.Тогаш се појави системот за некоординација.Ние моравме да се соочиме со тоа.да не се лажеме,поради тоа изгубивме и животи и дел од нашите политички позиции"-вели Фрчковски."Никогаш не можам да му простам на македонскиот дел од владата што и се случуваше некоординација,а за тоа плаќаа македонски војници кои бандите ги гаѓаа како мети.Тоа беше страшно.Најмалку информиран и жртва беше председателот на државата.Бев сведок на тоа како функционираше и колку беше лошо.Моравме со написи во јавноста да создадеме монолитност"-вели Фрчковски во тогашното интервју во Утрински Весник.[75]

Владо Бучковски тогашен министер за одбрана во широката коалиција во владата на Љубчо Георгиевски,во интервјуто за Утрински Весник вели:"Веднаш по моето назначување бев повикан во кабинетот на председателот Борис Трајковски.Таму ме дочекаа премиерот Љубчо Георгиевски,генерал Јован Андреевски-началник на армијата,новиот министер за внатрешни работи Љубе Бошковски и председателот на собранието Стојан Андов.На масата имаше две карти.Веднаш ми стана јасно дека нема ништо од информацијата, дека меѓународната заедница веќе го има решението за кризата.Таа вечер се распрснаа сите мои очекувања дека добиваме голема влада на широка коалиција кој со политички стредства ќе ја разрешиме кризата.Се соочив со реалноста дека државниот и воениот врв веќе планираа операција во Липковскиот

[75] Фељтон 2001г.

регион.Тогаш ми стана јасно дека не сме формирани како голема коалиција за решавање на кризата.Постоеа два спротивставени табора"-продолжува Бучковски,"едните беа јастребите кои сакаа воено решение,а другите беа миротворците предводени од председателот меѓу кој бев еден од нив".[76]

Поранешната министерка Доста Димовска остана во тесна врска со председателот и остана до крајот на конфликтот која тврдела дека тоа се само различни пристапи.Според неа и председателот и премиерот се залагале за успешна одбрана на земјата,но се разликувале само во пристапот."Премиерот сакаше кризата да се реши што поскоро,а додека председателот по мирен пат.Сепак военото искушение е најтешко за сите"-вели таа,"не можам да кажам дека ниту за еден дали е добриот или лошиот патриот".

Високиот преставник за надворешна и безбедносна политика на ЕУ,Хавиер Солана,кој постојано бил присутен во критичните моменти во Македонија,за Утрински ќе изјави:"Под лидерство на председателот Борис Трајковски,вашите водачи одлично си ја завршија својата работа.Тие имаа можност да работат како тим,во заедништво,па успеаја да ги стават општите државни интереси како највисок приоритет.Во критичните моменти,без оглед на политичката или етничката припадност сите покажаа зрелост и смисла за лидерство.Тоа беше лекција за целиот регион"-завршува тој.

Во истиот фељтон на Утрински,тогашниот генерален секретар на НАТО,Џорџ Робертсон,кој практично бил дел од македонскиот политички тим што ја решавал кризата,сведочи[77]:

"Односите им беа,благо кажано,затегнати.Владата беше голема коалиција,составена од сите големи партии и имаше сериозни разлики помеѓу нив,при што некои одвреме навреме отворено се обидуваа да го поткопаат мировниот процес заговарајќи воено решение.Но без оглед колкави беа тензиите,сите клучни играчи го потпишаа Охридскиот договор.Како тим,тие си шутираа голови,неферски го напаѓаа капитенот и понекогаш не можеа да им додадат топка на своите соиграчи,но и покрај тоа,во последниот момент сите тие се уште беа на иста страна и ги обединија резултатот и целите за да ја добијат играта во Охрид во 2001г."

---

[76] http:www.dw.de/2001-%D1%82D1%80D0%B0%D1%9, Трајковски за мировно-Ѓеоргиевски за воено решение на конфликтот

[77] Панде Петровски,Сведоштва 2001,"Киро Дандарот",Битола 2006 година

## Заклучок

Одсекогаш мултиетничките односи во Македонија биле сензибилни, особено кога станува збор за односите со македонската и албанската заедница.Низ историјата постојано тие односи доживувале задоволително ниво, но се случувале се почесто падови кои биле потикнати од долгогодишната недоверба во соживотот.

Македонската заедница не можела да ги заборави постапките на албанската заедница кој доведувале до се поголема одалеченост во текот на нивното живеење.Соживотот кој обичниот граѓанин го имал со другата заедница,најчесто бил нарушуван од политичките интереси на поединци или партии кои сакајќи да ја постигнат својата цел овој соживот најчесто го пореметувале сеејќи омраза кон другата заедница.

Охридскиот рамковен договор и после 14 години од неговото потпишување не придонесе да се подобрат односите меѓу етничките заедници,да ги поврзе и да ги интегрира во општеството,развивајќи го интеркулутрализмот меѓу нив.Напротив се создава енормно поделено општество каде постојат две свери на Македонци и Албанци,а останатите етнички заедници се наоѓаат меѓу нив.Создадени се услови за поделеност пред се во образованието,каде во основните и средни училишта непостојат повеќе мешани паралелки,постојат чисто етнички факултети,политичките партии станаа со едноетничка заедница,а младите ноќниот живот го живеат во етничко поделени кафулиња.Во сета оваа поделеност единствено опстојуваат поедини невладини организации кои во својата програма промовираат соживот кој ќе биде единствено овозможен доколку се има заедништво и соработка помеѓу заедниците.

Правото за образование на мајчин јазик на различните етнички заедници е придобивка благодарение на децентрализацијата,кога преку локалната власт етничките заедници добија поголема контрола во училиштата.Со самата оваа постапка се предизвика и етничка поделеност,а знаеме дека мултикултурализмот во образованието е можност кон подобрување на етничките односи и подобрување на човечкиот потенцијал за градење на кохезивно општество.Разните истражувања кои се правени на оваа тема наведуваат на заклучок дека јазичната поделеност во училиштата води кон етничка поделба.Истражувањата покажуваат дека паралелките со албанска националност се само

со албанци,додека македонските паралелки може да има ученици и од другите етнички заедници кои живеат во Македонија.

Со[78] цел оваа поделба да се анулира Министерството за образование и наука во соработка со општините би треба да развијат стратегија со која ќе ги поврзи еднојазичните училишта од една општина,да ги стимулира учениците да учат во повеќејазични училишта, каде вонннаставните активности нема да ги делат учениците по јазична основа.Ова да се прави со цел да нема поделеност меѓу "Вие"и"Ние",за да можат учениците, поготово средношколците да се ослободат од стереотипите и предрасудите за другата етничка заедница.Сето ова треба да помине низ психолошките и педагошките служби во рамките на училиштето,за да се намали насилството помеѓу учениците од различни етнички групи.Голема е и улогата на наставниот кадар кој признава дека оваа поделеност е поизразена во училиштата отколку на локално ниво.Сепак треба да се признае дека училиштата го немаат тој капацитет,службите не го следат етничкиот состав во училиштата, а нивната неспремност води кон недоверба на учениците кон соучениците од друга етничка заедница.За ситуацијата да биде уште позамрсена придонесуваат и самите родители за оваа интеретничка нетолеранција,со совети да не се дружат со другите за да се заштитат од насилство.Истражувањата укажуваат дека непостои самокритичност кај ниеден од нив,секој се жали дека другиот е поппривилегиран и така се се врти во круг.

Стратегијата за подобрување на меѓуетничките поделби помеѓу учениците треба пред се да се состои со обезбедување на просторни и временски услови кои ќе обезбедат поголема комуникација меѓу нив,да се обезбеди рамноправен третман на јазиците во наставата,да се обезбеди мултиетнички состав на стручните служби ,да се изградат мехамизми за мониторирање на сите активности кои се во врска со почитување на мултикултурализмот во училиштата и сл.Што се однесува до насилствата треба да се воведат информативни материјали каде ќе можат да се препознаат разните видови на насилство помеѓу заедниците,а наставниците и стручните служби да се обучат за ненасилно разрешување на насилниот конфликт кој настанал помеѓу учениците.

Втор фактор кој ќе придонесе во подобрување на односите помеќу учениците од различно етничко потекло е и воведување на настава со кои се изучуваат животните вештини,со кои би се зајакнеле и вонннаставните активности со предмети заеднички по информатика,изучување на англискиот јазик или физичко образование.Сето ова би било полесно реализирано доколку заемно се изучуваат и јазиците од двата етникума.Општинските комисии за меѓуетнички односи повеќе да соработуваат со комисиите за правата на децата,со цел да се реализираат заеднички проекти на

[78] . http://tolerancija.kauza.mk/меѓуетнички соживот

општината и училиштата за мултикултурата на училишта со мешан етнички состав,а воедно општината треба да ги стимулира повеќе финансиски ваквите училишта.

Меѓуетничките односи и образованието се опфатени и во изборните програми на ВМРО_ДПМНЕ.Меѓуетничките односи воглавном се гледаат од аспект на Рамковниот договор во областа на образованието,а етничките односи ги гледаат во таа програма како соживот во кој се базира на меѓусебно почитување и толеранција,а во најновата програма владата им дава за задача на Министерството за образование и наука да создаде програма каде поединецот е најважен како неговиот културен идентитет така и неговиот непречен индивидуален развој во мултикултурно живеење,а сместен во глобалниот национален контекст[79].

Сепак[80] во некои извештаи на ОБСЕ кој се однесува на етничката толеранција, се уште стои дека образованието е индикатор кој ја потикнува етничката поделеност.Како пример е земена историјата каде многу малку се содржините за другите етникуми во земјата ,а се велича сопствениот,настава на други јазици од различни етникуми е поставена како изборен предмет,дека македонскиот јазик се изучува од четврто одделение, а англискиот се слуша од прво во албанските паралелки,воведувањето на веронауката ги зголемува и етничките разлики,а во училиштата со мешан состав наставата се одвива во две различни смени.Овие забелешки на ОБСЕ се засновани од истражувањата направени за етничката толеранција ,кои истражувања ни укажуваат дека само 5 % од испитаниците, родителите своите деца би ги прателе на настава од друга етничка заедница.

Ова укажува дека треба уште многу да се работи за да се прекине кругот на дистанцирање од двете страни за да може да се гледа во заедничка иднина,да се избришат стереотипите пред се кај наставниот кадар кој работи со младите за да тие не ги гледаат како непријатели другите етникуми.

За подобрување на етничките односи,владата и разни невладини организации, преку разни форми организирааат трибини во кои учествуваат младите од сите етнички ентитети,каде се дебатира без никакви предрасуди за разликите помеѓу нив и со дружење и забави се обидуваат да ги надминат и научени и свесни за нивните разлики да продолжат заеднички во подобар живот.Според рамковниот договор Македонија е мултинационална ,а не бинационална,па затоа во институциите на системот треба сите да се застапени.Акцент се дава на заедниците влезени во преамбулата на уставот,државата се грижи за нивното вработување и се слуша нивното мислење при донесувањето на

[79] Национална програма за развој на образованието 2005-2015,Министерство за образование и наука,2004
[80] http://www.unicef.org/tfymacedonia,Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието,канцеларија на УНИЦЕФ,Скопје,ноември 2009

одлуки.Помалите етнички заедници немаат свој преставник во власта,па нивните права ги бараат преку невладиниот сектор кој нема некое позначајно влијание во институциите на системот.

Следен фактор кој влијае како односите помеѓу заедниците ќе се развиваат се и медиумите.Во конфликтот од 2001 г. се случуваше за еден ист настан македонските и албанските медиуми да известат на различен начин.Ова влијаело на мнението на луѓето што водело кон поголема недоверба кон другата заедница,сметајќи дека она за што ги информираат медиумите се вистини.Често пати медиумите во своите излагања ги преувеличувале настаните,било да се тоа електронски,аудио-визуелни или печатени медиуми.Кога секој од нив правилно би си ја извршувал задачата,многу полесно би ги релативизирале односите на заедниците.Овие односи би се релативизирале и со често емитување на емисии во етерот со двојазичен карактер,каде би гостувале и поединци од различни етникуми.Ваквиот начин би имал прилика да ги зближува заедниците,со мултиетнички емисии каде ќе се разговара за заеднички проблеми.

Мултиетничноста во Република Македонија се состои и од многубројните различни култури,обичаи и традиции.Сите тие разлики потекнуваат пред се од разликите во јазикот кој со долгогодишното живеење правеле луѓето да се приклонуваат кон своето јазично подрачје,а со тоа се дистанцирале и во самата култура,обичаи и традиции,како обележје на нивниот ентитет.Еден важен фактор кој придонесува за ваквото дистанцирање се предрасудите кои ги имаат заедниците едни према други.Така Македонците, Албанците ги доживуваат како агресивни луѓе,склони кон корупција и недоволно едуцирани.Додека Албанците Македонците ги доживуваат како себични,арогантни и превртливи луѓе.Албанците мислат дека се трудат да ги подобрат односите со Македонците, но тие тоа како да не го сакаат.[81]

Македонците пак бариерите во односите со Албанците ја припишуваат на стравот за физичката безбедност и политиката на нивните сожители да создаваат етнички чисти населби со присила или тортура и уцени.

Табу тема во односите меѓу овие две заедници е темата на мешани бракови.Најчесто од родителите, децата слушаат за несаканоста на таков брак помеѓу христјанин и муслиманка и обратно.Прво таквите бракови се тешко прифатливи за средината,а оние најблиските ќе бидат посрамотени заради тоа. Но денес во современиот начин на живеење кога младите се по цел ден на работно место,излегуваат на исти места,има голема можност да доведе до ваков брак,поради развиените емоции.

[81] Го образложуваат со тоа дека македонците долги години биле мнозински народ и како такви се чувствувале привелигирани.

Според[82] анализата на Штуловиот универзитет од Тетово,спроведена во 2009г.се покажува дека тензиите умерено се во опаѓање,дружењето помеѓу заедниците е се почесто,а со тоа предрасудите се повеќе се надминуваат.Анализата се состои во испитување на секојдневниот живот на граѓаните во Тетово,која анализа покажува дека граѓаните немаат повеќе фама кај кого купуваат во дуќаните или на пазарот,се почесто се оди во кафулиња каде не се гледа од која етничка заедница доаѓаат,а ова се пренесува и на соработката во работата.Пријателствата помеѓу двете заедници повеќе ги има во мешаните средини, но тоа не значи дека треба овој однос да се сведе на поединци .Затоа треба да се работи уште долго време за да двата етникума почнат да соработуваат и живеат заедно.Според универзитетскиот професор по политички науки Мирјана Малеска меѓуетничките односи се прекршуваат на рамниште на политичките елити,кога станува збор за распределба на економската и општествената моќ.Затоа рамковниот договор треба да претставува како регулатор на праведната застапеност,децентрализација на власта,пропорционалниот изборен систем и слично,за да политичките партии не можат да промовираат проекти со кој би ја предизвикала другата заедница или пак проекти кои би предизвикале сегрегација,а не заеднички соживот.Треба да се вложи труд и многу работа и со двете заедници да се научат да живеат заедно,затоа што мирот е кревок.Учејќи за заедништво и соживот,секогаш треба да имаат на ум и двете заедници,да не се повтори она од 2001г.Секогаш имало и ќе има обиди тој мир да се наруши, како што е примерот со убиството на четирите момчиња од македонска националност кај Смилковското езеро,многубројни неразјаснети убиства со националистички карактер и последните настани во Куманово,кога по напад на терористи од Косово,но и потпомогнати од некои од овдешното население се обидоа да внесат немир и нестабилност во меѓуетничките односи.Не треба да се заборават злосторствата кои беа направени за време на конфликтот од страна на "борците за човекови права",кои некои од нив сега седат во пратеничка клупа,но сепак не треба да не води омразата,туку разумот со кој ќе се унапредува соживотот со сите заедници во рамките на нашата држава.

[82] . http://www.dw.de/не е се така црно во меѓуетничките односи во Македонија

# ПРИЛОЗИ

**Прилог бр. 1**




**"Shqipëria e Madhe"[83]-Карта на Голема Албанија**

[83] "Shqipëria e Madhe" http://gazetatribuna.com/lajme/shqiperia-e-madhe-dhe-shantazhet-ruse/

## Прилог бр.2



**Communiqué From UÇK on It's Legal Status**

Националната ослободителна војска е дисциплинирана воена организација со своја внатрешна централна регулатива за работата и компетентноста на персоналот, командантите, одделите, офицерите и војниците.

УЧК има униформа, чинови и плочки со име кои се носат согласно со регулативата за униформа.

Организацијата на УЧК гарантира дека ќе постапува согласно со правото и обичаите на војната.

Заедничката команда на УЧК и војниците се должни да ја следат и да ја почитуваат Женевската конвенција од 1949 година.

Против оние што може да ја злоупотребат и обесчестат униформата и задачите добиени согласно со чинот на УЧК, како и против оние чие однесување е спротивно на правилата издадени од Заедничката команда на УЧК, а особено против оние што може да бидат осомничени за сторени воени злосторства, Заедничката команда ќе преземе итна акција.

Заедничката команда на УЧК целосно ќе соработува со Судот за воени злосторства во Хаг на нивно барање.

**Политички водач на Национална ослободителна армија (УЧК)**
**Али Ахмети**



## Обраќањето на Али Ахмети до учесниците на ОНА[84]

[84] Бела книга-Комуникето на ОНА

## РАМКОВЕН ДОГОВОР

13.08.2001

Точките во наредниов текст даваат усогласена рамка за обезбедување на иднината на демократијата во Македонија и овозможување на развојот на поблиски и поинтегрирани односи помеѓу Република Македонија и Евро-атлантската заедница. Овој Рамковен договор ќе го промовира мирниот и хармоничен развој на граѓанското општество, истовремено почитувајќи го етничкиот идентитет и интересите на сите македонски граѓани.

1. Основни принципи

1.1. Целосно и безусловно се отфрла употребата на насилство за остварување политички цели. Само мирни политички решенија можат да ја загарантираат стабилната и демократска иднина на Македонија.

1.2. Суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија, и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се сочуваат. Не постојат територијални решенија за етничките прашања.

1.3. Мултиетничкиот карактер на македонското општество мора да се сочува и да најде свој одраз во јавниот живот.

1.4. Една современа демократска држава, во природниот тек на својот развој и созревање, мора постојано да обезбеди нејзиниот Устав целосно да ги исполнува потребите на сите нејзини граѓани во согласност со највисоките меѓународни стандарди, коишто и самите постојано се развиваат.

1.5. Развојот на локалната самоуправа е од суштествено значење за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот, и за унапредување на почитувањето на идентитетот на заедниците.

2. Прекин на непријателствата

2.1. Страните го истакнуваат значењето на заложбите од 5 јули 2001 година. Ќе има целосен прекин на непријателствата, целосно доброволно разоружување на етничките албански вооружени групи, и нивно целосно доброволно распуштање. Тие го прифаќаат фактот дека за донесување Одлука од страна на НАТО да помогне во овој контекст, ќе биде потребно воспоставување општ, безусловен и неограничен прекин на огнот, согласност за политичко решение за проблемите на оваа земја, јасна заложба на вооружените групи доброволно да се разоружаат, и прифаќање од сите договорни страни на условите и ограничувањата во рамките на кои ќе делуваат силите на НАТО.

3. Развој на децентрализирана власт

3.1. Ќе биде усвоен ревидиран Закон за локална самоуправа со кој ќе се зајакнат овластувањата на избраните локални претставници, и значително ќе се зголемат нивните надлежности во согласност со Уставот (како што е измените во согласност со Анекс А) и Европската повелба за локална самоуправа, при што ќе се одрази принципот на вертикална организираност кој што во моментов важи во Европската унија. Зголемените надлежности пред се ќе се однесуваат на областите на јавните услуги, урбаното и руралното планирање, заштитата на животната средина, локалниот економски развој, културата, локалните финансии, образованието, социјалната заштита и здравствената заштита. Ќе се усвои Закон за финансирање на локалната самоуправа за да се обезбеди соодветен систем на финансирање, за на локалните власти да им се овозможи да ги исполнуваат сите свои надлежности.

3.2. Во рок од една година по завршувањето на новиот попис, кој под меѓународен надзор ќе биде спроведен до крајот на 2001 година, ќе бидат ревидирани општинските граници. Ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните и националните власти, со меѓународно учество.

3.3.Со цел да се обезбеди дека полицијата е свесна за и одговора на потребите и интересите на локалното население, локалните началници на полицијата ќе ги избираат советите на општините од листи на кандидати предложени од страна на Министерството за внатрешни работи и истите редовно ќе комуницираат со советите. Министерството за внатрешни работи ќе го задржи овластувањето за разрешување на локалните началници на полицијата во согласност со законот.

4. Недискриминација и правична застапеност

4.1. Целосно ќе се почитува принципот на недискриминација и рамноправен третман на сите лица пред законот. Овој принцип особено ќе се применува во однос на вработувањата во јавната администрација и јавните претпријатија, како и кај пристапот до јавното финансирање за равојот на деловните активности.

4.2. Во законите со кои се регулираат вработувањата во јавната администрација, ќе бидат содржани мерки со кои ќе се обезбеди правична застапеност на заедниците во сите централни и локални јавни тела и на сите нивоа на вработување во тие тела, истовремено почитувајќи ги правилата за компетентност и интегритет според кој се раководи јавната администрација. Властите ќе преземат активности за да ја корегираат постоечката неврамнотеженост во составот на јавната администрација, особено преку вработување припадници на заедниците со недоволна застапеност. Особено внимание ќе се посвети на тоа да се обезбеди, колку е можно побрзо, полициските служби генерално да го одразат составот и распределбата на населението во Македонија, како што е специфицирано во Анекс Ц.

4.3 За Уставниот суд, една третина од судиите ќе се избира од страна на Собранието, со мнозинство од вкупниот број пратеници, која ќе содржи мнозинство од вкупниот број пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Македонија. Оваа постапка ќе се применува и при изборот на Народниот правобранител и на тројца членови на Судскиот совет.

5. Посебни собраниски процедури

5.1. На централно ниво, уставните амандмани и Законот за локална самоуправа, нема да можат да се усвојат без квалификувано мнозинство на две третини од гласовите, во рамките на што ќе мора да има мнозинство од гласовите на пратениците кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Македонија.

5.2. За донесување на законите кои директно ги засегаат културата, употребата на јазикот, образованието, личните документи и употребата на симболи, како и на законите за локално финансирање, локални избори, градот Скопје и за општинските граници, ќе мора да постои мнозинство од гласови, во рамките на што ќе мора да има мнозинство од гласови на пратениците кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Македонија.

6. Образование и употреба на јазиците

6.1. Во однос на основното и средното образование, наставата ќе се изведува на мајчините јазици на учениците, а истовремено во цела Македонија ќе се применуваат унифицирани стандарди за академските програми.

6.2. Финансирање од страна на државата ќе се обезбеди за високо образование на јазиците на кои што зборуваат најмалку 20 проценти од населението во Македонија, а

врз основа на посебни спогодби.

6.3. При уписот на државните универзитети на нови студенти, кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинско население во Македонија, ќе се применува принципот на позитивна дискриминација се додека уписот правично не го одрази составот на населението во Македонија.

6.4. Низ цела Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик.

6.5. Кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението, исто така, е службен јазик, , како што е овде образложено. Во органите на Република Македонија, кој било службен јазик различен од македонскиот може да се употребува во согласност со законот, како што понатаму е елаборирано во Анекс Б. Кое било лице што живее во единица на локална самоуправа во која најмалку 20% од населението зборуваат службен јазик различен од македонскиот, може да употребува кој било службен јазик за да комуницира со регионалната канцеларија на централната влада, надлежна за таа општина; таквата канцеларија, ќе одговори на тој јазик, дополнително на македонскиот. Кое било лице може да употребува кој било службен јазик за да комуницира со главна kaцеларија на централната влада, кој ќе му одговори на тој јазик, дополнително на македонскиот.

6.6. Во однос на локалната самоуправа, во општините каде одредена заедница сочинува најмалку 20% од населението на општината, јазикот на таа заедница ќе се употребува како службен јазик, дополнително на македонскиот. Во однос на јазиците на кои зборуваат помалку од 20% од населението во општината, локалните власти демократски ќе одлучат за нивна употреба во јавните тела.

6.7. Во кривични и граѓански судски постапки на кое било ниво, обвинетото лице или која било страна ќе има право на превод на државен трошок на сите постапки, како и на документи во согласност со соодветни документи на Советот на Европа.

6.8. Кои било лични документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот, исто така, ќе бидат издадени на тој јазик, дополнително на македонскиот јазик, во согласност со законот.

7. Изразување на идентиетот

7.1. Во однос на симболите, непосредно до симболот на Република Македонија, локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да поставaт симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата која што е во мнозинство во општината, со почитување на меѓународните правила и примени.

8. Имплементација

8.1. Уставните амандмани приложени во Анекс А, веднаш ќе бидат презентирани пред Собранието. Страните ќе ги преземаат сите мерки за да го обезбедат усвојувањето на овие амандмани во период од 45 дена по потпишувањето на овој Рамковен договор.

8.2. Усвојувањето на измените во законодавството утврдени во Анекс Б ќе биде во согласност со динамиката таму специфицирана.

8.3. Страните ја покануваат меѓународната заедница, што е можно поскоро да свика донаторска конференција, на која особено ќе се разговара за макро-финансиската помош; поддршката за финансирање на мерките кои ќе се преземаат за потребата на имплементирање на овој Рамковен договор, вклучувајќи ги и мерките за зајакнување на локалната самоуправа; и ревитализација и обнова во подрачјата погодени од борбите.

9. Анекси

Следниве анекси се составен дел од овој Рамковен договор.

А. Уставни амандмани
Б. Измени во законодавството
Ц. Имплементација и мерки за градење доверба

10. Завршни одредби

10.1. Овој Договор стапува на сила со негово потпишување.

10.2. Верзијата на англиски јазик на овој Договор е единствената автентична верзија.

10.3. Овој Договор се водеше под покровителство на претседателот Борис Трајковски.

Потпишан во Скопје, Македонија, на 13. август 2001 на англиски јазик.

АНЕКС А
УСТАВНИ АМАНДАМНИ

Преамбула

Сегашната Преамбула да се замени со јазик заснован врз концептите на индивидуални права и граѓанско општество како што следи:

Граѓаните на Република Македонија, преземајќи ја одговорноста за сегашноста и иднината на нивната татковина, свесни и благодарни на своите предци за жртвите и посветеноста во нивните заложби и борба за создавање на самостојна и суверена држава Македонија, и одговорни пред идните генерации за зачувувањето и развојот на се што е вредно од богатото културно наследство и соживотот во Македонија, еднакви во своите права и обврски кон заедничкото добро - Република Македонија - во согласност со традицијата на Крушевската Република и одлуките на АСНОМ, и на референдумот од 8 септември 1991 година одлучија да ја конституираат Република Македонија како самостојна, суверена држава, со намера да се воспостави и зацврсне владеењето на правото, да се гарантираат човековите права и граѓанските слободи, да се обезбеди мир и соживот, социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот, преку своите претставници во Собранието на Република Македонија, избрани на слободни и демократски избори, усвојуваат...

Член 7

(1) Низ цела Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

(2) Кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението исто така е службен јазик, и неговото писмо, како што е подолу специфицирано.

(3) Кои било лични документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот, исто така, ќе бидат издадени на тој јазик, дополнително на македонскиот јазик, во согласност со законот.

(4) Кое било лице што живее во единица на локална самоуправа во која најмалку 20% од населението зборуваат службен јазик различен од македонскиот, може да употребува кој било службен јазик за комуникација со регионалната канцеларија на централната влада, надлежна за таа општина; таквата канцеларија, ќе одговори и на тој јазик, дополнително на македонскиот. Кое било лице може да употребува кој било службен јазик за да комуницира со главната канцеларија на централната влада, која ќе одговори

на тој јазик, дополнително на македонскиот.

(5) Во органите на Република Македонија, кој било службен јазик различен од македонскиот јазик, може да се користи во согласност со законот.

(6) Во единиците на локална самоуправа каде што најмалку 20% од населението зборуваат одреден јазик, тој јазик и неговото писмо ќе се употребува како службен јазик, дополнително на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Во однос на јазиците на кои зборуваат помалку од 20% од населението во единицата на локална самоуправа, локалните власти ќе одлучат за нивна употреба во јавните тела.

Член 8

(1) Темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија се:

- основните слободи и права на човекот и граѓаните признати во меѓународното право и утврдени со Уставот;

- рамноправна застапеност на лица кои припаѓаат на сите заедници во јавните органи на сите нивоа и во други области од јавниот живот;

......

Член 19

(1) Се гарантира слободата на вероисповеста.

(2) Се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата.

(3) Македонската православна црква, Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква и другите верските заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот.

(4) Македонската православна црква, Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква и другите верски заедници и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи во постапка предвидена со закон.

Член 48

(1) Припадниците на заедниците имаат право слободно да ги изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особености на своите заедници, и да ги употребуваат симболите на својата заедница.

(2) Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на сите заедници.

(3) Припадниците на заедници имаат право да основаат културни уметнички, научни и образовни институции, како и научни и други здруженија заради изразување, негување и развивање на својот идентитет.

(4) Припадниците на заедници имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование на начин утврден со закон. Во училиштата во кои образованието се одвива на друг јазик се изучува и македонскиот јазик.

Член 56

(2) Републиката гарантира заштита, унапредување и збогатување на историското и уметничкото богатство на Македонија и на сите заедници во Македонија, како и на добрата кои го сочинуваат без оглед на нивниот правен режим.

Со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење.

Член 69

....

(2) За закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието донесува одлуки со мнозинско гласање на пратениците кои присуствуваат, во рамките на кои мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Македонија. Во случај на спор во рамките на Собранието во врска со примената на оваа одредба, спорот ќе го реши Комитетот за односи меѓу заедниците.

Член 77

(1) Собранието избира народен правобранител со мнозинско гласање од вкупниот број пратеници, во рамките на кои мора да има мнозинство гласови од вкупниот број на пратениците кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Македонија.

(2) Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. Народниот правобранител ќе посвети особено внимание за заштита на начелата на недискриминација и рамноправна застапеност на заеднците во јавните тела на сите нивоа и во другите области на јавниот живот.

Член 78

(1) Собранието ќе основа Комитет за односи меѓу заедниците.

(2) Комитетот го сочинуваат по седум члена, секој од редовите на Македонците и Албанците во Собранието и пет члена од редовите на Турците, Власите, Ромите и други две заедници. Секој од петте члена ќе биде од различна заедница; доколку помалку од пет други заедници се застапени во Собранието, Јавниот правобранител, по консултации со водачите на релевантните заедници, ќе ги предложи останатите членови надвор од составот на Собранието.

(3) Собранието ги избира членовите на Комитетот

(4) Комитетот ги разгледува прашањата од односите меѓу заедниците во Републиката и донесува мислење и предлози за нивно решавање.

(5) Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да донесува одлука во врска со нив.

(6) Во случај на спор меѓу пратениците во Собранието во врска со спроведување на постапката за гласање утврдена во членот 69(2), Комитетот ќе одлучи со мнозинско гласање дали ќе се се спроведе постапката.

Член 84

Претседателот на Република Македонија
....
- ~~ги предлага членовите на Советот за меѓунационални односи;~~

....

Член 86

(1) Претседателот на Републиката е претседател на Советот за безбедност на Република Македонија.

(2) Советот за безбедност на Републиката го сочинуваат: претседателот на Републиката, претседателот на Собранието, претседателот на Владата, министрите кои раководат со органите на државната управа во областите на безбедноста, одбраната и надворешните работи и тројца членови кои ги именува претседателот на Републиката. Пр именувањето на тројцата членови, претседателот ќе обезбеди Советот за безбедност како целина правично да го одразува составот на населението во Македонија.

(3) Советот ги разгледува прашањата сврзани со безбедноста и одбраната на Републиката и дава предлози на Собранието и Владата.

Член 104

(1) Републичкиот судски совет го сочинуваат седум членови.

(2) Собранието ги избира членовите на Советот. Тројца од членовите ќе бидат избрани со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, од кои мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Македонија.

Член 109

(1) Уставниот суд на Македонија го сочинуваат девет судии.

(2) Собранието избира шест судии на Уставниот суд со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Собранието избира 3 судии со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, во кое мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедници кои не се мнозинско население во Македонија.

Член 114

Локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, во кое мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедници кои не се мнозинско население во Македонија. Законите за локално финасирање, локални избори, општинските граници и за градот Скопје ќе се усвојуваат со мнозинство гласови присутните пратеници, во кое мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедници кои не се мнозинско население во Македонија.

Член 115

(1) Во единиците на локалната самоуправа, граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областа на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштита на околината, локалниот економски развој, локалните финансии, комунални дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието здравствената заштита и во други области утврдени со закон.

Член 131

(1) Одлука за пристапување кон измена на Уставот донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

(2) Нацртот за измената на Уставот го утврдува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и го става на јавна дискусија.

(3) Одлука за измена на Уставот донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

(4) За одлука за менување на Преамбулата, членовите за локална самоуправа, членот 131, која било одредба што се однесува на правата на членовите на заедниците, вклучувајќи ги особено членовите 7, 8, 9, 19, 48, 56, 69, 77, 78, 86, 104 и 109, како и одлука за додавање која било нова одредба која се однесува на предметот на тие одредби и членови, ќе биде потребно двотретинско мнозинско гласање од вкупниот број пратеници во кое мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедниците што не се мнозинско население во Македонија.

(5) Измената на Уставот ја прогласува Собранието.

АНЕКС Б

ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО

Страните ќе ги преземат сите неопходни мерки за да го осигураат усвојувањето на тука наведените измени во законодавството, во наведените временски рамки.

1. Закон за локална самоуправа

Собранието, во рок од 45 дена од потпишувањето на Рамковниот договор, ќе го усвојат ревидираниот Закон за локална самоуправа. Овој ревидиран Закон во ниту еден аспект нема да биде понеповолен за единиците на локална самоуправа и нивната автономија, отколку предлог-законот предложен од страна на Владата на Република Македонија во март 2001 година. Законот ќе вклучи надлежности во врска со прашањата наведени во делот 3.1. од Рамковниот договор, како дополнителни самостојни надлежности на единиците на локална самоуправа, и ќе биде во согласност со делот 6.6. од Рамковниот договор. Покрај тоа, Законот ќе предвиди дека кои било државни стандарди или постапки воспоставени со кои било други закони што ги засегат областите во кои општините имаат самостојни надлежности, ќе бидат ограничени на оние кои не ќе можат ефикасно да се воспостават на локално ниво; таквите закони натаму ќе го унапредуваат независното извршување на надлежностите на општините.

2. Закон за локално финансирање

Собранието до крајот на мандатот на овој состав на Собранието ќе усвои закон за финансирање на локалната самоуправа за да се осигура дека единиците на локална самоуправа имаат доволно ресурси да ги извршуваат своите задачи, според ревидираниот Закон за локална самоуправа. Законот особено ќе го предвиди следново:

- ќе им овозможи и ќе ги направи одговорни единиците на локална самоуправа да прибираат значителен износ на приходи од даноци;

- ќе обезбеди трансфер до единиците на локалната самоуправа на дел од централно прибираните даноци кои коренсподираат на функциите на единиците на локална самоуправа имајќи го предвид собирањето на даноци на нивната територија; и

- ќе осигура буџетска автономност и одговорност на единиците на локална самоуправа во областите на нивните надлежности.

3. Закон за општински граници

Собранието до крајот на 2002 година ќе усвои ревидиран закон за општински граници, земајќи ги предвид резултатите од пописот и релевантните упатства дадени во Законот за локална самоуправа.

4. Закони кои се однесуваат на полицијата лоцирана во општините

Пред завршувањето на мандатот на сегашното Собрание, Собранието ќе усвои одредби кои обезбедуваат:

- дека секој локален началник на полицијата е избран од страна на советот на засегнатата општина од листа која не содржи помалку од тројца кандидати предложена од страна на Министерството за внатрешни работи, меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедницата во мнозинство во општината. Во случај советот на општината да не избере ниту еден од предложените кандидати во рок од 15 дена, Министерството за внатрешни работи ќе предложи втора листа која не содржи помалку од тројца нови кандидати, меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедницата во мнозинство во општината. Доколку советот на општината повторно не избере кој било од предложените кандидати во рок од 15 дена, министерот за внатрешни работи,по консултација со Владата, ќе го избере локалниот началник на полицијата од двете листи на кандидати предложени од страна на Министерството за внатрешни работи, како и тројца дополнителни кандидати предложени од страна на Советот на општината,
- дека секој локален началник на полицијата го информира редовно и на барање, советот на засегнатата општина.
- дека Советот на општината може да му дава препораки на локалниот началник на полицијата во области кои ја вклучуваат јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот; и
- дека Советот на општината може годишно да усвои извештај во врска со јавната безбедност кој ќе биде доставен до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител (омбудсман).

5. Закони за државни службеници и јавна администрација

Собранието пред крајот на мандатот на сегашниот состав на Собранието ќе ги усвои измените на законите за државни службеници и јавна администрација за да се осигура правичната застапеност на заедниците во согласност со Дел 4.2. од Рамковниот договор.

6. Закон за изборни единици

Собранието, до крајот на 2002 година, ќе го усвои ревидираниот Закон за изборни единици, земајќи ги предвид резултатите од пописот и начелата предвидени во Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

7. Правила за Собранието

Собранието пред крајот на мандатот на овој состав на Собранието ќе го измени Деловникот за да овозможи употреба на албанскиот јазик во согласност со Делот 6.5. од Рамковниот договор, параграфот 8 подолу, и релевантните амандмани на Уставот предвидени во Анекс А.

8. Закони што се однесуваат на употребата на јазиците

Собранието до крајот на мандатот на сегашното Собрание ќе усвои нова легислатива која ја регулира употребата на јазиците во органите на Република Македонија. Оваа легислатива треба да обезбеди дека:

- На пленарни седници и во работните тела на Собранието, пратениците може да се обраќаат на јазиците споменати во Член 7, ставови 1 и 2 од Уставот (како што е

изменето во согласност со Анекс А);
- Законите ќе се објавуваат на јазиците споменати во Член 7, ставови 1 и 2 од Уставот (како што е изменето во согласност со Анекс А); и
- Сите јавни службеници може да го пишуваат своето име со писмото на кој било од јазиците споменати во Член 7, ставови 1 и 2 од Уставот (како што е изменето во согласност со Анекс А) во кои било службени документи.

Собранието, до крајот на мандатот на сегашното Собрание, исто така, ќе усвои нова легослатива за издавање лични документи.

До крајот на мандатот на сегашното Собрание, Собранието треба да ги измени сите релевантни закони со цел одредбите за употребата на јазиците да бидат во целосна согласност со оддел 6 од Рамковниот договор.

9. Закон за Народен правобранител

Собранието до крајот на 2002 година ќе го измени Законот за Народен правобранител, како и другите релевантни закони за да осигура:

- дека народниот правобранител ќе презема дејствија за одбрана на начелата на недискриминација и правична застапеност на заедниците во јавните тела на сите нивоа и во другите области на јавниот живот, и дека има соодветни ресурси и персонал во неговата служба кои ќе му овозможат извршување на неговата функција;

- дека народниот правобранител ќе формира децентрализирани канцеларии;

- дека Собранието посебно ќе го гласа буџетот на народниот правобранител;

- дека народниот правобранител ќе поднесува годишен извештај до Собранието и онаму каде што е тоа соодветно, по барање може да поднесува извештаи до советите на општините во кои се формирани децентрализираните канцеларии; и

- дека овластувањата на народниот правобранител се зголемуваат за да:

- му се овозможи пристап и можност да ги прегледа сите службени документи, а при тоа се подразбира дека народниот правобранител и неговиот персонал нема да откриваат доверливи информации;

- му се овозможи на народниот правобранител, до донесувањето на одлуката од страна на надлежниот суд, да го суспендира извршувањето на упрвениот акт, доколку тој определи дека актот може да произведе непоправлива штета за правата на заинтересираното лице.; и

- му се даде на народниот правобранител право пред Уставниот суд да ја оспори согласноста на законите со Уставот.

10. Други закони

Собранието ќе ги озакони сите законодавни одредби кои може да бидат неопходни во давањето целосен ефект на Рамковниот договор и ќе ги измени или ќе ги укине сите одредби кои не се во согласност со Рамковниот договор.

АНЕКС Ц
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И МЕРКИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ДОВЕРБАТА

1. Меѓународна поддршка

1.1. Страните ја поканувaaт меѓународната заедница да го олесни, набљудува и помогне имплементирањето на одредбите од Рамковниот договор и Анексите кон истиот, и бараат таквите напори да се координираат од страна на ЕУ, во соработка со Советот за стабилизација и асоцијација.

2. Попис и избори

2.1. Страните го потврдуваат барањето за меѓународно надгледување од страна на Советот на Европа и Европската комисија на пописот кој ќе се спроведе во октомври 2001 година.

2.2. Парламентарните избори ќе се одржат до 27 јануари 2002 година. Меѓународните организации, вклучувајќи го и ОБСЕ, ќе бидат поканети да ги набљудуваат овие избори.

3. Враќање на бегалците, ревитализација и обнова

3.1. Сите страни ќе работат да обезбедат враќање на бегалците кои се граѓани или имаат законски престој во Македонија и на раселените лица, во нивните домови, во што е можно покус временски период, и ја повикуваат меѓународната заедница, а особено УНХЦР, да помогне во овие напори.

3.2. Владата со учество на страните, 30 дена по потпишувањето на Рамковниот договор, ќе утврди акционен план за ревитализација и обнова на областите погодени од непријателствата. Страните ја повикуваат меѓународната заедница да помогне во формулирањето и имплементацијата на овој план.

3.3. Страните ја повикуваат Европската комисија и Светска банка, откога Собранието ќе ги усвои уставните амандмани наведени во Анекс А и ревидираниот Законот за локална самоуправа, брзо да свикаат состанок со меѓународните донатори за поддршка на финансирањето на мерките кои треба да се преземат со цел да се имплементира Рамковниот договор и Анексите кон истиот, вклучувајќи ги и мерките за јакнење на локалната самоуправа и реформа на полициските служби, потоа за макро-финансиска помош за Република Македонија и за поддршка на мерките за ревитализација и обнова, утврдени во акциониот план од ставот 3.2.

4. Развој на децентрализирана власт

4.1. Страните ја повикуваат меѓународната заедница да помогне во процесот на јакнење на локалната самоуправа. Меѓународната заедница особено треба да помогне во подготвувањето на неопходните законодавни измени поврзани со механизмите за финансирање со цел јакнење на финансиската основа на општините и создавање способности за финансиски менаџмент, и во измената на законот за општинските граници.

5. Недискриминација и правична застапеност

5.1. Земајќи ги меѓу другото предвид препораките на веќе формираната владина комисија, страните ќе преземат конкретни активности за зголемување на застапеноста на припадниците на заедниците кои не претставуваат мнозинство во Македонија, во државната администрација, војската и јавните претпријатија, како и за подобрување на нивниот пристап кон јавното финансирање за развој на деловните активности.

5.2. Страните се обврзуваат да обезбедат дека до 2004, полициските служби генерално ќе го одразат составот и распределбата на населението во Македонија. Како почетен чекор за постигнување на ова, страните се обврзуваат да осигураат дека 500 нови полицајци од заедниците кои не се мнозинско население во Македонија ќе се ангажираат и обучат до јули 2002, и дека тие полицајци ќе се распоредат во областите

каде живеат такви заедници. Страните, исто така, се обврзуваат дека други 500 такви полицајци ќе се ангажираат и обучат до јули 2003 и дека тие полицајци ќе се распоредат, на приоритетна основа, во областите низ цела Македонија каде живеат такви заедници. Страните ја покануваат меѓународната заедница да даде поддршка и помош во имплементирањето на овие обврски, особено преку проверка и селекција на кандидати и нивна обука. Страните ги покануваат ОБСЕ, Европската унија и САД да испратат експертски тим што е можно побрзо со цел да се оцени како најдобро да се постигнат овие цели.

5.3. Страните исто така ги покануваат ОБСЕ, Европската унија и САД да ја зголемат обуката и програмите за помош на полицијата, вклучувајќи:
- професионална обука, обука за човекови права и друга обука;
- техничка помош за реформа во полицијата, вклучувајќи помош во проверката, селекцијата и унапредувањето на процесите;
- развивање кодекс за однесување на полицијата;
- соработка во поглед на планирање на транзицијата за ангажирање и распоредување полицајци од заедници кои не се во мнозинство во Македонија; и
- распоредување, колку што е можно побрзо, меѓународни набљудувачи и полициски советници во чувствителните области, преку соодветни аранжмани со релевантните власти.

5.4. Страните ја покануваат меѓународната заедница да помогне во обуката на адвокати, судии и обвинители од припадници на заедниците кои не претставуваат мнозинско население на Македонија со цел да се зголеми нивната застапеност во судскиот систем .

6. Култура, образование и употреба на јазиците

6.1. Страните ја покануваат меѓународната заедница, вклучувајќи го и ОБСЕ, да ја зголеми помошта за проекти во областа на медиумите, со цел натамошно зајакнување на радио, ТВ и печатените медиуми, вклучувајќи и медиумите на албански јазик и мултиетничките медиуми. Страните, исто така, ја покануваат меѓународната заедница да ги зголеми програмите за професионална обука за медиумите за припадниците на заедниците кои не претставуваат мнозинско население на Македонија. Страните, исто така, го покануваат ОБСЕ да ги продолжи напорите за проекти наменети за подобрување на меѓу-етничките односи.

6.2. Страните ја покануваат меѓународната заедница да обезбеди помош за имплементација на Рамковниот договор во областа на високото образование.

**Прилог бр.3**

**Прилог бр.4**




**Карта на СФРЈ-Во чиј состав влегуваа шест републики и две автономни покраини**

**Пролог бр 5**




**Карта на Македонија со областите опфатени од конфликтот-Обележани се со жолто**

**Прилог бр.6**



**Грбот на Република Македонија**

**Прилог бр 7**




**Шема на системот за безбедност и одбрана на Република Македонија**

**Прилог бр.8**




**Амблемот на УЧК**

**Хронологија на настаните за време на конфликтот**

**-1 февруари 1990 г-околлу 2000 Албанци протестирале во Тетово,барајќи независност на регионот во Западна Македонија,каде Албанците биле мнозинско население.**

**-20 ноември- после усвојувањето на уставот,Република Македонија станала независна држава. На специјалната седница на парламентот,за усвојување на Уставот на Република Македонија ,била бојкотирана од страна на ПДП-НДП**

**-11јануари 1992 г- бил одржан референдумот за автономија на Албанците во западниот дел од Македонија-вклучувајки ја Илирида.Референдумот и резултатите на референдумот се прогласени за нелегални од страна на македонските власти.**

**-31 март 1992 год-поголем број на етнички Албанци демонстрирале во Скопје,барајќи од меѓународната заедница да не ја признае македонската држава се додека не добијат автономија во деловите на државата каде се тие мнозинство.**

**-6 ноември 1992г.-во судирите помеѓу македонската полиција и етничките Албанци на Бит-пазар во Скопје,загинале 4,а 36 етнички Албанци биле повредени.**

**-15 февруари 1995 г.-2000 Албанци се собираат на отварањето на нелегалниот универзитет на албански јазик во Мала Речица-Тетово.После ова следувале протести низ целата држава од страна на македонските студенти и средношколци.После два дена универзитетот е затворен а во немирите еден Албанец е убиен.**

**-9 јули 1997 г.- на општинските згради во Тетово и Гостивар,било истакнато албанското знаме.Како резултат на тоа македонската полиција се судрила со демонстрантите во Тетово,при што тројца Албанци биле убиени.**

**-20 март 1999 г.-започнало бомбардирањето на СР Југославија од страна на НАТО,а Македонија прима 360 000 бегалци од кризните жаришта.**

**-11 јануари 2000 г.-на влезот на селото Арачиново,од заседа загинуваат полицајците Кирил Петрушевски,Ацо Ангелоски и Ерол Готак.**

**Танушевци и Тетово**

**-22 јануари 2001-Конфликтот неофицијално во Македонија започнува со нападот на полициска станица во Теарце**

**- 16 февруари 2001година во пограничното село Танушевци, новинарска екипа на А1 телевизија била заробена, а по одземањето на камерата новинарите биле ослободени. По ова започнуваат двонеделни препукувања меѓу безбедносните сили и терористите.**

**- 14 март- бојното поле се префрлило во Тетово, во месноста Кале биле регистрирани вооружени напади врз безбедносната полиција.**

**- 23 март- од страна на властите воРепублика Македонија била донесена одлука за голем напад врз позициите на ОНА. Македонската армија им нанела голем пораз на припадниците на ОНА. Според некои извори, Албанците сепак не биле спремни и не очекувале таков напад во тоа време од страна на македонската полиција.**

**- 28 април на патот меѓу селата Селце и Вејце во Тетово, 16 припадници на безбедносните сили на Македонија при патролирање наишле на заседа, при што загинле осум, а шест војници припадници на безбедносните сили на Македонија биле повредени. Според извршената обдукција, утврдена по смртта, било утврдено дека телата на убиените полицајци и војници по смртта биле дополнително масакрирани. По ова, нниз поголемите градови во Република Македонија започнал голем револт на месното население. Македонските власти, во меѓувреме упатиле повик кон ОНА за прекин на огнот кој истиот не бил прифатен.**

**- 4 мај- околу 4.000 албански герилци од Косово упаднале на македонска територија и освоиле голем дел од северниот дел на Македонија, главно во околината на Куманово. Со ова, се отворил уште едно бојно поле. Борби се воделе во селата Слупчане, Ваксинце,Матејче,Липково, Оризаре, Отља итн. Развојот на војната во тој момент бил на страната на ОНА. По ова следеле двонеделни позициони борби.**

**- 24 мај- македонските безбедносни сили започнале голема акција во селата Ваксинце и Слупчане при што било ослободено Ваксинце.**

**-9 јуни нова акција за ослободување на останатите окупирани села главно во Слупчане, Матејче, Оризаре, Отља итн.**

**- 9 јуни 2001 година- ОНА го зазела Арачиново, село кое географски се наоѓа на само неколку километри од Скопје. Преку Арачиново, кое станало едно од главните седишта на ОНА, албанските бунтовници се заканувале дека ќе го нападнат и Скопје, пред се парламентот и владата. Главен командант на Арачиново бил командант Хоџа или Џезаир Шаќири.**

-22 јуни- македонските безбедносни сили ја започнале решителната офанзива за чистење на теренот од албанските екстремисти во селото. Следниот ден, двата борбени авиони "сухој" 25“ на македонската воена ескадрила, управувани од пилоти на АРМ, ги извршиле првите извидувачки дејства над селото. Македонските сили брзо напредувале, нанесувајќи им големи штети на албанските бунтовници. Според генералот Панде Петровски, кој командувал со арачиновската операција, АРМ располагала со околу 20.000 војници со оклопни батаљони и професионални екипажи, 54 тенка, со 120-130 минофрлачи, хеликоптери за воени дејства и доволно количество муниција за извршување на една завршна операција и целосно разбивање на ОНА. Битката траела само три дена, откако албанските бунтовници, истакнувајќи бели знамиња, дале знак дека се предаваат. Под покровителство на НАТО, било договорено да се евакуираат припадниците на ОНА, и од Арачиново да се преместат во Липково.Така, на околу 350 бунтовници им било дозволено да го напуштат селото со своето оружје, со помош на американските трупи кои служеле во КФОР и силите на НАТО во Косово,ОБСЕ и Мисијата на Европската Унија. На македонската страна и било наредено да се повлече. Како знак на ова, истата вечер неколку илјади Македонци се собрале пред парламентот во Скопје на протести, при кое зградата била заземена а протестот се претворил во масовни немири.

По Арачиново стапил договор за прекинување на огнот со цел да започнат преговори. Но во текот на Јули ОНА често го прекршувала договорот со напади врз полициските пунктови.

- 23 јули- ОНА ги нападнала македонските сили во Радуша и Тетовско. При нападот во Тетовско главна цел на ОНА била терор врз македонското цивилно население, при што голем број од Македонците од тетовските села биле протерани.

- 8 август 2001 година во 9:30 часот- Масакрот кај Карпалак се случи на на автопатот Скопје - Тетово откако армискиот конвој составен од пет возила и 120 резервисти влезе во заседа кај месноста Карпалак, при што биле убиени 10 припадници на резервниот состав на АРМ, а тројца се повредени во нападот што терористите на ОНА го извршиле.Во Карпалак од самиот почеток на воената криза имаше полициски пункт, а без знаење на Министерството за одбрана истиот беше повлечен на два дена пред да се случи „Карпалак“. Повлекувањето на полицискиот пункт беше извршена со нечија наредба, причината за повлекување и кој го наредил од МВР не се познати.

-10 август 2001- околу 8 часот наутро, кај месноста Љуботенски Бачила на околу 5 km од с.Љуботен, камион на АРМ полн со муниција налетува на две нагазни мини поставени на патот. Во експлозијата гинат 8 војници од резервниот состав на АРМ. Веднаш по

**нападот почнува неколкучасовна престрелка меѓу ОНА и втората чета на Третиот баталјон, од каде што се и загинатите војници. Во текот на престрелката е извршен воздушен напад врз формацијата на ОНА со хеликоптери „ми-24“ и тие се повлекуваат. Истиот ден во селото пристигнуваат полициските единици под команда на Јохан Тарчуловски, при што наредниот ден пофторно започнуваат големи борби.**

**-13 август 2001 г.-1 потпишување на Охридскиот рамковен договор, бунтовниците се согласиле на примирје во јуни, но и покрај тоа бунтовниците продолжиле со препукувања врз целите на македонската полиција.**

**-22 до 27 август- разоружување на ОНА од страна на НАТО силите**

**Користена литература:**


1.Митре Арсовски,Стојан Кузев,Ристо Дамјановски,*Војната во Македонија во 2001 година,*Матица Македонска,Скопје2006 година

2.Панде Петровски,*Сведоштва 2001,*"Киро Дандарот",Битола 2006 година

3.*Ришард* Билски,*Пожари над Тетово,Македонија и нејзините соседи,Избори репортажи2001-2002,*Култура,Скопје 2002 година

4.Тодор Атанасовски,*Чекорење по кризата,*Книгоиздателство МИ-НА,Скопје2002 година

5.Јадранка Костова,*Незавршен мир,*Бата прес,Скопје 2003 година

6.Светомир Шкариќ,*Правото,силата и мирот,Македонија и Косово,*НИ"Култура",Скопје 2002 година

7.Ветон Љатифи,*Преговорите за постигнување на Охридскиот договор,*Фондација -Институт отворено општество -Македонија,Скопје 2008 година

8.*Охрид и потоа,Меѓуетничко истражување на кризата во Македонија,Institute for War and Peace Reporting,Lancaster House Islington High street,London N1 9LH,UK*

9.Сандра Исмановски,*Конфликтот во Република Македонија 2001 година:Тероризам или борби за права?,*Фондација-Институт отворено општество-Македонија,Скопје 2008 година

10.Петрит Менај,*ОНА порака и надеж,Том I и II,*Фондација Институт отвореноопштество-Македонија,Скопје 2008 година

11.http://zekirija –rexhepi *Iопшествено-политичките настани кај албанците во Македонија 1990-2001 год.*

12.http:/*Современа македонска одбрана*-меѓународно научно списаније за одбрана,безбедност и мир,Министерсрво за народна одбрана на Македонија,25,година XIII,Скопје, декември 2013 год.

13.http://www.nova makedonija бр.21854*петок 4.12.2009 година*

14.http://www.dv.de/%D *Ohridski ramkoven dogovor 2001-2011g.*

15.http://soros.org.mk/dokumenti,*Македонија-Господари на војната и бунтовници на Балканот,Џон Филипс,*Фондација институт отворено општество,Македонија 2009 година

16. www.rusi.org:*Спречување војна во Македонија,Превентивна дипломатија за 21 век,*Марк Лејти, РУСИ-Кралски институт на заеднички служби-превод од институт отворено општество- Македонија

17. http:www.dw.de/2001-%D1%82D1%80D0%B0%D1%9, *Трајковски за мировно-Ѓеоргиевски за воено решение на конфликтот*

18. http://www.seeu.edu.mk/files/research/project/OFA_MK_...

*Десет години од рамковниот договор*,Блелим Река,Тетово,2011 г

19.http://www.unicef.org/tfymacedonia,Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието,канцеларија на УНИЦЕФ,Скопје,ноември 2009 година

20. http://www.dw.de/не е се така црно во меѓуетничките односи во Македонија

21. http://tolerancija.kauza.mk/меѓуетнички соживот

22. http://24vesti.mk/-влошени-меѓуетничкиодноси во Македонија

23. http://www.makdenes.org/content/article/24994515.htmlВо Македонија влошени меѓуетничките односи

24. http://www.soros.org.mk/dokumenti/ANALIZA-NA-MEGJUETNICKITE-ODNOSI.pdf

25.http://www.globusmagazin.mk/?ItemID=B3B277E81B1849449259E9846CE7F101неделен весник "Глобус",Карпалак и по 12 години неразјаснет,прва стр.13.8.2013година

26. http://portalb.mk/113573-tirana-i-thote-jo-shqiperise-se-madhe/

27. http://gazetatribuna.com/lajme/shqiperia-e-madhe-dhe-shantazhet-ruse/

Содржина

Вовед......................................................................................................4

1, Положбата на Албанците во НРМ/СРМ................................................8

1.1. Верскиот фактор и односот на малцинствата од муслиманска вероисповед во СФРЈ.......................................................................12

1.2.. Образованието на Албанците во СРМ. ...........................................14

2. Односите помеѓу Македонците и Албанците во Република Македонија по распадот на СФРЈ..........................................................................17

2.1. Предвесници на конфликтот од 2001................................................20

2,2 Почеток на конфликтот........................................................................27

2.3. Ескалација на нападите.......................................................................30

2.4. Битката кај Арачиново.........................................................................33

2.5 Случувањата на Карпалак.....................................................................37

2.6. Контроверзите околу Љуботенски бачила........................................43

3. Склучување на Рамковниот договор.....................................................47

3.1. Ставот на Албанците.............................................................................54

3.2. Албанците и имплементацијата на ОРД.............................................64

3.3. Односот на Меѓународната заедница,ЕУ, и САД...............................66

4. Зошто Македонија ја изгуби војната......................................................72

5. Последици од војната............................................................................75

6. Хашки случаи ........................................................................ 79

7. Сведоштва ........................................................................ 87

Заклучок ........................................................................ 89

Прилози ........................................................................ 94

Хронологија на настаните за време на конфликтот ........................................ 114

Користена литература ........................................................................ 118

Содржина ........................................................................ 120